УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ
МЕЃУНАРОДЕН СЕМИНАР ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА

# XXXIV НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

## НА XL МЕЃУНАРОДЕН СЕМИНАР ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА

ОХРИД, 13 – 30 VIII 2007

**ЛИНГВИСТИКА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ**

**Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ**
**Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура**

# XXXIV НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

**на XL меѓународен семинар**
**за македонски јазик, литература и култура**

(Охрид, 13. - 30. VIII 2007)

*ЛИНГВИСТИКА*

Скопје,
2008

# КУЛТУРНО-ЈАЗИЧНИТЕ ИНТЕРФЕРЕНЦИИ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ВО СЛОВЕНСКИ И БАЛКАНСКИ КОНТЕКСТ

*Рина Усикова*

# ВРСКИ МЕЃУ МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК И ДРУГИ БАЛКАНСКИ ЈАЗИЦИ
*(лингвистички и социолингвистички аспекти)*

Македонската јазична (дијалектна) територија се наоѓа на југозападна словенска јазична периферија, но од друга страна – во центарот на Балканскиот Полуостров и е опкружена со словенски и несловенски балкански јазици (односно јазиците чиишто родени говорители живеат на Балканот). На балканските јазици и етносите им се својствени доста особености и општи црти во јазичниот менталитет: 1) да зборуваат на мајчин јазик (дијалект), но да знаат и да разбираат соседни балкански јазици за да живеат во контакт со соседите; 2) да знаат и да зборуваат колку што можат на престижниот државен јазик зависно од државата што владее со територијата во дадениот историски период – Османска Империја, Југославија, Република Македонија, Албанија итн.

Во текот на многу векови, кога народот уште немал никакво школско образование, неофицијалното јазично комуницирање меѓу балканските етноси се одвивало на дијалекти. Секој етнос зборувал на свој дијалект, но за да се разберат со соседите, а и да го зачуваат својот јазик (дијалект), тие примале некои особености од јазикот на соседниот етнос. На тој начин се сложи таканаречен Балкански јазичен сојуз со доста слична граматичка структура во балканските јазици, со меѓујазична интерференција на граматички и лексички план и со билингвизам и полилингвизам кај говорители на соседните балкански говори. (Во Македонија тоа се главно Македонци и Албанци како најмногубројни).

Кога македонската географска територија влегувала во состав на Османската Империја, државен и најпрестижен бил турскиот јазик, во првата половина на XX век – српскиот јазик (државен јазик на Кралството Југославија), по Втората светска војна, во новообразувана Република Македонија во состав на Федеративна Република Југославија – српскохрватскиот јазик како општодржавен јазик на Југославија и македонскиот јазик како официјален службен јазик на Република Македонија.

Треба да подвлечам дека е многу важно на кој јазик работеа црквата и училиштата: кон крајот на XIX и почетокот на XX век во Македонија тие работеа на бугарски или на грчки зависно од црковното потчинување, во првата половина од XX век црквата и училиштата работеа на српски (до образувањето на Република Македонија и кодифицирањето на литературниот македонски јазик), потоа во училиштата – на македонски со задолжително предавање и на српскиот.

Соодносот меѓу престижниот државен (официјален) јазик за официјална јазична комуникација и мајчиниот јазик (дијалект) како средство за неофицијална комуникација се пројавувал и се пројавува во диглосија: во различните историски периоди пред 1991 г. во Македонија кај Македонци тоа беше турско-/српско-македонска диглосија, кај Албанци – турско-/српско-македонско-албанска полиглосија. Истовремено може да се говори за би- и полилингвизам на соседните балкански етноси при неофицијалната комуникација.

Во соседната држава – Република Албанија, каде што државниот јазик е албански, има реони со македонско население (над 3000 жители) и таму покрај главниот државен албански јазик се предава и македонски (единствена странска земја каде се предавал македонскиот може да се рече скоро од неговото кодифицирање). Во Албанија постои албанско-македонска диглосија и билингвизам кај Македонци.

Во Република Македонија во населби со албанско население постоеја и постојат училишта со предавање на албански јазик, но и македонски, ако не се лажам, треба да се предава во нив. Од друга страна, многу Албанци во Република Македонија учат во училишта со македонски јазик, кој е примен како средство за официјална јазична комуникација во републиката. Значи, можеме да говориме за билингвизам кај Албанците и за македонско-албанска диглосија во Република Македонија.

Како што се знае, литературниот македонски јазик беше кодифициран во 1945 г. и оттогаш помина пат на многу интензивен развој. Како и другите литературни јазици на Балканот, тој се карактеризира со умерен пуризам и иако нагласи дека ќе ја зема лексикатата од сите македонски дијалекти, требаше да зема терминолошка научна, политичка, административна и културна лексика од други јазици, бидејќи таква лексика во дијалектите скоро не постои.

Заемањето на терминолошката лексика од други јазици беше поврзано меѓу другото со културни и политички контакти. Така, при крајот на XIX век се заемала прво бугарска лексика, после српска. Од бугарската лексика во македонскиот литературен јазик останаа неколку лексеми како, на пример, *офицер, айтека.* Крсте Мисирков во литературниот македонски јазик создаден од него (1903 г.) користеше главно македонска лексика од дијалекти, но терминологијата ја заемаше од рускиот (до 40% русизми). Во периодот од 1945-50 г. во штотуку коди-

фицираниот литературен македонски јазик имаше доста заемки од рускиот, кои потоа беа избришани од политички и културолошки причини и заменети со македонски зборови и изрази.

Бидејќи во Југославија во првата половина од XX век главниот официјален јазик беше српскохрватскиот, целиот терминолошки корпус во македонскиот јазик (прво во устен разговорен и некодифициран писмен јазик, а потоа и во кодифициран литературен) е земен од српскиот со заемање или со калкирање на лексеми. Српскохрватскиот литературен јазик исто така беше посредник при заемањето на интернационализми и други странски зборови во македонскиот литературен јазик сè до распаѓањето на СФРЈ.

По распаѓањето на Федеративна Југославија и создавањето на суверена Република Македонија македонскиот литературен јазик ги прошири своите функции (во надворешни врски, во армијата), а функциите на српскиот јазик како државен беа ликвидирани. Истовремено српскиот јазик ја загуби улогата на посредник при заемањето на странската лексика. Главна улога во збогатувањето на лексичкиот состав на македонскиот литературен јазик со терминологија почна да игра англискиот (американски) јазик како јазик на светската глобализација.

Како што реков, во Република Македонија покрај основниот етнос – Македонци, живеат и други балкански етноси. Така, западна и југозападна Македонија (од македонските говори тука се наоѓаат битолски, преспански, охридско-струшки, кичевски, дебарски, долнорекански, гостиварски и тетовски говори) е населена и со Албанци кои имаат свои говори, и со Власи чиј број е мал, и со Турци коишто почнале да се селат овде во периодот на османското владеење.

Соседните балкански разноетнички дијалекти контактираат помеѓу себе и со тоа се зближуваат, меѓу нив се создава јазична интерференција. Пред сè интерференцијата се појавува во лексиката. Во македонските говори во несловенската лексика спаѓа не само албанската туку и лексиката од историски престижни (државни) јазици – грчка (византиска), подоцна турска и попосле српска. И во албанските говори исто така има интерференција со македонска лексика, а и со грчка, турска и српска.

За албанско-македонски јазични контакти и заемни влијанија имаа пишувано многу научници, меѓу нив се и македонските – О. Јашар-Настева, Б. Видоески и др. Во 2005 г. излезе од печат многу интересна монографија на таа тема на професорот на Филолошки факултет „Блаже Конески“ во Скопје Агим Пољоска, каде што меѓу другото се резимираат некои претходни истражувања од различни научници и се дава подробен индекс на заеднички албански и македонски дијалектни лексеми од различно потекло (Пољоска 2005, с. 121-227). Како приме-

ри од овој индекс ќе наведеме само некои заеднички лексеми од сферата 'роднини' и 'животни' со македонски правопис и со превод на руски: *бир* 'сын', *нуса* 'молодая жена', *нона* 'мать', *фис* 'племя, род, поколение'; *чайа* 'цапля', *кеч* 'козленок', *даше* 'баран' итн., а исто така и некои заеднички заемки во албански и македонски говори од други балкански дијалекти – *веленце* 'одеяльце, коврик, покрывало' (новогрч., влаш., алб.; се среќава и во општонародниот разговорен македонски јазик), *мистрија* (алб., грч., срп., буг.) 'лопатка штукатура', *нунко* (балк. лат., алб., грч.) 'кум; крёстный'. Во индексот на заедничката македонска и албанска дијалектната лексика А. Пољоска наведува називи на видови овошје, на диви животни што се водат во овие краишта, на постројки, селскостопански орудија, кујнски садови и други цивилизациски битови термини. Покрај предметните заемки во албански дијалекти, има словенски емоционално-експресивни зборови, како што го има забележано А. М. Селишчев (Селишчев 1931): За жал, во индексот на општите македонски и албански лексеми, наведени во монографијата на А. Пољоска, има главно именки и скоро нема глаголи (како исклучок можам да наведам *спастри* 'привести в порядок').

Петстогодишното владеење на Османската Империја на Балканот изигра голема улога кај сите балкански јазици и дијалекти во формирањето на интерференција со официјалниот турски јазик и со соседните турски дијалекти, што создало полилингвизам и полиглосија кај населението. Тоа се објаснува со интензивни економски, трговски, културни, битови меѓудијалектни и официјални јазични контакти во османската држава. Ќе наведеме само неколку примери од турските заемки во албански и македонски говори: *абраш* 'блондин; рыжий с веснушками', *белезица/белеѓзија* 'браслет', *ќерпич* 'необожженный кирпич', *пастрма* 'бастурма', *чорба* 'похлебка', *џаде* 'шоссе' (земено од монографијата на А. Пољоска).

Лексиката од грчки јазик во македонските и други јужнословенски дијалекти и балкански јазици главно се заемала во византискиот период и делумно е поврзана со христијанството. На пример: *икона* '1. *церк.* икона; 2. фотография любимого человека, кумира', *леунка* 'роженица', *ќерамида* 'черепица', *ливада* 'луг' итн. (Пољоска). Во македонските говори од Егејска Македонија секако има многу грчки зборови и македонско-грчка диглосија.

Блаже Конески во својата „Историја на македонскиот јазик" (Конески 1967), одбележува на с. 217 дека во западните македонски говори нема многу албанизми, додека во албанските говори има доста словенизми во топонимијата на Албанија и во професионални жаргони (таканаречени „тајни јазици"), на пример, во жаргонот на ѕидари што работеа во различни реони на Балканот (в. за тоа и кај Селишчев 1931).

Агим Пољоска во својата монографија пишува дека од македонските југозападни дијалекти во албански говори се заемаат и некои фонетски особености, зборообразувачки елементи, калкирани и полукалкирани лексеми, а исто така и некои граматички морфосинтаксички структури како белег на развојот на понатамошно балканизирање на дијалектите во овој регион. Во албанскиот тоа се, на пример, граматички глаголни конструкции (ги даваме на македонски јазик): а*) има / нема* во безлична форма од 3 л. едн. + глаголска именка со значење на процес или состојба, на пр. *има разбирање, има мислење* (рус. 'есть понимание, существует мнение'); б) форми на резултативот со помошниот глагол *има / нема* + придавка на *-но/-шо*. Посебно треба да истакнам една важна граматичка особеност, што им е својствена на бугарскиот, македонскиот и албанскиот, но, ако не се лажам, не постои во другите балкански јазици – тоа е категоријата на субјективната модалност со семантика на прекажување на туѓа информација, на неверодостојност и сомневање во однос на туѓа информација, а исто така адмиратив – чудење на говорителот од неочекуван резултат на дејството. Таа модална категорија се формирала под влијание на турскиот јазик (иако не е балкански) прво во североисточните бугарски говори каде што живееле доста турски преселници, а потоа на бранови се проширила врз сите бугарски и македонски дијалекти. Во бугарските и македонските дијалекти таа категорија е образувана врз базата на стариот словенски перфект (резултатив) *сьм / сум* + глаголската форма на *-л*. Меѓу бугарскиот и македонскиот граматички систем за изразување на субјективната модалност за прекажаност / неверодостојност и на резултативот има формални разлики. На пример, во македонскиот нема посебни форми за засилено изразување на недоверба на говорителот при прекажување на туѓа информација: неверувањето се изразува имплицитно или со лексички додавања кон модалната прекажана форма. Во западните македонски говори резултативот се изразува со помошниот глагол *има / нема* + придавка на *-но/шо*, а прекажаните форми – по моделот *сум+-л*-форма што дава можност да се изрази прекажување и во резултатив – *имал / немал* + *-но/-шо*, на пример: *ши си ѓо имал видено* (рус. 'ты, якобы, это видел'). Литературниот македонски јазик, кој се опира на современи особености на различни македонски дијалекти, го изразува резултативот и по моделот *има /нема* + *-но/-шо*, и по моделот *сум* + *-л*-форма. За разлика од бугарскиот и од македонскиот јазик, во албанските говори модалната категорија за неверодостојност и адмиративот се изразува со помошниот глагол 'има / нема'.

Како што веќе спомнав, во првата половина од XX век Вардарска Македонија влегуваше во состав на Кралството Југославија, а по Втората светска војна како една од републиките на федеративна Југославија – во

составот на СФРЈ, каде што официјален државен и затоа најпрестижен беше српскохрватскиот јазик, а македонскиот литературен јазик беше официјален службен јазик на Социјалистичка Република Македонија. Во таа република училиштата работеа главно на македонски јазик, но задолжително се учеше и српскохрватскиот. Така на официјално јазично ниво се формира српско-македонска диглосија, а на неофицијално – билингвизам кај Македонците и српско-македонско-албанска полиглосија и полилингвизам кај Албанците во СРМ. По создавањето на суверената македонска држава – Република Македонија српскиот јазик ги загуби официјалните позиции, не се предава во училиште задолжително, младите генерации скоро не го знаат, меѓутоа постарите го памтат и дури го сметаат за престижен јазик при комуницирање со странци (тоа главно се однесува на не многу писмени луѓе).

Историски на Балканот така се случува, што кога престижниот јазик ги губи своите позиции во официјалната комуникација, тој така да се рече „паѓа" долу – на нивото на разговорен јазик (дијалект) како јазично средство за исклучиво неофицијалната комуникација. Во Македонија така беше со турскиот, а во поново време со српскиот. Во разговорниот македонски, во дијалекти, во жаргони, на пример во младешкиот жаргон, опишан во речникот на Томислав Треневски (Треневски 1997), има многу србизми од литературниот и од разговорниот или дијалектен српски јазик како последица од жива неофицијална и официјална комуникација пред 1991 г., при тоа македонски говорители ги сметаат овие заемки за свои, македонски зборови.

Последните години има некои промени во статусот на албанскиот јазик во Република Македонија. По познатите меѓуетнички албанско-македонски конфликти 2001 г. беше потпишан Охридски рамковен договор кој им дава право на Албанците во реоните, каде што ги има над 20% од целото население, да користат албански јазик како службен на локално ниво. Настанаа некои промени и на културно ниво: сега во Македонија работат шест универзитети, при тоа во три од нив предавањата се вршат не само на македонски туку и на албански, а во некои дури и на англиски јазик. Претставниците на албански политички партии се изборија да држат говори во Народното собрание на Република Македонија на албански јазик со симултан превод на македонски. Македонски државјани на Македонија порано не беа заинтересирани да се служат со албански јазик, бидејќи тој не беше престижен, но сега се отворија различни курсеви по албански јазик и таму учат, на пример, и адвокати, зашто треба да го знаат јазикот на своите клиенти - Албанци, и млади Македонци, зашто мислат дека со знаење на повеќе јазици полесно ќе си најдат подобра работа. Секако во републикава голема популарност доби и англискиот јазик меѓу пообразованите и културни луѓе.

Сепак треба да истакнам дека во Република Македонија официјален државен јазик е македонскиот литературен јазик и затоа е најпрестижен. И макар што социолингвистичката ситуација донекаде се менува, таа сè уште се карактеризира со би- и полиглосија, а во неофицијалното меѓуетничко јазично комуницирање, како и порано – со би и полилингвизам.

## *Литература*


1. **Бернштейн С. Б.**: *А. М. Селищев – славист-балканист.* Москва, 1987.
2. **Конески Б.**: *Историја на македонскиот јазик*, Скопје, 1967.
3. **ПољоскаА.**: *Прилог кон проучувањето на македонско-албанските јазични контакти.* Скопје, 2005.
4. **Селищев А. М.**: *Славянское население в Албании*, София, 1931.
5. **Треневски Т.**: *Речник на жаргонски зборови и изрази.* Скопје, 1997.
6. **Усикова Р. П.**: *Грамматика македонского литературного языка.* Москва, 2003.
7. **Цивьян Т. В.**: *Модель мира и ее лингвистические основы.* Москва, 2006.

*Виктор Фридман*

# КУЛТУРНО-ЈАЗИЧНИТЕ ПОЈАВИ КАЈ ЃОРЃИ ПУЛЕВСКИ

*Речник од три језика / Fjaljtor nka tre gjuha / Ljugat uch lisaniden* од Ѓорѓи Пулевски (1975) е богат извор за дијалектологијата и јазичниот контакт на почвата на Македонија во деветнаесеттиот век. Иако речникот веќе е предмет на проучување на многу научници, на пр. Çabej 1971, Фридман 1990, Хазаи 1963, Јашар-Настева 1984, 1996, Јашар-Настева и Конески 1984, Конески 1967, 1974, 1985, Ристовски 1974, Хамити 2005, и други, сепак богатството на речников е такво што има место за уште повеќе анализа. Во овој мој придонес, би сакал да обрнам внимание на споредбата на еден параграф што е многу добро познат во неговата македонска верзија, но којшто во албанскиот и турскиот превод покажува како Пулевски многу модерно ги сфатил поимите националност и државност.

Од првата страница на својот *Речник* Пулевски истовремено посочува на важноста на знаењето на многу јазици како и потребата за образование на мајчин јазик. Како што посочува Јашар-Настева (1996), една интересна карактеристика на речникот на Пулевски е фактот дека во извесни случаи тој не преведува буквално, туку со културни еквиваленти. Така на пример, во списокот почесни титули каде што пишува – на македонски *свештеник* и на албански *prift,* на турски пишува *imam*, т.е. муслимански еквивалент, а не турскиот збор за *свештеник*, што би бил *papaz* (Пулевски 1875:109). Има цел ред такви примери, но овде сакам, како што реков погоре, да разгледам еден параграф од особена важност, досега познат на македонската публика само во неговата македонска верзија.

Прво, вредно е да го ставиме параграфот во неговиот контекст. На стр. 44 во средината има едно прашање: Кољку наречија славјански има в Македонија, кажими ако знаеш. Потоа следуваат многу интересни етнографски и лингвистички детали, а на стр. 46 пишува: Кољку наречија имајед, сега во Македонија, кажими ако знаеш. Следуваат други интересни етнографски и лингвистички детали, со набројување на словенските етнографски групи, а почнувајќи со Јуруците ги наве-

дува и групите кои зборуваат други јазици во Македонија. Сето тоа го пишува само на македонски, па во средината на стр. 48 почнува повторно тријазична презентација со редењето на другите словенски народи, според Пулевски следниве: Руси [sic!], и Пољаци и Чеси и Срби и Словаци и Бугари и Хрвати. На крајот на стр. 48 доаѓа прашањето што доведува до параграфот интересен за нас: мак. Што се вељид народ. алб. Chish pouthojet njeraz. тур. Kavm neanilr.

Сега да го разгледаме одговорот, во којшто е содржана првата печатена формулација на македонската националност:

| Одг. | Уп. | Џув. |
|---|---|---|
| Народ се вељид. Људи који се од едеи род и који зборувајед едпакои збор. и који, живувајед и со другарад едеи, со. други, и који, имајед, једнакви, обичаји и песни и веселља, тије људите ји викајед народ а место, во које живувад. народ, со вељид отечество, од тоа, народ.<br>Така и Македонцитe се народ и местово нивно је Македонија. | Њераз, пооон, њеријат ика њпоис циљи јан еде циљи покувендоин. цат, ссси. хувенд, еде, цеља, пороин, еде шокуниснет, њи, моќетер. еде циљи, кишњеси ћит ссси адет еде канга еде газјарте, ата, њераза, поуооjет њераз, ано ве идни иде циља пороин, њерзи поуооjет атиија ика ата њераз.<br>Ашту еде шкипитарат јан њераз, еде вендин, етијсе поооjи Македонија циљи, пороин аќе. | Кавм анлр, нсан ќи, бир заделен олуб ве ангалер, дахи, бир џинс, мухабети, вар, ве англљер јашар ве ќечинирлљер бари обиралљен во ангљљерак бирџинс синарвши во турка ве шалјљиклари, вар, ол ерцољери. кавм, чаарирлар, ила јери ќи кавм, јашадаги, јерде, анилр, подерљак ол кавмин.<br>Дахи, македонлулар, кавмдир ве јерини дахи онларин анилр Македонија, хер, ќим, македонијада, јашарса, македонлу анилр. |

Првиот параграф е горе-долу идентичен во трите јазика и навистина нема никакви суштински разлики, особено ако допуштиме некои помодерни разлики во современата лексика. Но вториот параграф има интересни и суштински разлики, кои многу интересно ја изразуваат ситуацијата во Македонија пред повеќе од сто години, а сè уште се актуелни. За читателите на оваа статија македонскиот текст е јасен, но еве ги албанскиот и турскиот текст во современ македонски превод.

Албанскиот: Така и Албанците се народ, и оние коишто живеат тука нивното место го нарекуваат Македонија. (Ashtu ede shkipitarat jan njeraz, ede vendin, etijse pothojn Makedonija cili, poroin aqe.)

Турскиот: Уште, Македонците (по турски *makedonlular*) се народ (турски *kavm*) и нивното место се вика Македонија, секој којшто живее во Македонија се вика Македонец (*Makedonlu anılır*). (Dahi, makedonlular, kavmdir ve jerini dahi onlarin anilr Makedonija her, çim, makedonijada, jaşarsa, makedonlu anilr.)

И така, од трите параграфи се гледаат три реалности во тогашната и сегашнава Македонија. Во македонскиот се афирмира македонскиот народ како словенски народ меѓу другите словенски народи со Македонија како нивна татковина. Во албанскиот параграф се признава албанскиот народ како народ, од кој, одреден дел ја има Македонија како своја татковина (*vendin e tij*). А во турскиот параграф има класична формулација на признавање и на национално и на она што сега би се нарекувало граѓанско определување на идентитет: Македонците се народ со Македонија како татковина, а истовремено секој којшто ја има Македонија како татковина е Македонец, или можеби подобро, Македонијанец.

Со ова, можеме да направиме споредба со многу други места во светов, но да го земеме како пример Казахстан во Централна Азија. Секако, секоја земја има своја историја и свои специфичности, но сепак многу е интересно да се забележи дека во Казахстан се прави разилка меѓу *Казах* и *Казахсшанец* токму според етнички и граѓански идентитет. Гал и Клигман (2000:24-25, 123) даваат едно точно сумирање и бистра анализа на граѓански и национални идентитети кога пишуваат: „Далеку од заемна ексклузивност, граѓансконационализмот и етнонационализмот коегзистираат како различни позиции внатре во едно политичко поле, и двата се на располагање на елитите за возможно мобилизирање." Додека Ѓорѓи Пулевски може да се опише како припадник на елита само доколку беше писмен во Османската Империја на деветнаесетти век, сепак се трудеше да го определи истовремено како и македонскиот народно-национален идентитет така и македонскиот граѓанско-национален идентитет. Изделувањето на овие категории веќе долго време претставува предизвик (Фишман 1968). Сложеностите се исти во секоја европска етнонационална држава од Шпанија до Русија и од Норвешка до Грција, па и понатаму надвор од Европа. Нема ниедна таква држава која е едноетнична ниту еднојазична (барем во стварноста, на пр. според францускиот устав, сите граѓани на Франција се Французи (а не францијани) иако се уште се зборува на бретонски, каталански, баскиски, окситански, и др.) Секако, Ѓорѓи Пулевски живееше во Османската Империја на деветнаесеттиот век, и во речникот се претставува како верен субјект на „eljifshanli Sultan Abdul Aziz, azamet najslavnaje" (п. 67), но знаеме од неговата биографија дека исто така и учествувал во востанија (Конески 1974). Значи во Ѓорѓи Пулевски имаме една навистина комплексна и модерна личност, и тој со неговите искуства во неговата родна земја, многу добро ги разбирал сложеностите на народно-национален и граѓанско-национален идентитет и се трудел и двата да ни ги хармонизира во неговата работа, имајќи предвид дека тогаш, како и сега, Македонија била и е многујазична и многукултурна. Тој насочува мирно соживеење (Пулевски 1875:67) и се труди да артикулира еден поглед

според којшто македонскиот народ и сите луѓе за коишто Македонија е нивна татковина се вклучени. Од сето тоа може да извадиме три поуки. Прво, дека уште во времето на Пулевски имаше паметни луѓе кои го препознаваа фактот дека нема тотално совпаѓање на моделот јазик = народ = територија = држава. Второ, дека ова несовпаѓање сепак треба да се хармонизира со реалностите на етнолингвистичкиот идентитет, од една страна, и условите на многујазичното образование. И на крај, фактот дека постои еден текст како овој на Пулевски од деветнаесети век ја докажува природата на многујазичната историја на Македонија, една историја на која треба да се сеќаваме.

## *Литература*


1. **Ajeti, I.**: *Gjuha e „Divanit" të Sheh-Maliqit.* Gjurmime Albanologjike 3. 1966, 27-52. (reprinted in Studime gjuhësore në fushën të Shqipes 2.217-48, Prishtina, 1985).

2. **Çabej, E.**: *Значајот на делото на Ѓорѓи Пулевски – како претходник во културната преродба на албанскиот народ.* Бигорски научно-културни средби: Научен Собир I, 169-175. Гостивар. 1971.

3. **Fishman, J.**: *Nationality-Nationalism and Nation-Nationalism.* Language Problems of Developing Nations, 39-51. **New York, 1968.**

4. **Friedman,V.**: *Macedonian Language and Nationalism during the Nineteenth and Early Twentieth Centuries.* Balkanistica 2, 1975, 83-98.

5. **Friedman, V.**: *Gjorgji Pulevski: Fjalorët e tij dhe Rilindja Kombëtare Shqiptare dhe Maqedonase.* Konferenca shkencore e 100-vjetorit të Lidhjës Shqiptare të Prizrenit, Vol. 2, 245-256. Prishtina, 1990.

6. **Gal, S.; Gail K.**: *The Politics of Gender after Socialism.* Princeton: Princeton University, 2000.

7. **Hamiti, A.**: *Paralelja shqipe në dy fjalorët shumëgjuhësh të Gjorgji Pulevskit.* Skopje, 2005.

8. **Hazaj, G.**: *Rumeli ağizları tarihinin iki kaynağı üzerine.* Türk Dili Araştırmaları Yılığı Belleten, 1963. 117-120.

9. **Јашар-Настева, О.**: *За речниците на Ѓорѓи Пулевски и албанската паралела во нив.* Прилози на МАНУ – Одделение за лингвистика и литературна наука 9, 2, 1984, 43-56.

10. **Јашар-Настева, О.**: *Искажувањето на Ѓорѓи Пулевски за јазичната ситуација во Македонија.* Јазиците на почвата на Македонија. 33-51. Скопје, 1996.

11. **Јашар-Настева, О.**; **Конески Б.**: *Балкански јазични паралели на Ѓорѓи Пулевски.* Прилози на МАНУ – Одделение за лингвистика и литературна наука 9, 2, 1984, 57-63.

12. **Конески, Б.**: *Македонскиоѿ Ѓорѓи (Ѓорѓо) Пулевски*. За македонскиот литературен јазик, 253-265. Скопје, 1967.

13. **Конески, Б.**: *The Image of Gjogji Pulevski*. Translated by Victor A. Friedman. Macedonian Review, 4,1, 1974, 57-59.

14. **Конески, Б.**: *Белешки за Пулевски*. Прилози на МАНУ – Одделение за лингвистика и литературна наука 10,1, 1985, 75-79.

15. **Пулевски, Ѓ.**: *Речик од ѿри језика – Fjaljtor nka tre gjuha – Ljugat uch ljisaniden*. Београд, 1875.

16. **Ристовски, Б.** (ед.): *Ѓорѓија М. Пулевски – Одбрани ѿраници*. Скопје, 1974.

*Брајан Џозеф*

# ОПШТА И ЛОКАЛНА ДИЈАЛЕКТОЛОГИЈА НА БАЛКАНОТ: ПОДАТОЦИ ОД СЛОВЕНСКИТЕ ЈАЗИЦИ

## I. Вовед: Дијалектологијата и Балканот

Може да се утврдат две општи проучувања на дијалектологијата, едното може да го наречеме општо или **макродијалектологија**, а другото локално или **микродијалектологија**. Првото проучување ја разгледува најшироката можна област за да ги смести определените лингвистички карактеристики, додека второто се фокусира на најтесниот локалитет каде што се среќава определената карактеристика. На некој начин првата е „дијалектологија" на јазици, а втората е дијалектологија на локални говори.

Општиот пристап е применет за Балканот од страна на Хок во 1988, во она што тој го нарекува „дијалектолошко" проучување на балканска конвергенција. Тој сместува неколку балкански конвергентни појави во контекстот на поголемите типолошки поделби што ги има во Европа (на пр. изборот на волитивен глагол како помошен глагол за образување на идно време како основа во некои германски јазици (а тоа е англискиот), аналитичките компаративи во романските јазици итн.) и укажува дека балканската ситуација може да се сфати како дел од поопштите тенденции со такви карактеристики низ цела Европа.

Ова може да се спореди со локалниот пристап, прифатен, на пример, од страна на Хемп 1989а, кој на Балканот препознава разни интересни снопови од мали, а сепак мошне локализирани контактни зони, и нив ги смета како основа за определени балкански конвергентни белези.

До определен степен, општиот пристап ја оспорува вредноста на Балканската јазична лига, префрлувајќи ја конвергенцијата помеѓу словенските јазици на Балканот на статус на чисто подмножество од една поголема конвергентна област што го покрива поголемиот дел од Европа. Меѓутоа, тоа е толку голема област што некој може со полно право да праша каков вид контакт меѓу говорителите може да биде одговорен за конвергенција во толку огромен регион. Сепак, од особен

интерес за балканистите е да утврдат дали мора да применуваат толку широко проучување, или пак локалното проучување дава задоволувачки резулати кога се применува врз фактите од балканските јазици. Да се покаже успех со локалните проучувања, би бил еден начин да се оспорат тврдењата имплицитни во широкиот пристап на проучување на Балканот и би зборувал за валидноста на Балканскиот јазичен сојуз како особена контактна зона.

Мојата цел денес, затоа, е да покажам дека локалниот пристап има вредност и особено дека на таков начин навлегуваме во некои конвергентни аспекти на балканската јазична структура, фокусирајќи се на високото микрониво. Мојата анализа произлегува од подрачјето на фонологијата, со посебен осврт на примерите во кои се вклучени јужнословенските јазици. Секундарно, преку овие примери имам можност да ја нагласам важноста на **фамилијарноста** (**познатоста**) како фактор во определувањето на резулатите во ситуација на јазичен контакт.

## II. Локални конвергенции на Балканот што ги вклучуваат словенските јазици

Гледајќи во доста тесно дефинираните области на Балканот се покажуваат многу локални конвергенции, сите во голем степен се должат на билингвизам. Билингвизмот може да се оцени како типична локална појава, на ист начин како што јазиците вклучени во билингвизмот природно се котериторијални (заемно се на иста територија), го заземаат скоро истиот простор, додека говорителите живеат едни покрај други.

Хемп (1989b: 203) има особено убедлив пример за конвергенција со консонантите на гегискиот (северен) албански јазик во однос на локалните словенски говори со кои говорителите на гегискиот биле во контакт. Особено, различните гегиски дијалекти покажуваат реализација на разни фрикативи и африкати, секогаш во правец на доминантните словенски говори во определеното место. Тој детално ги наведува фактите, на следниов начин:

> Повеќето гегиски дијалекти (вклучувајќи го и гусињскиот) имаат заеднички консонантски карактеристики со соседните словенски јазици. Во северниот гегиски *ḱ* и *ǵ* се изговараат како африкати на ист начин како српскохрватското *ć* и *ʒ'* (според правописот *đ* или *dj*); во Дукаѓин во северна Албанија изговорот се менува во *ś* и *ź*. Во Косово се комбинираат, во албанскиот и во српскиот со *č* и *ǯ* (правописно *dž*), а македонскиот од овие парови ги има само *č* и *dž*; меѓутоа во македонскиот има и *ḱ* и *ǵ*. Во

> Тетово ги има следниве интерференциски иновации: **ḱ ǵ* > **ć ʒ'* > *č ǯ* и *ṯj ḏj > *ḱ ǵ*, и со тоа точно се како во македонскиот според дистинктивните белези.

Во вакви случаи, јасно е дека локалниот билингвизам е предизвикувачкиот фактор, што овие гегиски говорители, како резултат на живеење едни покрај други со словенските говорители со векови, го знаат и го зборуваат локалниот словенски идиом, и тоа знаење и употреба предизвикува навлегување – или подобро природен процес – во нивниот мајчин албански, т.е. она што може да се нарече „обратна интерференција“ од вториот јазик кон мајчиниот јазик (како што е покажано во многу студии на James Flege (убаво сумирано и прегледано во Bond, Markus, & Stockmal 2004)).

Вториот случај се однесува на вокалите, како што е претставено кај Sandfeld (1930: 146), Petrovici (1957), и Sawicka (1997) каде иницијалното *е* се менува во *је* во различни јазици на Балканот. Оваа промена е широко распространета низ словенските јазици, ја има и во старословенскиот, и се јавува во западните јужнословенски јазици (словенечки и бошњачки/хрватски/српски) и дијалектно во бугарскиот, меѓутоа веќе ја нема во повеќето бугарски и македонски говори. Но, тоа е општословенска црта и општото отсуство во бугарскиот и во македонскиот е секундарен (подоцнежен и релативно скорешен) развој. Се среќава и во романскиот, и општо се смета (како во Petrovici 1957, Popović 1960: 206, Rosetti 1964: 88, and DuNay 1977: 89) за словенска црта што има навлезено во романскиот, со претпоставка, уште еднаш, преку локализиран билингвизам што ги вклучува словенските говори пред дејотацијата во источните словенски јазици. Се среќава во заемки, т.е. *ieftin* 'евтин' (од источните словенски јазици), ама исто така и во автохтони форми, т.е. *el* 'тој' (изговорен како [jel]. Интересно е дека се појавува и во балканскиот турски (Sawicka 1997: 25, Asenova 2002: 34, го наведува и гагаузиски), т.е. родопскиот (балкански) турски *jel* 'рака', *jis* 'трага' (на друго место: *el*, *iz*) и гагауски *jilik* 'прв', *jüç* 'три' (на други места: *ilik*, *üç*), каде се вели дека е од словенско влијание, поконкретно од бугарскиот. Повторно ова може да се согледа како обратна интерференција од секундарно стекнатиот, ама широко употребуваниот (словенски) јазик во мајчиниот јазик (романски, балкански турски, или гагауски како што е овој случај). Тоа е документирано дури и во некои северни дијалекти на грчкиот: Newton (1972: 29), доближувајќи се на Phavis 1951, забележува [je] од претходното [e] на Халкидики (во северна Грција), како во [jékama] 'направив' (стандарден грчки [ékama]) и [jéxu] 'имам' (на стандарден [éxo]). Во случајот со грчкиот, има објаснување дека тоа е без контакт, од страна на Phavis, кој се повикува на „посилниот акцент што го имаат северните дијалекти“. Меѓутоа, словенското влијание се чини поверојатно (вклучувајќи го преземањето на словенски изговорни навики во грчкиот, преку грчко-сло-

венски билингвизам) припишувајќи му ја географската рестрикција на промена во рамките на грчкиот јазик на фактот што северот на Грција бил во голем степен славофонски; на фактот дека се употребува „[wó] за [ó] во грчкиот дијалект во Кожани и во другите делови на Македонија“ (Newton, idem), понатаму предлага словенско влијание, бидејќи таа промена е исто така добро познат словенски процес.

### III. Балканските ð и θ: Друга локализирана сноп-особина

Сега ќе се навратам на еден повеќе распространет пример кој покажува интересна разлика во резултатите зависно од одделниот јазик што учествува во контактот. Карактеристиката за која тука станува збор е појавата на *ð/θ* на Балканот, и тоа секако е друга локализирана сноп-особина.

Еве резиме на дистрибуцијата на овие два гласа: ги има во грчкиот, албанскиот, ароманскиот и на дијалектен план во македонскиот (на пр. Бобошчица (Јужна Албанија) и Нестрам, Горно Каленик и Поплжани (во Грција), но не во дакоромански от, ниту во бугарскиот. Меѓутоа, во грчкиот и во албанскиот, овие гласови се резултат од многу раните гласовни промени пред појавата на јазичниот сојуз, особено античкото грчко [$t^h$] > подоцна [θ] во грчкиот, а протоиндоевропското *k’ > [θ] (правописно < th >) во албанскиот.

Тоа значи дека, што се однесува на балканскиот јазичен сојуз, па според тоа и на дијалектологијата, дистрибуцијата на овие два гласа е интересна само за ароманскиот и за македонскиот, но за нив, локалниот друг јазик со кој се во контакт има влијание, со тоа што ð/θ се јавуваат само во дијалектите на македонскиот и на аромаскиот кои заемно се на иста територија со албанскиот и со грчкиот, со *ð/θ*.

На пример, Мазон 1936: 46 (види исто Afendras 1968: 70, 109, кој го цитира и Šramek 1934), забалежува дека во Бобошчица (во јужна Албанија) има ð/θ во заемки од албанскиот и од грчкиот, и се има проширено [ð], на место на [d], дури и во некои зборови од словенско потекло. Истото се среќава и во македонскиот говор во Нестрам во Грција (на грчки Nestorion) според Šmiger 1998:56-58, и Hill 1991 and Dvořák 1998 двајцата, кога го опишуваат македонскиот говор во Горно Каленик и во Поплжани (села во Грција блиску до границата со Македонија), ја наведуваат појавата на [ð] и [γ] во овие дијалекти, најчесто, но не и единствено во заемки од грчкиот; Hill 1991:24-25, на пример, за Горно Каленик ја наведува словенската форма *grado* ’градот‘, со интервокално [ð] на местото на етимолошкото [d] што се употребува во другите македонски говори, а и воопшто во словенските. Ова може да се спореди со односот кон грчките заемки во другите балкански словенски говори, каде,

на пример, грчкото *ðaskalos* 'учител' е прифатено како [daskal], со [d], адаптирано според повообичаените словенски фонолошки модели.

Со ароманскиот ситуацијата е слична. Различни дијалекти на ароманскиот биле во контакт со различни котериторијални други јазици – со грчкиот за ароманскиот во Грција, македонскиот (поопшто кажано словенски) за ароманскиот во словенската говорна територија) – и основен факт е дека различните аромански дијалекти покажуваат различни резултати во однос на *ð/θ (*и *γ)*, особено кај заемките.

Ароманскиот во Грција има фрикативи како во грчкиот, /θ, ð, γ/, во заемките од грчки (Sandfeld 1930: 103-4; Marioteanu et al. 1977), приспособени со алтернација:

/θ/: θámî 'чудо' (< Gr. *θávma*)
θimél$^{u}$ 'темел' (< Gr. *θemélio*)
θar 'храброст' (< Gr. *θáros*)
anaθima 'клетва' (< Gr. *anáθema*)

/ð/: ðáscal$^{u}$ 'учител' (< Gr. *ðáskalos*)
aðínat$^{u}$ 'немоќен' (< Gr. *aðínatos*)
ðíspoti 'деспот' (< Gr. *ðespótis*)

/γ/: aγru 'див' (< Gr. *aγrios*)
γambró, γrambó 'венчан' (< Gr. *γambrós*)

Додека структурно објаснување за фонолошката форма на овие заемки е применето од Marioteanu et al., 47, материјалите од ароманскиот во словенската говорна територија покажуваат дека таквиот пристап не може да држи. Marioteanu et al. предлагаат дека оклузивите во ароманскиот создаваат опозиција како квадрат и ја вклучуваат корелацијата на сонорност (звучност) и континуативност (продолженост), на пр. за лабијалите и за денталите (и исто за препалаталите и палаталите):

```
p — f      t — s
|   |      |   |
b — v      d — z
```

и сметаат дека /θ, ð, γ/ се сместуваат во вакви модели на квадрати со фонолошки опозиции кај денталите и веларите. За нив, системот е „зрел" за прифаќање на заемки без приспособување:

```
t — θ      k — h
|   |      |   |
d — ð      g — γ
```

Меѓутоа, ароманскиот на словенска говорна територија, според Saramandu 1984: 432, може да се сфати дека има исти внатрешни структурни притисоци на фонолошки опозиции како во другите дијалекти, но се зборува во област на опкруженост со друг втор јазик, и, што е многу важно, покажува различни резултати во заемките од грчки. Особено, плозивите (/t d g/) се среќаваат како гласови во грчките заемки, кои пак се фрикативи во ароманскиот што се зборува во Грција, на пр.:

**t**imél'$^{u}$ 'темел' (Grk *θemélio*)
**d**áscal$^{u}$ 'учител' (Grk *ðáskalos*)
**g**rámà 'писмо' (Grk *γráma*)

Ваквиот резултат е проширен на зборовите со фрикативи позајмени од албанскиот, како во *dárdà* 'круша', од албанскиот *dardhë*. Додека ваквите резултати можат да се објаснат преку билингвизам (за тоа види Capidan 1940) кај дел од ароманските говорители со балканскиот словенски јазик, (за разлика од грчкиот јазик), кој ги нема тие фрикативи, постои алтернативно решение што може да ги претстави плозивите како чисти заемки, не како обратна интерференција. Тоа значи дека, можеби, заемките од грчки и албански прво биле филтрирани преку словенскиот како медиум. Со такво толкување, овие заемки се само крајно од грчки и албански, а нивниот најнепосреден извор е словенскиот; ако е така, може да се тврди дека тие прво се адаптирале според словенските фонолошки модели и во таква форма биле позајмени во ароманскиот. Сепак, многу важен факт тука е дека има ароманcки дијалекти во директен контакт со грчкиот кои прифаќаат грчки заемки без фонолошко приспособување, а тоа претставува различен резулат во однос на заемките во ароманскиот на словенска говорна територија.

Како и во другите претставени примери досега, овие резултати ја сугерираат важноста на билингвизмот и, прифаќањето на обратна интерференција од широко познатиот и доминантен втор јазик на фонолошкото ниво на мајчиниот, но на некој начин потиснат јазик, со што можеме да го објасниме навлегувањето на овие фрикативи во ароманскиот.

## IV. Што значи билингвизмот тука

Еден начин да се интерпретира што всушност значи билингвизмот, со придружната обратна интерференција во овој случај, е да се сфати дека билингвизмот суштински дозволува степен на фамилијарност со другиот, во овој случај јазикот-дavател. Тоа значи дека билингвизмот негува приемливост за фонологијата на другиот јазик; туѓите гласови

и не се толку туѓи ако говорителите-приматели доволно го познаваат јазикот-давател. Оттаму, социјалните услови за заемање, а особено опкруженоста со другиот јазик, можат да се сметаат како мошне битни за резултатот/исходот од фонолошките ефекти на контакт.

Фамилијарноста и недостатокот на вистинска „туѓост" усогласена со фонологијата на другиот јазик функционираат и тоа се покажува во тоа што еднаш туѓите гласови се шират во мајчиниот јазик надвор од етимолошкиот (наследен или позајмен) контекст во кој прво се адаптирани во јазикот. Тоа се гледа во примерот од Горно Каленик (погоре) *građo* 'градот', а за аромanскиот Sandfeld (1930: 104) наведува дека јужните ароманскии говори имаат /γ/ за /g/ во зборови од словенско потекло, на пр. *aγunesku* 'брка' првобитно од словенското *goniti* (спореди го дакороманското *gonesc*, so /g/), а Capidan 1940 дава примери од латинизми во некои ароманскии дијалекти кои ги имаат грчките фрикативи, на пр. *dimtu* 'ветар' за повообичаеното и пораширено *vimtu,* од латинското *ventus.* Веројатно, познавањето на другите јазици ги прави овие туѓи гласови според потеклото да се чинат помалку туѓи, да можат полесно да се асимилираат во лексиконот, и да можат да останат непроменети во процесот на заемање.

## V. Заклучок

Овие факти сосем се компатибилни со локалниот пристап кон дијалектологијата, штом, како што беше споменато, билингвизмот е типична локална појава; понатаму, како што покажува различното воведување на определени фрикативи во македонскиот и во аромanскиот, јазикот на контакт во заедничката средина (котериторијалниот јазик), т.е. веднаш локалниот друг јазик, е битен за фонолошкиот резултат/исход во заемките.

Дополнително, штом вклучуваат регионални и многу локализирани дијалекти, овие факти се компатибилни со проучувањето на „снопови" за балканската јазична лига предложен од Hamp (1989a), проучување кое пред сè е дијалектолошко по својата природа ама на локален начин, не на широка основа предложено од Hock.

На крајот, овие факти даваат потврда за тврдењето на Friedman (2005, 2006; see also Friedman & Joseph (Forthcoming, Chap. 5)) дека „нема балканска фонологија, туку балкански фонологии", и затоа, тоа што може да се најде на Балканот е конвергентна појава која може да се препознае со локално фокусирање на дијалектно ниво.

### *Литература*


1. **Afendras, E. A.**: *The Balkans as a Linguistic Area: A Study in Phonological convergence*. Ph.D. Dissertation. John Hopkins University, 1968.
2. **Asenova P.**: *Balkansko Ezikoznanie. Osnovni Problemi na Balkanskija Ezikov Săjuz*. Sofia: Faber [2nd edn.; 1st edn. 1989, Sofia: Nauka i izkustvo.], 2002.
3. **Bond, D., D. Markus & V. Stockmal.**: *Sixty years of bilingualism affect the pronunciation of Latvian vowels*. Poster presented at LabPhon9: Change in Phonology (Ninth Conference on Laboratory Phonology), University of Illinois, 2004, (full text and references available at

   www.oak.cats.ohiou.edu/~bond/LabPhontext3.doc).
4. **Capidan, Th.**: *Le bilinguisme chez les roumains*. Langue et Littérature. Bulletin de la Section Littéraire, ed. by Th. Capidan et D. Caracostea. Vol. I, No. 1, pp. 73-93, 1940.
5. **Dvořák, B.**: *Eine Untersuchung der Mundart von Popəlžani*. Makedonische Aussiedler aus Griechenland in Deutschland. M.A. Thesis (Vergleichende Sprachwissenschaft), Eberhard-Karls-Universität Tübingen, 1998.
6. **DuNay, A.**: *The Early History of the Rumanian Language*. Lake Bluff, IL: Jupiter, 1977.
7. **Friedman, V.**: *Phonological borders in the Balkans*. Paper presented at Panel on Nouns, Sounds, and Bounds: The Construction of Linguistic Borders in the Balkans, AAASS Annual Meeting, Salt Lake City (November 5, 2005).
8. **Friedman, V.**: *Dialect as Flag: Towards a Balkanization of the Sprachbund*. Paper presented at 15th Biennial Conference on Balkan and South Slavic Studies. Berkeley, March 29-April 1, 2006.
9. **Friedman, V. A. & B. D. Joseph.**: *Forthcoming. The Balkan Languages*. Cambridge: Cambridge University Pres, 2008.
10. **Hamp, E. P.**: *Yugoslavia — A Crossroads of Sprachbünde*. Zeitschrift für Balkanologie 25,1.44-47, 1989.

11. **Hamp, E. P.**: *On signs of health and death.* Investigating Obsolescence: Studies in language contraction and death, ed. by Nancy C. Dorian. Cambridge: Cambridge University Press, pp.197-210, 1989.

12. **Hill, P.**: *The dialect of Gorno Kalenik.* Columbus: Slavica Publishers, 1991.

13. **Hock, H. H.**: *Historical implications of a dialectological approach to convergence.* Historical dialectology, ed. by Jacek Fisiak, 283-328. Berlin: Mouton de Gruyter, 1988.

14. **Marioteanu, M. C., S. Giosu, L. Ionescu-Ruxandoiu, R. Todoran.**: *Dialectologie Română.* Bucharest: Editura Didactica si Pedagogicà, 1977.

15. **Mazon, A.**: *Documents, contes et chansons slaves de l'Albanie du Sud.* Vol. 1. Paris: Publications de l'Institut d'Etudes Slaves, 1936.

16. **Newton, B.**: *The generative interpretation of dialect.* A study of Modern Greek phonology. Cambridge: Cambridge University Press, 1972.

17. **Petrovici, E.**: *Kann das Phonemsystem einer Sprache durch fremden Einfluss umgestaltet werden?* Zum slavischen Einfluss auf das rumänische Lautsystem. (= Janua Linguarum 3), 's-Gravenhage: Mouton, 1957.

18. **Phavis, V.**: *O ðinamikos tonos tis voriu elinikis ke ta apotelesmata aftu.* Athina 55.3-18, 1951.

19. **Popović, I.**: *Geschichte der serbokroatischen Sprache.* Wiesbaden: Otto Harrassowitz, 1960.

20. **Rosetti, A.**: *Istoria limbii romîne III: Limbile slave meridionale.* Bucharest: Editura Ştinţifică, 1964.

21. **Sandfeld, K.**: *Linguistique balkanique.* Paris: Klincksieck, 1930.

22. **Saramandu, N.**: *Aromâna. Tratat de Dialectologie Românească,* ed. by Valeriu Rusu, 423-76. Craiova: Scrisul Românesc (Consiliul Culturii şi Educaţiei Socialiste. Institutul de Cercetări Etnologice şi Dialectologice), 1984.

23. **Sawicka, I.**: *The Balkan Sprachbund in the light of phonetic features.* Warsaw: Energeia, 1997.

24. **Šmiger, R.**: *Doprinos južnoslovenskoj dijalektologiji.* Slavistische Beiträge 364, München, 1998.

25. **Šramek, E.**: *Le parler de Boboščica en Albanie.* Revue des Etudes Slaves XIV.170-203, 1934.

*Људмила Миршо*

# ФРАЗЕОЛОШКИ СПОРЕДБИ МЕЃУ АЛБАНСКИОТ И МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Фразеологијата на јазикот го претставува непроценливото богатство на творештвото и усното наследство на народот и ги зафаќа сите тие убави изрази кои имаат голема моќ според фигуративното значење и кои биле создадени пред долго време при народното усно општење. Тие се пренесле од генерации на генерации, се негувале внимателно, со занаетчиство и со вкус.

Фразеолошките единици имаат голема и неповторлива вредност како и огромна употреба во усното општење и книжевното творештво на секој народ, а многу поретко се среќаваат и во научната книжевност.

За раѓањето и развојот на фразеолошките единици на секој народ, многу значајни се и некои екстралингвистички фактори, како историјата на општествениот развој, условите на живеење, начинот на мислење и др. Но истовремено тие и целосно се приспособуваат на јазичниот систем на одредена земја. Значи местото каде се создаваат, развиваат и употребуваат овие фразеолошки единици е самиот јазичен систем. Ова е значајно за да се разбере дека сличностите во областа на фразеологијата помеѓу разни јазици ја изразуваат сличноста и блискоста на вонјазичните услови и фактори, но исто така тие ги изразуваат и особеностите на националниот систем на јазикот, како и развојните услови на тој систем. Затоа голем дел од овие фразеолошки совпаѓања помеѓу јазиците би требало да се разгледаат како внатрешен развој на јазичните средства, а не секогаш како заемки.

Разгледувајќи ги фразеолошките единици на двата јазика сретнавме некои изрази каде се изразува националниот независен израз на секој народ, каде што истото фразеолошко значење се усовршува на разни начини и со разни помошни средства, земајќи предвид разни изрази со карактеристични нијанси, според карактерот на еден или друг народ. Такви би биле:

alb. *Si shala e gomarit,* мак. *На магаре седло, на Миѿра ѿаларија;*
alb. *Si kofini pas te vjelit,* мак. *ѿо смрѿ болесѿ / ѿо свадба ѿаѿани;*

alb. *'I ka marrë koka erë'*, мак. *'главата му зеде ветер'*;
alb. *'S'kam sy e faqe'*, мак. *'немам образ' / 'немам лице'*;
alb. *'E kam halë në sy'*, мак. *'го има како глотка в очи'*.

Тргнувајќи од гореспоменатово, често се поставуваат прашања од типот:

- Дали би се нашле заеднички идиоматски структури во разни јазици?
- Дали би смееле да зборуваме за заеднички концепти во начинот на кој луѓето го замислуваат светот што нè опкружува?

Според Лејкоф (1987, стр. 446) луѓето во својата свест имаат големи групи конвенционални замисли за светот што ги опкружува, во зависност од културата на која ѝ припаѓаат. Замислите се формираат врз основа на нашето искуство. Затоа и кога би имале многу или малку историски контакти меѓу нашите култури, фактот што и двете култури се развивале според балканската традиција, дека и двата наши народа и земји доживеале исто или слично историско искуство, би значел дека имало можност нашите народи да имаат слични социјални, морални и политички вредности, вредности кои наоѓаат израз во јазикот, а особено во фразеологијата на двата народа.

Каналите според кои се развиваат културите во јазикот се обојувањата, таканаречени културни, кои се живи, особено кај идиомите. Овие културни обојувања се специфични за секоја говорна група, но има и општи вредности кои заземаат место во двете култури.

Пр. алб. *'S'ia ha qeni shkopin'*, (не му го јаде кучето стапчето), а македонскиот аналоген израз е *'ни врагот не му ја врве'* (многу снаодлив и способен човек).

Анализирајќи ги горенаведениве примери доаѓаме до заклучок дека би требало да има еден определен степен на сличност во начинот на кој луѓето го замислуваат светот, во спротивно, ниедно логично општење со помош на јазикот не би било можно. Ако луѓето од разни култури не би имале слични концепти за светот во којшто живеат, тешко би се разбирале меѓу себе, или тешко би преведувале од еден јазик на друг, впрочем, да ги употребуваат истите идиоматски изрази во нивниот јазик.

1. Како пример имаме некои идиоми кои се позајмени во албанскиот и македонскиот јазик и тие се вклучуваат во заедничкиот фонд на сите јазици, како:

алб. *'Si thembra e Akilit'* – мак. *'Ахилова пета'*;
алб. *'Flaka e Prometeut'* – мак. *'Прометеев оган'*;

алб. *'Shpata e Demokleut'* – мак. *'Дамоклов меч'*;
алб. *'Kali i Trojës''* – мак. *'Тројански коњ'*;
алб. *'lotë krokodili'* – мак. *'крокодилски солзи'* и др.

2. Голем број изрази навлегле во јазикот од ист извор како што се приказните, бајките и познатите дела во сиот свет како:

алб. *'Dhelpra dhe rrushtë'* (e bëri si dhelpra me rrushtë) а на мак. *'лисицаѿа и ѓрозјеѿо'* (направи како лисицата со грозјето),
алб. 'shumë zhurmë për asgjë' / мак. *'мноѓу врева за ништо'* (од познатата Шекспирова комедија);
алб. *'të rrosh a të mos rrosh'* – мак. *'да живееш или да не живееш'*.

Кај голем дел од нив ние ги употребуваме аналогните изрази, клучниот збор или контекстот за да стигнеме до нивниот израз како во:

алб. *'Opingat e Sheros'* Овој израз се употребува со значење никогаш, затоа го заменуваме со анлогниот *'коѓа врбаѿа ќе роди ѓрозје'*;
алб. *'Tersi i Pojanit'* – mak. *'ѿерс ноѓа'*;
алб. *'Avazi i Mukes'* -, мак. *'на една свирка свири'* (продолжува да инсистира за нешто постојано);
алб. *'Leshtë e Currit'* – мак *'шикли и шиѿинки'* со значење ништо;
алб. *'Koha e Babaqemo'* – мак. *'од времеѿо на дедо Ное'*;
алб. *'Puthu me Milon' – мак 'на куково леѿо'*;
алб. *'E hëngri si Xhaferi Simiten'* – мак. *'Го ѿомина жеден ѿреку вода'* (го излаже без да свати);
алб. *'Zu ferra Brahim'* – мак. *'му ѿадна секираѿа во медоѿ'*.

Во албанскиот јазик денес разликуваме една посебна појава, минувањето од фразеолошка единица во реченица, односно во глагол, прилог, именка и придавка.

Истата појава се забележува и во македонскиот јазик. Тука се вклучуваат некои императивни, желбени или неутрални композиции. Една од главните особини на овие минувања ја сочинуваат зборовите што се образуваат особено од срастување на фразеолошката синтагма:

алб. *Vë re – vërej* – мак. *Прави белешка – забележа;*
алб. *Fal nder – falenderoj* – мак. *Дава блаѓодарносѿ – блаѓодари;*
алб. *Jep shpresë – shpresojë* – мак. *Дава верба – верува;*

Глаголите кај овој тип преминувања се со непроменливо граматичко и лексичко значење.

Друг богат тип создаваат зборовите создадени со помош на фразеолошките и глаголските единици, кои во вид на лексема добиваат качествена вредност како и придавките, пр.:

алб. *E ka zemrën gur – zemërgur,* мак *има камено срце / кашран, кашил;*
алб. *Mblidh mendjen – mendjembledhur,* мак. *Бери ум;*
алб. *Thyen qafën – qafëthyer,* мак. *Крши глава / скрши си го шилош;*
алб. *Nuk çan kokën – moskokëçarës,* мак. *Не си ја цеūи главаша* (не се секира за ништо);
алб. *Prish gjakun – gjakprishës,* мак. *Расиūува крвша / со крвша расиūана;*
алб. *Ngre krye – kryengritës,* мак. *Крева глава / чули уши;*
алб. *Ngul këmbë – këmbëngul* – мак. *Оūира нозеше* (инсистира);
алб. *E ka kokën tallash – kokëtallash,* мак. *Има ūразна глава / ūразнаглава;*
алб. *E ka zemrën flori – zemër flori,* мак. *Има злашно сре / злашо е.*

Во македонскиот јазик тие не резултирале со срастување, тоа поретко може да се сретне како кај следниот пример:

*алб. E ka kokën e fortë – kokëfortë,* мак. *Има шврда глава – шврдоглав*

Како што се гледа и од примерите, во албанскиот имаме компаративни форми помеѓу фразеолошките синтагми, но тоа не се случило и кај образувањето на придавката, која содржи исто лексичко значење.

3. Трет тип сочинуваат зборовите создадени врз основа на глаголските фразеолошки единици, но со обратен редослед на зборовните единици, пр.:

алб. *merr pjesë – pjesëmarrje, pjesëmarrës,* мак. *зема учесшво – учесшвува / учесник;*
алб. *Marr hak – hakmarrje*, мак. *зема одмазда – одмаздување;*
алб. *Lidh besën – besëlidhje*, мак. *дава верба – доверба.*

Примерите покажуваат дека имаме преминување на фразеолошка единица од глаголски тип во глагол, именка, придавка, но кои имаат исто лексичко значење, како и ист фигуративен карактер.

4. Еден богат тип изрази кој се среќава како во албанскиот, така и во македонскиот, сочинуваат глаголските фразеолошки единици, кои

како одговорен збор го имаат зборот што го содржи основното значење на фразеолошката единица и ја сочинува основата на оваа единица, пр.:

алб. *I zë besë – besoj*, мак *дава верба – верува*;
алб. *Kam shpresë – shpresoj*, мак. *има надеж – надева;*
алб. *Bëj durim – duroj*, мак. *има трпение – трпи*;
алб. *Kam dyshim – dyshoj*, мак. *има сомнение – сомнева*;
алб. *Marr vendim – vendos*, мак. *зема одлука – одлучува*;
алб. *Jap urdhër – urdhëroj*, мак. *дада заповед – заповеда*;
алб. *Bëj cudi – cuditem*, мак. *прави чудо – зачуди*;
алб. *Bëj dëm – dëmtoj*, мак. *прави штета – оштети;*
алб. *Fus frikën – frikësoj*, мак. *пика страв – застраши.*

Карактеристично за овие творби е тоа што како најупотребувани глаголи од оваа фразеолошка единица се: алб. *bej, kam, marr,* а на македонски: *има, прави, зема.*

И на крајот би сакала да истакнам некои докази во врска со развојот на фразеологијата во албанскиот јазик.

Првиот речник кој забележа голем успех за албанистиката е објавен во 1999 година (со околу 11000 фразеолошки изрази). Меѓу лингвистите кои дале придонес во почетоците на албанските проучувања се спомнуваа проф. Александар Џувани, Нонда Булку, Андрокли Косталари, Јани Томаи и др.

Фразеологијата најде одраз и во толковните речници како што е Fjalori i gjuhës së sotme shqipe (Речник на денешниот албански јазик), кој содржи околу 7000 фразеолошки изрази. Фразеолошкиот речник на албанскиот јазик од Јани Томаи претставува еден натамошен чекор во овој правец. Тој ги исполнува сите недостатоци во областа на албанската фразеологија, наука која се истакна како посебна дисциплина на III Конгрес од EURALEX во Будимпешта во 1998 година.

*Валентина Нестор*

# ВЛИЈАНИЕТО НА АЛБАНСКИОТ ЈАЗИК ВО МАЛОПРЕСПАНСКИОТ ГОВОР ОД ЛЕКСИЧКИ АСПЕКТ

Македонските говори во Албанија, според своите граматички особености, претставуваат голем интерес за славистичките проучувања. Овде нема да ги истакнуваме тие особености, но ќе се задржиме изразито на албанското влијание врз говорот на Мала Преспа.

Албанскиот јазик како официјален имал и сè уште продолжува да игра важна улога во секојдневниот, културниот, образовниот и политичкиот живот, не само во Мала Преспа туку и во другите области каде живее македонско население во Албанија, кој за долг временски период, особено за 50 години диктаторски режим, имал улога на официјален јазик, како посредник помеѓу државните установи и меѓународните интеракции.

Лингвистичкото заемање во овие дијалектни подрачја се вршело со векови врз една многу широка основа и развојот на лексиката се движел со еден посебен динамизам. Ваквиот развој се должи пред сè, на ред екстралингвистички фактори, меѓу кои секако се најважни културно-историските и општествените односи и услови во кои овие говори се развивале од доаѓањето на Словените на Балканот па сè до наши дни. Не помалку значајна е и повеќевековната јазична симбиоза и интерференција, која се манифестира на сите нивоа: фонетско, морфо-синтаксичко и особено на лексичкото, кое е секогаш најотворениот и најлабилниот дел на еден јазичен систем.

Заради доминантната улога што ја игра во општеството, албанскиот јазик сè повеќе го втеснува јазичниот идиом, дури и во домашна употреба, кај сите македонски говори кои се наоѓаат во Албанија. Особено тие кои се поизложени на ваквото влијание се говорите во Гора и Голобрдо, бидејќи македонскиот говор се ограничува само на тесна домашна употреба.

Единствени кои не се влијаат во голем степен од употребата на албанскиот јазик се македонските жители од постара возраст, кои имаат поретки контакти со албанскиот јазик и кои никогаш не биле преселени од своите македонски стари живеалишта.

Средната возраст, пред сè, се билингви и посебно кај населението од оваа возраст, кое речиси за 45 години изолација од македонската јазична територија и македонските информативни средства и интензивните контакти со јавниот, образовниот и културниот живот во албанското општество, овозможи голема интерференција, особено на лексичко ниво.

Овој процес повлијателен бил до деведесеттите години, но сепак и денес тие лексеми кои успеале да навлезат во македонскиот говор од овие подрачја продолжуваат да се употребуваат особено во градските општини.

Влијанието на албанскиот јазик врз македонските говори зафаќа неколку плана, и тоа материјалниот, културниот и секојдневниот живот.

1. Двојазичноста кај ова население игра важна улога во процесот на заемноста, голем број лексеми се преземени на ваков начин и се вкорениле длабоко во овој говор, така што нивната замена со други синонимни форми е незамислива. Тука влегуваат заемки од најстариот слој кои имаат и поширока распространетост како:

*мисер* 'пченка', *мисериште* - оваа лексема со словенски суфикс ја имаме и во албанскиот јазик.
*чупа* 'девојка', *буза* 'усни', *тел* 'жица', *пус* 'бунар', *кушерија* паралелно се употребува со синонимната форма брачед 'братучед' и др.

1. 1. Како и животот што еволуира, така и јазикот има потреба за богатење со нови елементи. Фактот што постојниот македонски говор не го содржи во нивниот речник сиот лексички материјал заради недостиг на македонски јазичен идиом, македонските говорители се принудени голем дел називи на предмети и појави од секојдневниот живот да ги позајмат од албанскиот јазик, со некое можно приспособување. Потоа тие се интегрираат и приспособуваат во македонскиот јазик. Такви се лексемите:

*зира* 'канцеларија', *штила* 'бандера', *газета* 'весник', *л'аватриче* 'машина за перење', *парашута* 'падобран', *акулоре* 'сладолед', *плака* 'плочка', *варсе* 'синџир' и др.

1. 2 Врз позајмените лексеми се вршат фонетско-фонолошки приспособувања. По долга употреба тие се идентификуваат и примањето на туѓите гласови станува сосема нормално и постепено доаѓа морфолошкото и семантичкото приспособување, кое доведува до

целосна интеграција во новата јазична структура. На таков начин тие стануваат неразделни од јазичната говорна лексика и особено младите не ги осеќаат како странски зборови.

Не е мал случајот кога голем број позајмени лексеми од албанскиот јазик станале многу продуктивни и довеле до проширување на нивното значење и композиција. Како резултат на еден ваков однос се создаваа цели гнезда и семејства од позајмени зборови и хибриди, изведени или создадени од истиот корен.

Еден дел од постариот слој заемки кои се употребувале долг временски период, станале многу продуктивни и добиле различна стилска обоеност. Такви се:

*ќул, ќулца, исќулцан* (искиснат, изводенет);

*чуӣа* 'девојка' среќаваме: *чуӣе, чуӣче, чуӣенце, чуӣишӣе, чуӣинсӣво*, од албанската форма çupë, која се употребува со *дијалекӣна локација*;

*буза* алб. buzë (усни) *ѓи* имаме следниве новосоздадени лексеми: *бузе, бузлесӣ, бузлина, бузлојца, бузи се.*

Овие зборови во албанскиот јазик ги среќаваме само во основната форма, додека пак овде ги среќаваме во целосна парадигма. Кај лексемата *ќул* е создадена слична форма на глаголска придавка како и синонимната *искиснаӣ* од аорисната глаголска форма.

Гледајќи го патот на приспособувањето на лексичките елементи, информацијата и комуникацијата на луѓето од ова подрачје станува се појасна, додека идентификацијата е поточна.

Така како и сите заемки во другите говори и јазици, како што се интернационализмите, кои се резултат на појавување на нови појави и објекти и овде тие се резултат на недостиг на називи за новите појави во јазичниот идиом на говорот на ова население. На македонските говорители од овие области полесно им било да позајмат од албанскиот јазик, затоа што побрзо се запознаваат со нив.

Дел од позајмените лексеми, кога имаат синонимни форми во својот јазик, ги потиснуваат и полека ги вадат од употреба.

2. При приспособувањето на позајмените форми се вршат фонетско-фонолошки промени. Позајмувањето во голем степен се реализирало акустички. Акустичкото имитирање на туѓиот изговор, што било овозможено со секојдневните директни контакти на голем број билингвални субјекти, како и стремежот да се идентификуваат туѓите фонеми и да се супституираат со домашни, фонетски најблиски, придонесувале за релативно лесна и брза адаптација и интеграција на високиот процент туѓи лексеми. При овој процес се вршат следните промени:

а) Промена на вокалот о > у
Оваа промена се случува бидејќи македонските говорители се трудат да го чуваат акцентот на овие заемки на третиот слог и кога акцентираниот вокал е о, тој се изговара широко, така што преминува во у, како:
*алб.* dekoratë > *декураṯа* (орден); алб. kolltuk > *кулṯук* (трosед); алб. frigorifer > *фриḡурифер* (фрижидер); алб. tortë > *ṯурṯа* (торта) и др.

б) Употреба на маргиналната фонема у̲ - 'ü' заедно со позајмените лексеми како: zyra > *зӳра* (канцеларија); shtylla > *шṯӳла* (бандера); dyshoj > *дӳшова* (сомлева);
како и преминување на у̲ > *у кај постарите позајмени лексеми, дел од нив турцизми: душеме* > dysheme 'под', *дулбија* > dylbi 'двоглед', *душек* > dyshek и сл.

ц) Изговор на мекиот глас л > l'. Оваа појава е застапена не само кај заемките, како: *кал'аман* 'малолетен', *кл'уб*: клуб, *ӣл'ажа*; плажа, но и кај зборови со македонски корен, сп: недела: *недел'а*, клуч: *кл'уч*, клун: *кл'ун* и ред други.

д) Друга значајна појава за овој говор, е и додавањето на назалниот консонант м во секвенциите (бр);
*фамбрика* (алб. fabrikë, мак. фабрика); *шкумба* (алб. shkumë) 'пена', *ӣамбук, ӣамбуклена (*памук / памучна).

е) Внесување на денталите *th, dh, кои кај ӣосṯариṯе ӣозајмени лексеми ӣреминале th > ф, ṯ, а dh > д, л;* Thimi > *Фимија;* Thimka > *Фимка;* Krisantha > *Крисанṯа*, dhoma > *лома 'соба'*, Dhori > *Дори и др. А кај ӣомладиṯе ḡенерации ṯие се ӣрифаṯени заедно со ӣозајмениṯе форми.*

3. Освен малите фонетско-фонолошки промени, кај овие заемки се вршат одредени промени и во морфолошкиот систем, како и во други јазични сфери.

Во врска со зборообразувањето, треба да се нагласи дека во текот на присвојувањето на овие зборови, неизбежни се и случаите на создавање нови зборови. Така од основната форма се создаваат и нови зборови, по пат на деривација со помош на македонски суфикси. По забележливи се наставките за образување на именки со објективна оцена, како деминутиви и аугментативи -че, -е, -енце и -иште.

Образувањето на именки од овој вид се забележува и кај пограничниот албански говорен појас, кој ги зафаќа областите од Корчанско и Поградец. Такви се именките образувани со наставките:

а) *-че* како: тел' , *шел'че* 'мала жица', *фурче* 'четче', *фриѓуриферче* 'фрижидерче', *нувче* > нуска 'кукла од крпи'; *акулорче* 'сладолетче'.

б) *-ишше*, *чуйишше* 'момиште', *бузишше* 'усништа'; *фундишше* 'здолниште',

Позајмените именки кои во албанскиот јазик завршуваат на -и овде се приспособуваат со наставката -ија;

kushëri > *кушерија* 'братучед, братучеда'; porosi > *йоросија* 'порачка', dylbi > дулбија 'двоглед' и сл.

4. Од друга страна се среќава и семантичко приспособување на овие зборови. Кај голем број заемки се среќава проширување и стеснување на значењето од изворната форма. Во суштина тие го чуваат основното значење со мали исклучоци. Проширување на основното значење среќаваме кај следниве зборови:

*йус* 1. 'бунар' (алб. pus), 2. голема темница;
*моѿро* (вокативна форма од алб. motra 'сестра') се употребува кога помалата јатрва ѝ се обраќа на поголемата во вид на почит;
*руѓа* од алб. roga 'плата' овде се употребува со предлогот на (на руга), давање стадо овци некому да ги пасе со плаќање; *карѿолина* 1. 'разгледница', 2. многу убава девојка;
*бише, бишка* (од алб. bishë 'ѕвер') се среќава во с. Церје, со значење на прасе; *нуска* (кукла од крпи), од алб. nuse '*невесѿа*', *шѿриѓа (ѓрдо йоѿсѿрижано девојче со краѿки коси) од алб.* shtrigë 'вештерка', *дулбија* 'многу убава девојка' (алб. двоглед) и др.

4.1. Стеснување на семантичкото значење имаме во тие случаи кога од една одредена лексема се зема само тоа значење кое не постои во нивниот дијалект, додека другите секундарни значења, кои ги има во албанскиот не се преземаат. Како такви би биле:

алб. *çerdhe* во преспанскиот говор е преземен само со значење на забавиште за деца, институција, додека другите значења како 1. гнездо, 2. легло за кои постојат соодветни македонски форми, не се преземени. Истото се случило и со другите лексеми како *kopsht* од која е преземено значењето на градинка за деца, додека другите значења како 1. двор, 2. бавча, не се преземени.
*фунд* (е преземено само со значење здолниште, женска облека).
Оваа форма поупотреблива е кај помладите генерации, додека

кај постарите се употребува формата фустан и за здолниште, но вторичното значење на оваа лексема, како 'крај' не се употребува;

*тенсион* (со значење крвен притисок) е позајмен само како медицински термин, додека другите значења не се преземени.

*мбулеса* (од алб. mbulesë 'покрив') која обично стои со друга именка за да го изјасни значењето. Во албанскиот имаме mbulesë krevati (со значење покривка за кревет), а во преспанскиот *мбулеса за креве*; mbulesë tavoline *мбулеса за маса* (чаршав за маса). Овие се делумни заемки, бидејќи за појаснување се употребува, именка од македонскиот јазик.

На овој план може да заклучиме дека овие зборови се позајмени со непосреден контакт и затоа го позајмуваат само примарното албанско значење.

5. Интересна група заемки претставуваат и некои глаголи кои при приспособувањето ја добиваат наставката -ва. Иако во македонскиот стандарден јазик глаголите од туѓо потекло ја преземаат наставката -ира, овде таа наставка сè уште не се доживува блиска за преземање, но место неа се додава -ва, како:

*балафаќова* (алб. ballafaqoj) 'лична расправа меѓу двајца'; *дишова* (алб. dyshoj) 'сомнева'; *цактова* 'одредува, именува'; *пушова* 'разреши'; *вотова* 'гласа'; *вендосва* 'решава'; *такова* (алб. takon) 'должност, која му припаѓа некому' оваа лексема во албанскиот јазик се употребува придружена од кратката лична заменска форма 'i', овде ја презема соодветната македонска форма за машки род 'му', која во овој дијалект се употребува и за женски род; му такова (нему / нејзе) 'должен е / должна е, мора'; *ралова (алб.* rralloj) '*разредува' идр.*

Преземањето на овие зборови од албанскиот јазик се прави за поточно определување на значењето, бидејќи говорителите со нив го прецизираат значењето во одреден контекст.

Ваквата појава е карактеристична за овие говори бидејќи албанскиот јазик е доминантен и привилегиран, а македонскиот се наоѓа во зависна и инфериорна положба. Во ваквите ситуации заемањето е главно еднонасочно и употребата на македонскиот јазик се повеќе се ограничува на семејна употреба, во неформални ситуации, додека албанскиот, како јазик со престиж, е јазик кој се употребува надвор од семејството, во комуникација со соседното население и управните органи. Македонското население во Албанија особено во градските

средини, дури и во неформални ситуации, многу полесно комуницира на албански, особено кога станува збор за теми од општествената и културно-просветната проблематика. За ова секако придонесуваат, освен училиштата, уште и администрацијата и јавните средства за комуникација.

6. Последниве години се забележува тенденција за отфрлање на одреден број позајмени албански зборови и се наметнуваат македонски форми од говорна или стандардна македонска употреба. Оваа појава започна по 90-тите години, кога контактите со македонската средина станаа сѐ поблиски. По распаѓањето на диктаторскиот режим во Албанија голем број жители од овие делови се принудени, од економски причини, привремено да се преселуваат во Р. Македонија, заради сезонска работа или заради студии. Кај оваа категорија луѓе се забележува црпење на одреден број лексички елементи од македонскиот јазик и во мал број се забележува отфрлање на постојните заемени албански форми, кои биле употребувани долго време од жителите на ова население. Такви би биле формите:

*кола* која во голем степен се употребува стеснувајќи ја употребата на старата форма машина < makinë; *йокривача*, место мбулеса за кревет, *сйална* < dhomë gjumi, *висачи* < bufe, *комбе* < furgon, и др.

Но сепак бројот на преземените албански заемки во овие говори останува во голем процент. Таму каде што контактот со албанскиот јазик е поголем, навлегувањето на албанските елементи е поинтензивно. Таков е и случајот со с. Бобоштица, каде што имаме целосна асимилација на македонскиот говор. Во Врбник имаме исто така голем наплив на албански лексички елементи. Иста е состојбата и во Гора и Голобрдо, каде што имаме масивно преселување во градски живеалишта. а со тоа и губење на македонскиот јазик, кој се употребува само од луѓе од постарата возраст, додека младите воопшто не зборуваат, а децата ниту разбираат. Мислам дека би требало сериозно да се обрне внимание на овој проблем, кој навистина е загрижувачки за целиот македонски народ, без разлика каде живее.

*Првослав Радиќ*

# ЗА ГОВОРОТ НА СЕЛОТО ЈАБУКА

*(Панчево, Република Србија)*

*На проф. Воислав Илиќ (1916-1988)*

Во личната библиотечна заоставнина на белградскиот професор на Филолошкиот факултет и истакнатиот македонист, Воислав Илиќ, пронајдов и една дипломска работа.[1] Се работи за еден ракопис скромен по обем (машинопис), пишуван на српски јазик, под наслов „Говор села Јабуке код Панчева" (1985). Ракописот го напиша помладиот колега Љубиша Пантовиќ, студент од тогашната студиска група за македонски јазик и литература, а ментор на оваа работа беше проф. Воислав Илиќ. Како уводни делови во ракописот ги наоѓаме: „Увод" (стр. 1-2) и „Опис села Јабуке" (3-5), а потоа следат петте делови: „Опис говора села Јабуке" и „Материјал са траке" (I: 6-12), „Фонетске карактеристике" (II: 13-21), „Морфолошке карактеристике" (III: 22-35), „Синтакса и стил" (IV: 36-39), „Лексика" и „Закључак" (V: 40-42). На крајот, под насловот „Прилози" се дадени неколку фотографии во врска со општествено-политичкиот живот на Македонците колонизирани во Јабука. Во „Литература" (46) се наведени десетина библиографски единици, пред сè од општ карактер, вклучувајќи ги и предавањата на проф. Илиќ во периодот 1979-1984 година.

Оставајќи ја настрана натамошната анализа на студентскава работа, ќе се задржам пред сè на изворниот говорен материјал којшто е приложен во ракописот. Имено, како што зборува авторот, се работи за фоно-материјал којшто е снимен во Јабука, во јуни 1984 година, и којшто е даден како одделен (неакцентиран) текст во ракописот (8-12). Тука се вклучени говорните целини на четири информатори, нееднакви по својот обем. Авторот истакнува дека информаторите имаат „око шест деценија

---

[1]Благодарејќи ѝ на госпоѓа Дубравка Драговиќ (родена Илиќ) и господин Раша Драговиќ, ќерката и зетот на проф. Илиќ, имав увид во овој книжен фонд.

живота“ (8), иако за последниот, којшто е жена, понатаму забележува дека има „преко осамдесет година“ (12). Кога се работи за темите, се гледа дека тие се пред сè во врска со минатото, со некогашниот живот на информаторите во нивната татковината, со нивната младост, Втората светска војна, доселувањето од Република Македонија, т.е. повоената колонизација во Србија итн., а застапени се, иако во руинирана форма, и некои фолклорни реминисценции (народна песна, анегдота).

Кога се зборува за потеклото на информаторите коишто се застапени со текстовите, тие кажуваат дека се родени во Македонија, поточно во Струшко, Дебарско, Велешко и Светиниколско. Македонците, колонизирани во Јабука по Втората светска војна, како што покажува и авторот во картата дадена во рамките на „Увод“ (2),[2] доаѓале од поширока македонска територија. Веќе во периодот по колонизацијата во врска со населението во Јабука е констатирано дека „тамо живи највећа група досељеника из НР Македоније (око 80%), од којих неки потичу из најудаљенијих југозападних македонских области (околина Струге, Преспа, Демир-Хисар и др.)“ (Trifunoski 1958: 21).[3] Некои испитувачи најголем процент на колонизираното население од Република Македонија во Јабука ѝ даваат на кривопаланечката (43%) и другите области (сп. Киселиновски 2000: 99).[4]

Во говорот на Македонците коишто живееле повеќе децении во другата јазична средина, се разбира, се развиваат многу разновидни и сложени лингвистички процеси. Во кусата анализа на јазичниот материјал, којшто го донесува оваа дипломска работа, ќе се задржам на три основни рамништа: 1. на сочуваните карактеристични македонски јазични особености, 2. на усвоените српски јазични карактеристики, и – 3. на елементите на македонско-српската јазична интерференција, т.е. на моделите на еден вид јазична симбиоза кај овие билингвни говорители.

---

[2]Тука се претставени единаесет зони: Тетовско, Мавровско, Струшко, Охридско, Кичевско, Битолско, Прилепско, Велешко, Штипско, Струмичко и Кумановско. Во врска со ова, авторот не ги наведува своите извори, но може да се претпостави дека тој ги собрал податоците во рамките на оваа теренска работа.

[3]За повоените пописи во врска со македонското население во Република Србија и за сегашната состојба на македонизмот меѓу македонското население в. Станковић 2004.

[4]Овие податоци С. Киселиновски ги користи за погрешно да ја информира јавноста дека се работи за „суптилната политика на колонизација што ја водеше Србија во периодот на Втора Југославија“, како и дека поради „српската етничка асимилација“ на другите нации во Војводина „македонските колонисти се избираа главно од местата каде што српското влијание беше големо (Куманово, Поречје, Крива Паланка) и кај дел од населението [каде што] веќе постоеше просрпска (србоманска) ориентација“ (Исто: 100). Моите критики во врска со ваквите авторови национални оптоварувања се дадени во.: Радић 2003 и Радић 2005.

1. Типичните македонски јазични карактеристики доминираат и се бележат на сите јазични нивоа:[5]

а) На фонетско ниво ја наоѓаме познатата македонска вокализација на полувокалите во силна позиција (*о/у; е*): *со* (1, 2), сп. *сум* (2), *седум* (1); *еден*, *ден*, *денеска*, недела *дена*, *йравец* (2); рефлексот *а* од стариот назал од заден ред: *омажена*, *йукнало*, *срейнал*, *сйанав* (3); секвенцијата *ол* како рефлексот од старото вокално *л*: *жолйи* (3); редукцијата на вокалите: *многу* (1), *йаму*, *далеку* (2), *седум* (1), *сум* (2); непостоењето иницијално *ј* пред вокал *е*: *еден*, *едно* (2), *една* (3, 4); сонантот *л* во финалната позиција: *умрел*, *йоминал* (2), *бил*, *ойерал*, *срейнал*, *сакал*, *се качил* (3); отсутноста на јотуваните лабијални согласки: *залубени*, *залубен*, *земја* (2), *земишйе* (3); депалатализирањето на сонантот *љ*: *недела* дена, *родийел* (2).[6]

б) На морфолошко ниво ја наоѓаме наставката -*и* во множина на именки од а-парадигма: *куќи* (1), *години*, *школи* (2), *йари* (3); личните заменки: *јас* (2), *ние* (2, 3), *йие* (2); заменските енклитики *ги* и *и*: да *ги* земам, да *и* учам (2), Бог да *и* бие (фолк., 2);[7] показните заменки: *овој* правец, со *йој* другар, *йој* епископ, *йоа* време, *йие* деца, *йие* луѓе (2); заменката *сè* (2); помошните глаголи *сум* (2, 3) и *се* (2) во презентот; завршокот -*ам* во 1 л. еднина презентот: *кажам* (2, 3), *велам* (2), *се викам* (3, 4), како и наставката -*ме* во 1 л. множина: *сакаме*, *йродужиме*, *учиме*, *одиме*, *кажеме*, *не знаеме* (2), *раниме*, *ойераме* (3); наставката -*в* во 1 л. еднина на минатите определени времиња: *бев* (1, 2, 3), *одрасйев*, *сакав*, *завршив*, *решив*, *дојдов*, *најдов* (2), и наставката -*вме* во 1 л. множина: *бевме* (3), *дојдовме* (1, 3), *йосйавивме* (2), па *се колонизиравме*, *решивме*, *ойидовме*, *кренавме*, *се најдофме* (2); футурските конструкции од типот: *ќе се йреселам*, *ќе йредаваме*, *ќе йојдеме* (2), *ќе* го *раниме* (3), но и со сврзникот *да*: што *ќе да йравиме* (3), вклучувајќи ја и негацијата од типот: *нема да йе йушйимо* (2); наставките -*л* (в. т. а) и -*ле* во глаголската придавка: *решиле*, *не могле* (2), *го зайвориле*, *му скувале* (3); бројните форми: ние *двајца* (2); пасивните форми од непреодните глаголи: *умрен*, беше *йојдена* (2), го *йукнало* (3).

Во рамките на членувањето ги наоѓаме формите од т- и в-тип: *ейискойой*, *другарой* (2), *райой* (3), *комйозицијайа* (1), *фамилијайа*,

[5]Со броевите во заградите ги обележувам информаторите (в. Прилози). Во текстот не ја давам фреквенцијата на ексцерпираните облици.

[6]И во фолклористичката сфера ги наоѓаме македонските карактеристики, на пр. таканаречено украсно иницијално *ј* („Јот три години, / Јот три месеци зедено", кај 2 информатор), макар што тоа се јавува и во пошироката балканословенска почва.

[7]Со квалификацијата „фолк." означувам дека се работи за фолклористичкиот дискурс.

*околинаша*, *цивилизацијаша*, *аршилеријаша* (2), *селошо* (1, 2), *школошо* (2), *маГарешо* (3), *паршизаниште* (1, 2), *борбиште*, *пашишташа*, *Главниош*, *шесшиош*, *шесшаша* година , *моиште* деца (2); *командантов*, *шумава*, *родишеливе* (2), сп. ја хипердетерминацијата во: *друГарош едниош* (2).

Секако, тука доминира аналитичката деклинација: *од чешрдесеш и шесша Година*, *по заслуГа*, *со сшочарсшво* (1), *од селошо*, *од Охрид*, бараше *деца* да школује, настави *за поп*, служиме *око сшока*, *за Војводина*, *без оружје* (2), *од авГусш месец*, *со шшо* ќе го раниме, *у Босна* (3), провели (...) *на Дунав* (4).

в) На синтаксичкото ниво ги бележиме посесивните конструкции од типот: *браш ми* (1); атрибутот во позиција зад именката: *селошо мое* (1), *командантов немачки*, *друГарош едниош*, *село православно*, *паршизаниште наши* (2); редупликацијата на објектот: *му* поставивме питање *нему*, *мене ме* наредое, *друГарош* едниот *Го* пуштиа (2), *мене ме* сакаше (3); енклитиката во иницијална позиција: *Го ошерал*, *Го зашвориле*, *му скували* та р'ж, *се крадеме* (3); негацијата во конструкциите од типот: *не се сложи* (2); сврзникот *за да* во финалните реченици: го отерал *за да* го продава (3).

г) На лексичкото (и фразеолошкото) ниво ги бележиме примерите: *(ја/с/) се викам* (1, 2), *сакам*, *сеГа*, *рабоша* (им.), *рабошам*, *дојдовме*, *и шака нашака* (1), *во* (2, 3), *бараше*, *земам*, *ама*, *ние* (зам.), *денеска*, *шака* (прил.), *малечко* (фолк.), *зедено* (фолк.), *разбираш*, *поминал* (2), *пак*, *шука*, *сиште* (3), *лошо* (4).

Во рамките на суфиксацијата го бележиме суфиксот *-ишша* за збирност: *пашишташа* (2), месниот суфикс *-ско*: *Велешко* (3), деминутивниот суфикс *-е*: *невесше* (фолк., 2).

Освен овие карактеристики коишто, главно, се јавуваат на поширока македонска јазична почва, се бележат и оние црти карактеристични за одделни говори. Така, во едниот пример, во коренската морфема, кај 2 информатор (в. фус. 10) го наоѓаме рефлексот *о* од стариот назал од заден ред – *рока* (2), што е, на пример, карактеристиката на делот од дебарските говори (Видоески 1998: 219).[8] И инструментал на личната заменка *шие*: *са оними* (2), веројатно зборува за дијалектна форма од овие говори (сп. тамошната форма на личната заменка *ними*, како и показно-присвојна заменка *онимни*, Исто: 227-228), ако не се зборува тука и за вкрстување со српската форма. Понатаму, во 1 л. еднина

[8]Во картата дадена во статијата на Б. Видоески се гледа дека во Локов и неговата непосредна околина денеска не е застапен рефлекс *о*, туку *ă* (Видоески 1998, карта бр. 4, по стр. 246).

презентот се бележи со отсуство на наставка *-м*: сакам да *реча* (1), [јас] му *вела* (2) (сп. Исто: 231), додека во 3 л. множина кај минатите определени времиња се бележи наставката *-е*: *осѿанае* свега седум куќи (1), *дојдое* тие, *насѿанае* хазбии (фолк.), мене ме *наредое*, *дојдое*, тие *се ѿребацие*, тие ме *ѿусѿие*, Немци *се враѿие* (2), што, исто така, е карактеристика на дебарските говори (сп. Исто).

И во областа на лексиката ги наоѓаме дијалектизмите што се карактеристика на западните периферни говори, на пр. *ѿаке* (наместо „така", 2, сп. Видоески 1998: 234), *ке* (наместо „каде", 2, сп. Исто), *баш* („баш на вруќина", 2, сп. Исто). И кај информаторите од другите краишта се бележат специфичните лексички дијалектизми. Пантовиќ забележува дека кај 4 информатор, којшто во текстовите е застапен, инаку, само со неколку реченици, се наоѓаат и дијалектизмите како: *чушка* ('пиперка'), *бишка* ('прасе') и др. (41). Тоа го потврдува лингвогеографската ситуација, бидејќи зборот *чушка*, на пример, ги зазема пред сè централните делови на Р. Македонија, т. е. средниот тек на Вардар (Киш 1996: 141, карта 15).

2. Од друга страна, во говорот на македонското население во Јабука од српскиот јазик влегол еден број јазични карактеристики:

а) На фонетско ниво го наоѓаме рефлексот *а*, како континуант на полувокалите: шест *дана*, *ѿрошак*, *ручак* (2), *љубав* (3); рефлекс *у* од носовката од заден ред, како и од вокалното *л*: *цркнуло*, *неѿун* јутар (земја) (3); финалното *о* наместо *л*: *одрасѿао*, *моѓо* (2); икавизмите во негираниот глагол „јесам": *нисам*, *није* (2).

б) На морфолошко ниво се јавува множинската наставка *-е* (а-парадигма): *свиње* (2); наставката *-и* во определениот придавски вид: *државни* трошак (2); презентски тематски вокал *-е* во 1 л. еднина: *кажем*, *можем*, *нађем* (3); итеративната морфема *-ује*: *верује* (2), наставката *-мо* во 1 л. множина на презентот: *учимо*, *ѿушѿимо* (2), *радимо* (3), иако во некои случаи, на пример во последниот (информатор од Велешко, сп. т. а), можеби се работи за влијание од говорите распространети на северната македонска територија (сп. Видоески 1998: 86).

Кај 4 информатор, како што забележува Пантовиќ, се јавува наставката *-у* во 1 л. еднина на презентот: *јаду*, *иду*, *ѿеу* (41). Ова е дијалектната особина којашто се јавува во говорите на јужна Србија и северна Македонија (сп. Видоески 1999: 173), и неа можеби ја донесол информатор од македонските краишта во Војводина. Во иста смисла може да се анализира множинската наставка *-ли* во глаголската придавка кај истиот информатор: *дошли* партизани, *ѿрошли*, *навикли се*, *ѿровели* (4) (сп. Видоески 1998: 73, 82), но оваа особеност пошироко е застапена во српските говори во Србија, вклучувајќи ја и Војводина.

Освен ова, кај одделни информатори се бележат и примери со падежната флексија: *без оружја*, *школу* да положиме, нисам мого да наставим моите деца *со учењем* (2).

в) На синтаксичкото ниво може да се забележат српските модели во редот на зборовите, сп. да *се не* видиме (3).

г) И на лексичко ниво се јавуваат бројни србизми, како: *бави се* (на пр. со сточарство), *занаш* (наместо „занает") (1), *жели* (2), *разуме*, *леѓа*, *лейо*, *у* („у болницата"), *скува* („скувале"), *код* („код неа"), *йосле* (3), *све* (3, 4), *буде* (4).

Се разбира, српски и македонски јазични елементи често паралелно суштествуваат кај истиот информатор и во различни јазични нивоа, на пр. *ми* / *ние*, *без оружја* / *без оружје* (2), *он* / *шој*, *у* / *во*, *кажем* / *кажам* (3).

3. Но, тука доаѓаме до уште едно интересно прашање – за односот помеѓу македонските и српските јазични карактеристики, поточно донесени и новопримени јазични карактеристики, односно нивната меѓусебна условеност во говорниот акт. Се разбира, живеејќи во непосредниот контакт пред сѐ со српското население во Војводина, Македонците усвојувале различни српски јазични особености, вклучувајќи ги и дијалектизмите. Тука се вбројува презентската форма *море*, со ротацизам („не мореме да положиме", 2), којашто зборува за контактот со српското население од западно потекло. И српската форма *дјеца* (2) го потврдува тој македонски контакт со Србите од Херцеговина, Босна, Црна Гора и Далмација, со населението кое, како и македонското, било колонизирано во Јабука. Интересни модели на интерференцијата го потврдуваат, или упатуваат на присуството на македонско-српски контаминациски форми, сп. *љубавша*, *у Босна*, *код неа* (3), *не мореме* (2).

Од друга страна, се чини, меѓутоа, дека и самата тематска рамка на раскажувањето имала исто така силно влијание на јазичниот, пред сѐ лексички избор. Во тематиката сврзана со историските, општественополитички и административни рамки, разбирливо е, се бележи поголемо учество на србизмите, каде се влучуваат и целосни јазични сегменти, како и реченици: *со учењем*, *шесш дана у зашвор*, *на државни шрошак*, *није еиископ*, *него... владика* (2), *возом су не йребацили овамо* (1). Најпосле, се чини дека информаторите ги користат србизмите и во функција на официјализацијата, т.е. во врска со дијалошки форми, пренесени во нарација, на пр.: ние... изгубие *дјеца* од шумава, ние сакаме да *учимо*, нема да те *йуштимо* (2).

Најпосле, и испитувачот кој, по сѐ изгледа, зборувал српски јазик во својот контакт со информаторите, веројатно го предизвикал засиле-

ното присуство на српските јазични карактеристики. На тоа укажуваат дијалошките секвенции со паралелната употреба на синонимните српски и македонски облици: *да се ради, да се рабо̄та, разумеш* (2), сп. *ко̄га бев млад, ко ер̄ген, разумеш* (3) итн.

* * *

Овие кратки забелешки покажуваат дека темава сврзана со говорот на Македонците во Јабука може да биде интересна од разновидни аспекти, пред сè од лингвогеографски и социолингвистички аспект.

## *ПРИЛОЗИ*[9]

1. Информатор – Димко Пауновски, Ташмаруница (Струга):

*Ја се викам Димко Пауновски. Насељен сам од че̄трдесе̄т и шес̄та ̄година... ̄по заслӯга на бра̄та ми в армија ш̄то беше у ̄пар̄тизанӣте и се̄га овде мно̄гу ми е добро. Сакам да реча једно: и рабо̄та имам овде у село, а имам и малку земља ̄пољо̄привредно ш̄то рабо̄там, и ̄тако ̄то...*

*Јас бев о[д] Ташмаруница. Село̄то мое е во Македонија. Село̄то мое Бери...е...е... седамдесе̄т с̄тановника се, ̄повише нема... И скоро ̄половина је одселено оданде. И ко' дојдовме че̄трес шес̄та ̄година ос̄танае све̄га седум куќи ̄таму. Они се баве ̄повише со с̄точарс̄тво и зана̄т, кои има зана̄т, кои рабо̄та в ̄предузече и ̄така на̄така... Па дошли смо со... Онда је било ком̄позиција̄та, возом су не ̄пребацили овамо.*

2. Информатор – Ристо Миловски, Локоб (Дебар):[10]

*Јас се викам Миловски Рис̄то. Од село̄то Локов на околина̄та С̄трӯга. Е, као де̄те из малена сам у село Локов, разумеш, и одрас̄тао... како се ка... одрас̄тев. Во деве̄тнаес̄т ̄години као момак и сакав да учам школо̄то. Че̄тири разреда завршив во село̄то Ржанову и како ученик, не мно̄гу одличан, али врло добар. Е, ондак, било че̄трес че̄твр̄та, беше. Дошло од Охрид е̄писко̄по̄т и он бараше деца да школује. Пош̄то су ̄га дочекали добро и... Само да ̄ги земам деца да и учам на државни ̄трошак. Е, како ни едан родӣтел не се сложи да... дава му свое де̄те ̄тамо да учи, ние со еден дрӯгар, вика се Кире, који умрен... а ̄после нас̄тави за ̄по̄п... Така ми... ние залубени у школӯту да ̄продужиме. Ама родӣтеливе нах не давају да учиме, како ̄требаше, и служиме око с̄тока, око ̄говеда, око свиње, око земја. Да се ради, да се рабо̄та, разумеш... И решиле ние, со ̄тој дрӯгаро̄т сами да одиме код ̄тој е̄писко̄п... Није е̄писко̄п,*

---

[9]Иако текстот даден во дипломската работа (Пантовиќ 1985: 8-12) содржи поголем број различни грешки, моите приредувачки интервенции се дадени во минимална мера, пред сè во врската со корекцијата на одделни печатни грешки (во аглести загради), потоа пишување *ќ* и *ѓ* со надредни знаци (наместо *к, ̄г*), уредување големи и мали букви, слеано пишување (на пр. *село̄то* наместо *село ̄то*, *љубав̄та* наместо *љубав ̄та* и сл.), упростување на одделни правописни решенија (на пр. три точки наместо запирката и две точки), воведување наводници кај управен говор, уредување на говорни целини (реченици, пасуси) и сл.

[10]Додека во списокот на информаторите Пантовиќ забележува „Ристо Миловски (Локоб, околина Дебра)" (8), на истата страница, во текстот на неговиот информатор се бележи форма „Локов", како и податокот дека тоа село е во Струшко. Селото Локов се наоѓа јужно од Дебар, т.е. помеѓу Дебар и Струга.

*него... владика, како да кажеме. И шаман за време ручак му поставивме питање нему: „Дедо, владика, ние сакаме да учимо." „Добро, рече, синови. Ако ви дозволе вашите родители, да се потпише, можеш да ви примам, а без потпис од родители не може да ве примам..." И тако останаме разочарани, со тој другарот, и таки школу не мореме да положиме. И за тоа време иако што... бев залубен во те учење, после борбите кој дојдое тие можби да се прави за Банат, за Војводина и ја решив, за моите деца, реко, тамо има школи, тамо има занати. Ќе се преселам тамо због децата, а и за учење ако се успее да се уче децата, тамо има школи. Ко што има ств[а]рно, разумеш. И таке, на тај начин ја сам преселен овде, за тие деца што су желели за учење, али ја нисам мого да наставим моите деца со учењем. И таке, четрдесет шеста година, која беше колонизацијата, дојдовме овде па се колонизиравме од четрдесет шестата година па до денеска, ете овде, така е...*

*Бог да и бие Дебрани,*
*Бог да и бие Дебрани,*
*Што настанае хазбии,*
*Што настанае хазбии.*

*Што настанае хазбии,*
*Што настанае хазбии,*
*По таа река Радика,*
*По таа река Радика.*

*Плена јој сломи пленае,*
*Плена јој сломи пленае [?],*
*Пленае једно невесте,*
*Једно невесте.*

*Једно невесте малечко,*
*Једно невесте малечко,*
*Још три години,*
*Још три месеци зедено,*
*Још три месеци зедено.*

*Е, то беше четрдесет и четврта година, беше у ово исто време, у жетва, баш на врукина. Е, селото... излегоа и партизаните. Јас у партизаните како бев, фамилијата беше појдена во шума, а ние со партизаните. Баш мене ме наредое, то е се из далина, двоглед не могле, то е се на далина... разбираш. И решивме да видиме што е са тие луѓе тамо. Ние д[в]ајица отидовме без оружје, отиде, ако су Немци иначе ке ме стрела, и ние таке без оружја отидовме, само да констатуисаме*

*што е с тие луѓе тамо. Ако... Ние со тој другар, исто беше од селото мое, тој е умрел, отидовме таму, далеку беше, отидовме таму ние, разбираш. Имаше укопано пред нас и тога излегоа од ров Немците и ние кренавме рока у вис, ќе предаваме. „Но – пита не, вели – што сакате овде, што барате?“ – вели. „Ние – велиме – изгубие дјеца од шумава и не знаjеме кад ни ќе појдеме!“ – разумеш. И не верује, од тамо, главниот капетан, тамо, и артилеријата бие на цивилизацијата, на народ во шумата, и партизани помешани. Ја му вика: „Немој тамо да биете артилеријата, пошто је тамо цивилизација, не партизани!“ Одма тој благодареќи командантов немачки пусти курир тамо кој беше наместен артилеријата тамо, и прекину да бие тамо, чим е цивилизација – прекину. И другарот едниот го пуштиа, а мене ме задржио са оними тамо. Едно недела дена ме чува тамо са оними сви, д-им кажам патиштата.*

*И [к]ој дојдов назад ја фамилијата не знам ке да е барам сега. Ја им барав: „Пуштите ме, велам, да ме зна фамилијата, ил сум стрелан, ил сум убиен, да не знам му га да. Шест дана у затвор се много.“ „Но, каже, нема да те пуштимо!“ На шестиот ден пага им да им се молам, тамо. „Дајте, реко, да знам ил сум убиен ил сум погинав!“ И на шестиот ден дојдое тие се пребацие за Дебар. Поминал некие село православно. Ја му велам: „Да ме пуштите – му вела – овој правец, тој Дебар, му вела, амо селото му го...“ Стана тој главниот зере написа писмо: „Иди реци, ако те стрефит други Немци, реци да им покажеш што смо те држали шест дана.“ И таке, тие ме пустие, разбираш, тие замилиа за Дебар војската, а партизаните наши в шуму остана, разбираш. И фамилијата је најдов во шума. И так со фамилијата се најдофме. И Немци се вратие.*

3. Информатор – Никола Арсов, Краинци (Велес):

*Ја се викам Никола Арсов. Родом сум из село Краинци, Титово Велешко. За време ратот, сум бил от четириесет и четврта година, од август месец, па све до петнести мај четириесет и пета година. Сака да кажам... падна изболен на око, лежав на око у болницата, ама све пак добро беше. Станав на нога и бев... беше видно на лице. И така, кога дојде за колонизацијата време бев колонизиран четрдесет и шеста година, март месец, дојдовме тука. Ето, некако дојдовме, бевме во задруга. И сето радимо во задруга, земиште, нейун јутар.*

*Можем да кажем за Настрадин Оџа како го прода магарето. Го отерал за да го продава и го сретнал неко ко, наравно, кој сакал да го купа. Ама и (тиа) тој сака да мало ринѓожат. И така го прашаат Настрадин Хоџа, рече: „Колку пари магарето?“ А тој рече... а он рече:*

*„Десеӣ найољони..." „Добро, рече, десеӣ... десеӣ..." Ама рече му ѓо: „Како, бре, чекај, да ѓо јавнам. Да видиш како!" И он му се качил на леѓа збок к... иии... оно хоӣ... – Пари, жолӣи найољони!*

*– „А, рече, добро Насӣрадине. Колку ӣари?"*

*– „Тридесеӣ... чеӣрдесеӣ..."*

*– „Тридесеӣ... чеӣрдесеӣ..."*

*Е, рече му ѓо:*

*– „Оно му ѓи дава ӣари."*

*– „А со шӣо ќе ѓо раниме, рече, ако ќе ѓо оӣераме дома?"*

*– „Дома, рече, кој ќе ѓо оӣераӣе, ќе му сӣвориӣе р'ж."*

*И ӣи ѓо зели... И му скували ӣа р'ж и нараниле на вечера, и ѓо заӣвориле. И сабајлеӣо кој ќе храниӣе [?] – маѓареӣо цркнуло. Го ӣукнало. Ха, ха, ха...*

*Ја, коѓа бев млад, ко ерѓен, разумеш, девојке, леӣо, све се сакале, ама да се не видиме. Сӣари њен ќе ме уӣеӣаа. И шӣо ќе да ӣравиме ние, наравно, сакаме да се узмеме, еӣо ӣако е љубав. И кој ќе дојде на сабор... и да иѓраме. И ќе се фаӣиме сиӣе, ама не смеш, а они ја ѓледааӣ од онаӣа сӣрана, ооо... да се уӣеӣаа сӣариӣе, мајкаӣа, ӣаӣко... То е ӣака. Мене ме сакаше една девојка и ӣо боѓаӣа девојка. Она сака за мене досӣа. Она сака за мене досӣа, ама не сме од сӣариӣе. Никако. И шӣо ке ӣравиме. Се крадеме ние, овамо-ӣамо, се увек, секоја вече и... никако да дојдеме код неа. И ӣака ӣи кажам. То е било досӣа ӣоѓа. Ја за време ӣридесеӣ седма ѓодина сум служал војска у Босна. Она ӣиса да ме ӣусӣа, а они ја конӣролисааӣ в ѓрад. Никако. И да е хваӣаӣ, да е исӣеӣааӣ. Не може никако. И ӣако ја бев девеӣ месеци војска. За ӣие девеӣ месеци, коѓа дојдов, она беше омажена. И ӣака времеӣо... После јас ќе најдем друѓа. Еӣо ӣака љубавӣа е... Мине... ӣовише нема.*

4. Информатор – Новка Митева, околина на Св. Николе:

*Ја се викам Новка Миӣева... В раӣ е било ӣешко. После дошли ӣарӣизани... Било је ӣешко шӣо не може буде, али ӣрошло је све, а овде се навикли... Било је добро... Е кад смо ӣрошли Дунав, ӣровели една ноќ на Дунав... Добро беше. Тамо е било мноѓу лошо.*

## *Литература*


1. **Видоески, Б.**: *Дијалектите на македонскиот јазик,* Том 1, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 1998.
2. **Видоески, Б.**: *Дијалектите на македонскиот јазик,* Том 2, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 1999.
3. **Киселиновски, С.**: *Етнички промени во Македонија (1913-1995),* Институт за национална историја, Скопје, 2000.
4. **Киш, М.**: *Дијалектната лексика од областа на растителниот свет,* Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Скопје, 1996.
5. **Пантовић, Љ.**: *Говор села Јабуке код Панчева* [дипломска работа во ракописот], Филолошки факултет у Београду, Београд, 1985, 1-47.
6. **Радић, П.**: *Из историје српског питања у Македонији (Културолошки аспект),* Balcanica, XXXII-XXXIII, Academie Serbe des sciences et des arts – Institut des etudes Balkaniques, Belgrade, 2003, 227-252.
7. **Радић, П.**: *Поглед на српску мањину у Македонији,* Положај и идентитет српске мањине у југоисточној и централној Европи [научен собир], Српска академија наука и уметности – Одељење друштвених наука, Књига 25, Београд, 2005, 147-152.
8. **Станковић, С.**: *Македонци и македонски језик у Републици Србији – pro et contra,* Скривене мањине на Балкану [научен собир], Српска академија наука и уметности – Балканолошки институт, Посебна издања 82, Београд, 2004, 41-49.
9. **Trifunoski, J.**: *O posleratnom naseljavanju stanovništva iz NR Makedonije u tri banatska naselja – Jabuka, Kačarevo i Glogonj,* Matica srpska, Novi Sad, 1958, 5-43.

*Наталија Бороникова, Елена Овчиникова*

# ОЦЕНУВАЧКА КОМПОНЕНТА НА ЗНАЧЕЊЕТО НА ЗАМЕНКАТА „ЕДЕН" ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

1.1. Семантиката на заменките, особено на неопределените заменки, е предмет на многубројни истражувања. Поради асистемноста на оваа јазична класа нејзиното опишување е многу комплицирано. Невозможно е да се даде строга класификација на заменките, ако се земат предвид само семантички критериуми, зашто, според Т. П. Нехорошкова, „...сличните обединувања не се строго морфолошки, семантички или синтаксички" (Нехорошкова 2001: 3).

Најсоодведните обиди да се опише семантиката на заменките се остваруваат од гледна точка на теоријата на референција (види ги, на пример, трудовите од В. Гладров, Е. Ј. Иванова, С. А. Коваљ, Е. В. Падучева, А. Д. Шмелев и др. ). Имено, референцијалниот, логичко-семиотички пристап овозможува да се разгледуваат заменките како хомогено образување. Според мислењето на Е. В. Падучева, „...заменките... образуваат... лексичко-семантичка класа на зборовите, чиешто единство е обусловено од нејзината принципиелна улога во остварувањето на референцијата: тоа се зборови во чие значење влегува или посочување на говорниот акт или посочување на типот на однесување на исказот кон стварноста" (Падучева 1985: 11). Референтната употреба на именката означува дека говорителот во комуникативниот акт ја определува нејзината релација со некаков објект или група објекти во стварноста. Нереферентната покажува дека именката не се однесува на конкретен предмет, туку на класата воопшто или на признакот на класата.

Говорителот ги дели предметите од реалниот свет на определени и неопределени, познати и непознати, идентификувани и неидентификувани. Референтите во принцип не можат да бидат ниту определени, ниту неопределени. Именките како јазични единици, коишто ги означуваат објектите на стварноста, исто така не се обележани со значењето на определеноста или неопределеноста, тие стануваат такви само во процесот на функционирање, во комуникативниот акт. Односот на субјек-

тот на говорот кон реалноста, а поточно, посочување однос на знакови кон интерпретатори се изразува со помошта на комуникативната категорија определеност-неопределеност.

Определеноста се базира врз следниве признаци на предметот: познатост, идентификуваност, предзнаење, то ест врз референтната употреба на именката (посебен случај претставува родовата референција). Што се однесува на неопределеноста, не треба да се идентификуваат нереферентноста и неопределеноста. За нереферентната именка се карактеристични значењата како егзистенцијалност, генеричност и типизирање. Меѓутоа, поимот „неопределеност" ги опфаќа само референтните именки. Поради тоа спротивставување по определеност-неопределеност е возможно само во сферата на референтно употребена именка.

1.2. Во семантиката на таканаречените неопределени заменки (НЗ) е претставена меѓусебна поврзаност на поимите неопределеност и референтност. Во системот на НЗ по традиција се изделуваат три типа на неопределеноста (за референтната семантика на НЗ врз материјалот на македонскиот јазик види: Поварницина 1996, 1998, 1999):

1) Неопределеноста на непознатоста (специфична). Предметот на говорот не им е познат ниту на говорителот, ниту на слушателот. Станува збор за референтната употреба (*Некој човек дојде*);
2) Слабата определеност (специфична). Предметот на говорот му е познат на говорителот, но не му е познат на слушателот. Референтната употреба (*Пред неколку дена дојде еден мој пријател*);
3) Егзистенцијалноста (таканаречената неспецифична неопределеност). Нереферентната употреба (*Земи некоја (која било) книга*).

Како што произлегува од класификацијава, неопределеноста ја карактеризира само првата група на НЗ. Втората група на заменките го покажува процесот на формирање определен поим од неопределен. За двете групи е карактеристична референтна употреба на именката. Третата група на заменките се наоѓа надвор од поимот на неопределеноста, зашто тука се реализира семантиката на постоење и на слобода на изборот од множество. Во овој случај името се употреба нереферентно.

1.3. Меѓутоа, „говорителот и слушателот секогаш извлекуваат значително повеќе информација од одделни искази отколку што се содржи во нив како во јазичните образувања" (Шаховский, Жура 2002: 38). Информацијата се базира не само врз претставата за познатоста или

непознатоста на предметот на говорот или врз релацијата со реалниот свет, бидејќи во секој говорен акт говорителот избира некаква гледна точка. Таа е оценувачка, заснована врз јазичниот опит на личноста. Оцената секогаш е насочена на некаков објект (тоа може да биде соговорник, говорителот или некое трето лице / предмет).

Апсолутната оцена секогаш претпоставува споредба (по квалитативни или по квантитативни карактеристики). Во процесот на споредбата, класата на објектите со определени карактеристики се градуира, образува оценувачка скала (Види: Вольф 2002: 47-48). Структурата на оценувачката скала претполага две страни на оцената: објективна и субјективна. Во првиот случај станува збор за реалните својства на објектот (*мал, ѓолем, шркалезен* итн. ), а во вториот – не само за својствата на објектот туку и за субјективниот однос.

Во основа на оцената се наоѓа соодветство или несоодветство на кој било настан или предмет со потребите на субјектот, и токму затоа човекот (како субјект на говорот и емоцијата) станува излезна точка во рамките на неговиот емотивен свет. Според мислењето на Е. М. Волф, објективниот свет се разделува од гледната точка на неговата вредност – доброто и злото, ползата и штетата, важноста и бесполезноста итн. Секундарното членување (социјално) доста комплицирано се одразува во јазични структури. Оцената како семантички поим подразбира вредносен аспект на семантиката на јазичните изрази, којшто се толкува како: „А (субјект на оцената) смета дека Б (објект на оцената) е добар/лош“ (Вольф 2002: 5). Опозицијата „добро – лошо“ е исто градуирана. Зголемување на еден признак предизвикува намалување на друг. На оценувачката скала има зони на позитивното и на негативното, меѓу нив се простира зона на неутралното, каде што карактеристиките „добро/лошо“ добиваат извесна рамнотежа. Вистинската зона на неутралното, според забелешката на Е. М. Волф, ја заземаат зборови коишто се однесуваат кон сферата на класификацијата или ја посочуваат припадноста кон класа, чии елементи не се разликуваат помеѓу себе, или на соодветството на норма (*обичен, йросечен, шийичен, нормален* итн.) (Вольф 2002: 51). Нормата по правило одразува карактеристични белези на стереотипот. Изделувањето од класата содржи оценувачка сема и доведува до експресивност. Експресивноста е неопходна за да се зголеми емотивното влијание на соговорникот и да се покаже степенот на заинтересираноста на субјектот на говорот.

1.4. Во улога на јазичните средства со чијашто помош човекот ја експлицира својата позиција можат да настапуваат различни оценувачки средства, меѓу нив и НЗ. Експресивно-оценувачката сема на заменките може да се пројавува во оценувачки искази. Значењево Л. Минова-Ѓуркова го нарекува секундарно, а нивната функција е карактеризација

(Минова-Ѓуркова 1994: 59-60). Функцијата е типична за некои групи НЗ, исто така и за негативните заменки, изговорени во определени ситуации со извесна интонација, на пример: *Маѓаре ниедно/низаедно!* (Минова-Ѓуркова 1994: 51); *Ти си никој и ништо!; Тие се за никаде!; Гледаш што ми направи, бе никаков?!* и др. (Минова-Ѓуркова 1994: 59). А заменките со компонентите *било, ѓоде, (и) да е* почесто се употребени за негативна квалификација (види: Минова-Ѓуркова 1994: 60; Усикова 2003: 168).

Македонските лингвисти особено одбележуваат случаи на лексикализација на постпозитивната заменка *си* во комбинација со *некој*. Партикулата *си* додава извесна стилистичка нијанса на потценување (види: Конески 1982: 340; Тополињска 1996: 35). На пример: *За водата од бунарот на баба Славка со која таа не би се посрамотила ни пред* ***некојси цар*** (ВЈ 2001, 40). Како што одбележува М. Миркуловска, употребата на *некојси* се сретнува и во случаите кога говорителот сака да се дистанцира од реченото (референтот е ситуациски идентификуван или пак станува збор за експресивен израз). Употребата на *некој(си)* со сопствено име, назив, назив на професија и сл. информира дека говорителот негативно ја оценува именуваната личност и нејзините стручни способности: *На некоја(си) Елизабета ѝ текнало да се заградуваат балконите од зградата* (Миркуловска 2006: 479).

Функцијата на карактеризацијата на различните типови на НЗ може да биде предмет на одделно пообемно истражување. Во рефератов ќе се задржиме само врз оценувачката сема во семантиката на НЗ *еден* во македонскиот јазик и ќе се обидеме да ги опишеме случаите каде таа се пројавува најјасно.

2.1. Прво да ја карактеризираме положбата на НЗ *еден* помеѓу другите средства за изразување на неопределеноста во македонскиот јазик. Неопределеноста во јазикот се изразува со општа форма на именката, а определеноста со членувана форма. Во случајот на таканаречената маркирана неопределеност, кога семантиката на неопределеноста или на нереферентноста посебно се истакнува, се употребуваат НЗ *некој, еден, кој-ѓоде, кој (и да) било, кој и да е* и др. Значењето на НЗ *еден* потекнува од семантиката на бројот *еден*, во основа на која лежи поимот на единичноста. Најважната разлика помеѓу НЗ *еден* и бројот е преовладување на семантиката неопределеност и способност да се образува множина. При тоа, НЗ *еден* е блиска по семантика со НЗ *некој* (Конески 1982: 325). Освен тоа, *еден* поседува ред карактеристики кои ја одликуваат од останатите НЗ.

Во некои случаи *еден* може да се граматикализира и да функционира како неопределен член (види: Миркуловска 2002, 2006; Поварницина 1996; Тополињска 1974, 1981-82 и др. ). Во врска со тоа, М. Поварницина го однесува, како и општата форма на именката, кон граматичкото ја-

дро на неопределеноста, меѓутоа, останатите НЗ ја претставуваат нејзината периферија во македонскиот јазик (Поварницина 1996: 60). Како неопределен член *еден* е неакцентиран и има фиксирана позиција во именската група (ИГ).

Меѓутоа, границата меѓу *еден*-НЗ и *еден*-неопределениот член е разнишана, зашто *еден* не може докрај да се ослободи од своето лексичко значење. Така, М. Поварницина покажува дека *еден,* освен основното категоријално значење на маркираната неопределеност и слабата определеност, може да има семантика на споредба, потсилување, ограничување, единичност, генеричност (види: Поварницина 1996: 66). Во повеќето случаи *еден* покажува експресивно маркирано значење. Така, во извесниот пример *Ти си еден тиран* („ти си како што се тираните"), *еден* има споредбена семантика, а споредбата претставува вид квалификувачка оценка. Најчесто експресивно маркираната споредба, како што одбележува М. Миркуловска, се сретнува во предикатот, токму тогаш ИГ функционираат како карактеристики (во поширока смисла) (Миркуловска 2002: 258).

2.2. Имаме разгледано ред текстови од современиот македонски јазик, каде се сретнува оценувачката употреба на *еден.* Прво, беа определени статусот и дистрибуцијата на *еден* со оценувачката семантика во составот на ИГ. Второ, беа разгледани референцијалната семантика на ИГ со *еден* и нејзиниот оценувачки полнеж.

Како што покажа анализата, *еден* во ИГ може да зазема позиција на детерминатив и супститут:

(1) *Нени – тоа сум јас. Лили не можеше да замисли дека нејзината внука може да има* ***едно такво селско име*** (ВЈ 2001, 11).

(2) *Зарем во оваа положба во која се наоѓаш ти одбираш да ми кажеш нешто толку банално како „нормален* ***еден****", обраќајќи ми се? Нормален сум, а ти не си. . .* (http://www. dozgulpmus. blog. com. mk).

*Еден* како детерминатив се појавува пред именките, кои се придружуваат со придавки и заменки (1). Како супститут НЗ *еден* зазема позиција на именка и може да се поврзува со атрибут и детерминатив (2). Иако во позицијата на детерминатив *еден* игра улога на член, во позицијата на супститут тој функционира како НЗ со сопствено лексичко значење.

Именските групи со детерминативот *еден* условно беа поделени на две. Првата се именските групи *еден*+именка (*еден*+N). По правило *еден* овде се наоѓа во препозиција и ги дуплира сите форми (род и број) на именката:

(3) *Полесно ѝ било да исфрли од животот на своето семејство* ***еден селанец*** (м. р. , едн.), *нема врска што тој ми е мене татко, што тој ѝ е маж на мама, тоа било полесно отколку да сака нешто што претходно толку го мразела...* (ВЈ 2001, 19).

Понекогаш се одбележува инверзија. Овде станува збор за повикувања, апелирања од експресивен карактер:

(4) а. – *А бе,* ***манґупи едни,*** *сте заборавиле чаши* (ВЈ 2001, 45); б. *Не плаќаш данок,* ***сидашу еден!***. . . *Бидејќи се работи за фискални сметки треба да е:* ***фискашу еден!*** (http://kajmakot. softver. org. mk/politika); в. – *Уф! Ѓаволот! – извика баба Неда, – Иста е неговата баба Менче.* ***Ѓавол еден!*** (ВЈ 2001, 73).

Именките во именските групи можат да бидат како општи, така и сопствени, општите се делат на конкретни и апстрактни, но во сите случаи се чувствува оценувачко значење:

(5) *Беше* ***еден Тито*** (http://socijalizam. blog. com. mk/).

(6) *Нејзината ќерка* ***со еден селанец!*** (ВЈ 2001, 17).

(7) а. *Се расплакав уште посилно откако ми падна на ум дека можеме да бидеме разделени* ***една вечност*** *што уште подолго ќе трае...*(ВЈ 2001, 8); б. *Јас тогаш, со* ***една рамнодушност*** *без трошка детски инает, му реков: – Нема никогаш да ти простам и тебе* (ВЈ 2001, 91).

Функцијата на *еден* овде е потцртување, засилување на значењето на именката, изделување на предмет со особени, извонредни карактеристики од другите (еминентна функција). Така, во „Толковниот речник на македонскиот јазик" се говори дека во разговорниот јазик *еден* често се користи за потцртување, истакнување на именката: *Имаше* ***едни мустаки*** *до уши. Пуштил* ***една брада*** *како поп. Зинал* ***една уста*** *и само кажува нешто* (Толковен речник... 2003: 576).

Во втората група се именските фрази со придавки или адјективни заменки (*еден*+$Adj_1$($Adj_2$)+N). Овде *еден* засилува семантички пооптоварена компонента на именската група, тоа може да биде како именката (8), така и адјективот (9, 10). При засилувањето на семантиката на именката е возможна инверзија на придавката (8б, 8в):

(8) а. *Сиот –* ***една отеловена болка*** (БЈ 1960, 130); б. *Цветот сè повеќе ги шири своите латици, ножот сигурно патува во мека врелост и од соковите на* ***еден живот црвен*** *е до своето грло* (ЈС 1952, 110); – ***Примитивци едни индискретни***... *Тие ријат по интимата!* (ВЈ 2001, 19).

(9) *Ти си ангел. Ти си* ***еден тажен ангел*** (http://bezljubov. blog. com. mk/).

(10) а. – *А бе... Сум станал* ***еден склеротичен братучед*** (ВЈ 2001, 41). б. *Да, таа е* ***една силна, природна жена*** *и можеби ќе може, си мислев* (ВЈ 2001, 21-22).

Кога се засилува семантиката на придавката, невозможно е да се извлече *еден* од синтагмата без деформирање на смислата. Спореди: *Сум станал* ***еден склеротичен братучед***. – *Сум станал* ***еден братучед***.

Како разновидност на атрибутивот настапува и апозиција:

(11) *Госпоѓа Вера ни пронајде и* ***една тешка Гена***... (ВЈ 2001, 101).

Во синтагмите обично влегуваат квалификативни придавки, кои се делат на две пообемни семантички класи: „типичен" (*обичен, доста раширен, типичен* и др. ), „извонреден" (*силен, голем, длабок, недостижен, урнебесен* и др. ).

Посебно треба да се одбележуваат синтагмите со *еден* и адјективните заменки (*еден таков (таков еден), еден цел (цел еден), еден ист таков, еден поинаков, подруг* и др. ), кои означуваат квалитативна споредба или пак целост на предмети. Заменките можат да се однесуваат како кон именката (*еден таков маж, една таква жена, еден таков Спиридон* и др. ), така и кон синтагмата (*една таква урнебесна вечера*). Освен тоа, во нашиот материјал се сретнуваат случаи каде што *еден таков* се употребува без именката:

(12) *Мама ме гушкаше и над мојата глава мрмореше дека би требало да ме остави; а татко ми со најлутиот глас што сум го слушнала долго викаше дека нема намера да ме остави со* ***една таква*** *или со* ***едни такви***... (ВЈ 2001, 6). Овде експресивноста се зголемува благодарејќи на супстантивирање на квалификативната заменка *таков*. Пејоративната конотација се појавува поради стереотипноста на употребата од *еден таков* за посочување на негативните својства на предметот, својствата обично не се експлицираат.

2.3. Во исказот по традиција се одвојуваат две групи: именска и предикатна. Супстантивната употреба може да биде референтна и нереферентна. Во предикатот именската група нема референт, означува само својство.

Според нашиов материјал, ИГ со *еден* можат да бидат индивидуализирани (неопределени и слабоопределени) и неиндивидуализирани (егзистенцијални и универзални).

2.3.1. Референтната употреба на ИГ е поврзана со семантиката на слабата неопределеност и неопределеност. Во случајот **со слабата неопределеност**, како што се одбележуваше погоре, објектот на реалноста му е познат на говорителот, но се смета за непознат на слушателот. Слабоопределените ИГ почесто се сретнуваат во интродуктивни искази, каде говорителот го именува предметот, а понатаму го идентификува:

(13) *Не знам кој го посоветувал, но некаде пред десетти август, почна* ***една нова ИГРА*** *БЕЗ СНЕЖЕ што јас ја нареков: НЕДА НЕ УЧИ ЧЕШКИ* (ВЈ 2001, 101).

Тоа може да биде секундарна интродукција на веќе споменатиот предмет. Повторната номинација е неопходна за дополнителна карактеризација на предметот и на неговата улога во конкретната ситуација:

(14) *„Има некакви проблеми?" рече* ***еден тивок глас****. Професорот Волков тукуштo се симна од следната кочија* (РЦК 2003, 78).

(15) *Да знаеја само што мислеше тој, умниот, што носеше тој во душата, што си шепотеше кога беше сам и кога до усмев вистинито му се чинеше дека* ***една бела, кротка и трепетна рака*** *му го допира рамото* (КБ 1990, 148).

Освен тоа, ИГ со *еден* може да има значење на слабата определеност тогаш кога говорителот не сака да го идентификува веќе познатиот предмет. Причината може да се содржи во демонстрирање на потценувачки однос кон предметот. Тогаш се истакнува дека тој не заслужува посебно внимание. Во овој случај семантиката на *еден* е аналогна со семантиката на заменката *некојси*. Говорителот намерно се дистанцира од предметот на говорот:

(16) *Госпоѓа Вера ни пронајде и* ***една тетка Гена*** *(исто така мажена во Прага, ама цели педесет години, исто така Македонка) која ни правеше ручеци секој втори ден* (ВЈ 2001, 101).

Семантиката на слабата определеност може да се констатира и во комбинации на *еден* со сопствени имиња. Важно е да се истакне дека *еден* тука додава експресивна сема. Сопственото име означува уникатен предмет, единствен од свој тип и нема потреба од дополнителна детерминација. Семантиката на неопределеноста и единичноста се покажуваат како излишни, употребата на *еден* овде истакнува експресивен однос на говорителот кон предметот на говорот:

(17) *Некаде на почетокот на 20 век, во Санкт Петербург, си живееле во љубов* ***една Вера и еден Иван****. Вера била малку трудничка и целата срекна едвај чекала да се олесни и да ѝ се роди детенце* (http:// www. macedonia. eu. org/);

(18) *Еден од нас ни рече дека на тој што се претстави како Спиридон, не треба да му веруваме. Прво, затоа што* ***еден таков Спиридон*** *(со слично име) веќе бевме истерале од нашето место затоа што сите заклучивме дека е штетен за нашето единство...* (ЛЕ 1998, 28);

(19) *Беше* ***еден Тито*** (http://socijalizam. blog. com. mk/).

Во ИГ **со семантиката на неопределеноста** *еден* исто така, како и во случајот со слабоопределените ИГ, има семантика на извонредност, еминентност, се употребува за да се подвлече посебна карактеристика на предметот:

(20) *Но, и братучедот Сотир знае да се измори, па тој* ***со една длабока воздишка*** *ја спушти на земјата...* (ВЈ 2001, 40-41).

(21) *Ајде сега ние двајцата да направиме* ***еден сериозен машки муабет*** (ВЈ 2001, 59).

(22) *Јас тогаш, со* ***една рамнодушност*** *без трошка детски инает, му реков: Нема никогаш да Ти простам и тебе* (ВЈ 2001, 91).

Како што се гледа од примерите, во еминентната функција *еден* може да се употребува со конкретните, и со апстрактните именки.

2.3.2. Освен тоа, *еден* може да ги придружува **нереферентните ИГ**. Тогаш се активира поимната релација на именката, основен станува не конкретниот денотат, туку сигнификативната страна на семантиката, која го карактеризира множеството предмети на класата.

При **егзистенцијалната употреба** на ИГ се реализира значењето на постоење објект со определени својства. Објектот не е идентификуван, зашто не е одбран од класата, тој е само елемент на множеството. Тука се изразува субјективната семантика на незаинтересираност, безразличност, рамнодушност, човекот манифестира подвлечена безразличност при изборот од множеството на предметите од еден ист тип:

(23) *Па, да – и тој е човек, би рекла Снеже и зошто да не може да премине* ***една граница****?* (ВЈ 2001, 140).

Кон егзистенцијалните, според нашето мислење, се однесуваат и ИГ со *еден таков* („некаков предмет од еден ист тип, со истите карактеристики“). Негативната конотација во овој случај пак се појавува заради подвлечена незаинтересираност на говорителот:

(24) *Идејата за фонтаната нејзе ѝ дојде наеднаш како што им доаѓа наеднаш на птиците да снесат јајца, како што наеднаш почнува да врне иако нема облаци, како што само од мозокот на* ***една таква жена*** *може наеднаш да испливa на површината на водата, на виделината на белиот ден, такво нешто* (ЛЕ 1998, 19).

(25) *...фонтана на дворот на куќата не би им личело со околината која во многу што е посиромашна од потребата да се има* ***таков еден предмет*** *во дворот* (ЕЛ 1998, 20).

Во **универзалните (генерички) искази** станува збор за типичен, еталонски претставник на множеството. Предметот се однесува кон класа, класата е претставена дискретно. Повеќе генерични искази се покажуваат како оценувачки. *Еден* подвлекува акт на доведување на предметот до класата преку споредбата со типична карактеристика еталонска за класата, ја засилува „типичноста“ на објектот (најобичен, најтипичен). „Типичноста“, „просечноста“ на еталонот, избран за оцена, често се засилува со помошта на определбите (*типичен, обичен, среден, сличен, од таков тип* и др. ):

(27) *Не е лесно* ***еден писател*** *да успее да го анимира читателот* (http://devstvenocrveno. blog. com. mk/node/81570).

(28) *Ако мислиш дека животот е толку едноставен, зошто сè повеќе го усложнуваш разговорот* ***со еден обичен странец****, кога тоа е толку лесно и едноставно* (http://devstvenocrveno. blog. com. mk/ node/81570).

2.3.3. Посебно внимание привлекува *еден* во составот на предикат, затоа што за оценувачките дескрипции типична е синтаксичка позиција на предикат. Предикатната употреба на ИГ е нереферентна, името овде „не соднесува со никакви објекти, туку означува својство" (Падучева 1985: 86). Основната карактеристика на таквите искази е референтна определеност на субјект, то ест предикатната група го карактеризира определениот референт. Во предикатот, пак, се изразува својство, признак, карактеристика на референтот.

*Еден* во составот на предикатот е способен да изразува неколку значења. Пред сè: своевидно просечно значење. Исказите обично се дополнуваат со рестриктивната партикула *само* (или ја претполагаат нејзината семантика):

(29) *Можеби сум* ***само една романтична будалетинка****, а можеби и навистина човеков знаел да каже ТЕ САКАМ*... (http://www. macedonia. eu. org/).

Можно е реализирање на еминентната семантика со позитивна или негативна конотација:

(30) *Да, таа е* ***една силна, природна жена*** *и можеби ќе може, си мислев* (BJ 2001, 21-22);

(31) *Сум станал* ***еден склеротичен братучед*** (BJ 2001, 41);

(32) *Точно си е тоа, само пази се од инструментот обоа! Може да те претвори во турбофолк, а* ***ти си еден добар раперски волк!*** (http://hip-hopschool. blog. com. mk/).

Најсилно семантиката се изразува во вокативните конструкции и извични искази, коишто претставуваат чиста карактеристика на субјектот:

(33) *Долго, возбудено по патот мрмореше:* ***Примитивци едни индискретни****... Тие ријат по интимата!* (BJ 2001, 19).

(34) *А бе,* ***мангупи едни****, сте заборавиле чаши* (BJ 2001, 45).

*Еден* може да се наоѓа во постпозиција кон именката и да изразува највисок степен на негативна реакција. Говорителот смета дека слушателот, меѓу другото, е и емоционално карактеризиран објект. Фразите најчесто изразуваат спонтана реакција на говорителот во врска со настаните, кои се случиле непосредно пред моментот на говорот, или го покажуваат неговото бурно преживување на негативните настани.

Третата функција е класифицирачка, таксономичка. Во основа на таксономијата лежи споредба на својствата на конкретниот предмет со својствата (интенсионал) на еталонскиот претставник од класата. Споредбата е субјективно маркирана, експресивна (Миркуловска 2002; Тополињска 1975; Поварницина 1996):

(35) *Ти си* ***едно цвеќе, една прекрасна природа****. . , ти си* ***една душа, едно диво маченце****. . , ти си* ***едно сонце, една ѕвезда*** (http://bezljubov. blog. com. mk/). Именката во конструкциите е оценувачка, но

експресивноста се создава со помошта на *еден*. Еталонот може да биде изразен со конкретна и апстрактна именка (при непосредно карактеризирање), со синтагма (споредба-карактеристика) во терминологијата на М. Миркуловска (сп. Миркуловска 2002: 258):

(37) *Ти си* ***еден нежен и топол ветер****, кој со својата нежност го допира во срцево* (http://bezljubov. blog. com. mk/);

(38) *Не падна во тоа нишање, зашто – се клатеше – јас сум* ***едно непрекинато пагање****, до крај на своето постоење* (JC 1956, 121).

3. Така, според нашиот материјал, неопределените дескрипции, во нашиов случај дескрипциите со *еден*, често развиваат оценувачко значење, зашто неопределеноста за разлика од определеноста повеќе е сврзана со сферата на семантиката, со сигнификативното значење на името.

Оценувачкото значење на *еден* често се појавува во генеричните искази и во составот на предикатот. Овде се реализира таксономичката функција на *еден*. Сведувањето на класата се засновува врз експресивната споредба со еталонот. Експресивноста се појавува поради тоа што говорителот претпоставува дека објектот поседува својства на стереотипен, просечен еталон, но не ги експлицира. Споредбата со еталонот е заснована врз субјективниот опит на говорителот, врз неговите индивидуални знаења за организацијата на светот.

Освен тоа, *еден* има функција на еминентност, на засилување на сигнификатот на именката или на нејзините атрибути. Ова се појавува при отстапувањето од просечен стереотип. Засилувањето, по правило, се придружува со негативна или позитивна конотација. Говорителот јасно го определува својот однос кон објектот на оцената, покажувајќи што е „убаво/лошо" за него. Функцијата *еден* се реализира и во референтните и во нереферентните именски синтагми.

Во исказите од егзистенцијален карактер говорителот изделува објекти неутрални за оцената (безразличност при изборот). Меѓутоа, семантиката на поимот „безразличен" од гледна точка на оценувањето не е секогаш неутрална, често на оценувачката скала се случува поместување во сферата на негативното.

Главен при оценување е субјективно-емотивниот момент, бидејќи имено субјектот чувствува, има емоции, кои предизвикуваат оцена „убаво/лошо", токму тој ја определува градацијата на оценувачката скала и нормата за споредување.

### *Литература:*

1. **Вольф Е. М.**: *Функциональная семантика оценки.* Москва: УРСС, 2002.

2. **Гладров В.**: *Семантика и выражение определенности/неопределенности*, Теория функциональной грамматики: Субьектность. Обьектность. Коммуникативная перспектива высказывания. Определенность/неопределенность. Санкт-Петербург, 1992.

3. **Иванова Е. Ю.**: *Коваль С. А. Болгарское „един" с точки зрения референциального анализа (научно-методический аспект)*, Вестник Санкт-Петербургского университета. Серия 2. История. языкознание. Литература. 1994. Вып. 4. 58-64.

4. **Конески Б.**: *Граматика на македонскиот литературен јазик (дел 1 и 2).* Скопје, 1982.

5. **Минова-Ѓуркова Л.**: *Синтакса на македонскиот стандарден јазик.* Скопје: Радинг, 1994.

6. **Миркуловска М.**: *Изразување на определеноста во балкански контекст*, Балканска слика на светот: Зборник од Меѓународната научна работилница одржана во Скопје на 5-6 декември 2005 година / Прир. К. Ќулавкова. Скопје, 2006. 473-484.

7. **Миркуловска М.**: *Македонското 'еден' во членска употреба*, Славистички студии. Бр. 10., 2002. 257-263.

8. **Нехорошкова Т. П.**: *Семантика неопределенных местоимений (на материале латинского и французского языков).* Санкт-Петербург, 2001.

9. **Падучева Е. В.**: *Высказывание и его соотнесенность с действительностью.* Москва: „Наука", 1985.

10. **Поварницина М.**: *Кон употребата на еден како показател на неопределеноста во македонскиот јазик*, Studia Lingvistica Polono-Meridianoslavistica 8, 1996. 59-67.

11. **Поварницина М.**: *Кон семантиката на неопределените заменки во македонскиот и рускиот јазик (слабоопределени заменки)*, Македонско-руски јазични, литературни и културни врски (материјали од Првата македонско-руска славистичка конференција, Охрид, 23-24 август 1995 г. ). Скопје, 1998. 275-285.

12. **Поварницина М.**: *О семантике неопределенных местоимений в македонском языке: экзистенциальные местоимения*, Македонский язык, литература и культура в славянском и балканском контексте. Сб. материалов Междунар. российско-македонской науч. конф. Москва: МГУ, 1999. С. 103-111.

13. *Толковен речник на македонскиот јазик*. Т. 1 (А-Ж). Скопје, 2003.

14. **Тополињска З.**: *Граммашика на именската фраза во македонскиот литературен јазик (род, број, посоченост)*. Скопје: МАНУ, 1974.

15. **Тополињска З.**: *Македонски еден – неопределен член?*, Македонски јазик, 1981-82, XXXII-XXXIII. 705-715.

16. **Тополињска З.**: *Студии од македонско-бугарската јазична конфронтација*. Скопје: МАНУ, 1996.

17. **Усикова Р. П.**: *Грамматика македонского литературного языка*. Москва: Муравей, 2003.

18. **Шмелев А. Д.**: *Определенность/неопределенность в аспекте теории референции*, Теория функциональной грамматики: Субьектность. Обьектность. Коммуникативная перспектива высказывания. Определенность/неопределенность. Санкт-Петербург, 1992.

19. **Шаховский В. И., Жура В. В.**: *Дейксис в сфере эмоциональной речевой деятельности*, Вопросы языкознания. 2002, № 5. 38-56.

**Ексцерпирани примери:**

ВЈ – **Владова Ј.**: *Девојчето со две имиња*. Штип: Видик-Мак, 2001.

ЛЕ – **Лафазановски Е.**: *Кога во Скопје ги беа измислиле чадорите*. Скопје: Култура, 1998.

СЛ – **Старова Л.**: Ервехе. *Книга за една мајка*. Скопје: ТНИД „Ѓурѓа", 2006.

РЦК – **Раулинг Џ. К.**: *Хари Потер и затвореникот од Азкабан*. Скопје: Култура, 2003.

ЈС – **Јаневски С.**: *Две Марии*. Скопје, 1952.

КБ – **Конески Б.**: *Лозје*. Скопје, 1990.

http://www. macedonia. eu. org/

http://socijalizam. blog. com. mk/

http://www. dozgulpmus. blog. com. mk/node/85307

http://kajmakot. softver. org. mk/politika

http://bezljubov. blog. com. mk/

http://devstvenocrveno. blog. com. mk/node/81570

http://hip-hopschool. blog. com. mk/

*Јулија Мешчерјакова*

## УЛОГАТА НА ОНОМАСТИЧКАТА ЛЕКСИКА ВО НАСТАВАТА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА РУСКОЈАЗИЧНИТЕ СЛУШАТЕЛИ

Ономастичката лексика на македонскиот јазик претставува огромен интерес за научниците-лингвисти, историчари, етнографи, а се јавува и како составен дидактички дел во наставата по македонски јазик за странци.

Како по правило, порано овој материјал се даваше како илустративен за етимолошките речници на словенските јазици (М. Фасмер, О. Н. Трубачов). Во врска со предавањето на македонскиот јазик во Русија (а порано и во Советскиот Сојуз) започнува поширока употреба на ономастичката лексика како дидактички материјал. Имено, ономастичките единици даваат можност наставата по македонски јазик и книжевност да биде динамична и да предизвикува голем интерес кај студентите. На Катедрата за словенската филологија на Филолошкиот факултет на Воронешкиот државен универзитет веќе повеќе години постои ономастичката школа под раководството на професор Ковалјов. Се водат активни истражувања на ономастиката на различните словенски јазици, вклучувајќи го и македонскиот јазик. Ономастичките единици се разгледуваат од различни аспекти и на различни нивоа. На Филолошкиот факултет околу 20 години се води циклусот предавања „Проблемите на словенската ономастика". Основно се проучуваат антропонимијата, топонимијата, етнонимијата, астронимијата, зоонимијата, хрематонимијата и др.

Во наставата по македонски јазик ономастиката е изделена во посебен раздел. Главно се проучува македонската ономастичка лексика од словенско потекло. Како по правило, материјалот се предава во компаративно излагање, т.е. во постојано споредување со руските на граматичко, лексичко и синтаксичко ниво.

Антропонимите во македонскиот јазик даваат многу богат материјал, кој овозможува во дидактиката (особено во сопоставувањето со рускиот јазик) да се оперира со такви категории како родот, бројот,

падежот, на пример, номинатив и вокатив во македонскиот (*Рашке, Иване, Весне*) и специјалната падежна форма за именките од машки род (*ПетретаПетра, Гоцета, Милета*) наспрема целата парадигма со отсуството на стариот вокатив во рускиот. Деривацијата на личните имиња служи како пример за функционирање на различни суфикси во македонскиот јазик, дава најдобра претстава за значењето на тие суфикси (*Рашко, Станко / Загорка, Коле, Петре / Биле, Кате, Стефче, Бранче, Ванчо, Томчо, Цоце, Даце / Маце* – Драган, *Милан, Миладин, Љубен*). Проучувањето на настанувањето на презимето овозможува подобро запознавање со апелативната база која се состои од лексемите со ознака на физички и морални особености на човекот (*Заблевски, Грбев, Деветаковски, Пузевски, Скоклески, Плашков*), на занает, професии (*Бочкарев, Железаревски, Стомнаров, Гајдаров*), на место на живеење (*Гратчанец, Небрежанец, Гарванлиев, Панчаревски, Драгомерлиев*) итн. Прекарите ги илустрираат процесите што се одвиваат во општеството, а со тоа и во современиот македонски јазик. Овде започнуваат да играат голема улога онимите што навлегле во разговорниот јазик од весници и телевизија (*Хусеин, Бекхам, Роналдињо*), кино (*Рамбо, Кинг-Конг, Терминатор*). Во последно време значајно место во прекарите зазема и компјутерскиот жаргон, исто како и контактите преку интернет и мобилните телефони – Chat, SMS и др. (*Лева патика, Разочаран, Сокол, Убав дечко, Чоколаден, Гулабица, Мачката, Сонце*)

Топонимите даваат можност за проучување на зборообразувањето, за подобро запознавање со македонските форманти и нивната врска со основите (*Берово, Јаворец, Трпејца, Љубаниште, Буковљане, Градовци, Горно* и *Долно Оризари*; *Грашница, Ештерец, Баба Јанин*). Основно, македонските топоними се карактеризираат со разнообразност на единиците (*Тодоровци, Манастир, Белимбегово, Идризово, Велес, Прилеп, Штип, Горно Врбјани, Старо Лагово, Измидол, Скочивир*), исто како и во рускиот јазик (*Касторное, Ахтирка, Ивангород, Красногорск, Чигорак, Таруса, Сухобезводное*). Тоа се должи на супстратните елементи во топонимијата на двата јазика. Во македонската топонимија можеби малку почесто, отколку во руската, се користат двоосновните и двозборовните топоними (*Бела Вода, Ново Село, Мечкин Камен, Старо Нагоричане*; *Суводол, Црнобуки, Пробиштип*). Разгледувањето на таквите различности им помага на студентите за подобро навлегување во општите и различните црти во македонската и руската топонимиска, а и општојазична слика.

Хрематонимите ги покажуваат промените во морфолошката и стилистичката структура во македонскиот јазик, исто како и карактерот на заемките – фонетиката, соодносот на доминантните брендови, преводот (*Супер скара, Спец пита*; *МАКТРАНС, МАКОТЕКСТ*; *Антико, Блу кафе, Ла Пиовра*).

Разгледувањето на граматичките особености на македонскиот јазик со додавање примери од областа на ономастиката дава добри дидактички резултати и овозможува наставата да биде поинтересна и попродуктивна.

## *Литература*


1. **Конески, Б.**: *Македонски места и имиња*, Скопје, 1991.
2. **Коробар-Белчева, М.**: *Деривација на македонските лични имиња*, Литературен збор, XXIX, Скопје, 1982.
3. **Иванова, О.**: *Речник на топонимите во областа по сливот на Брегалница*, Скопје, 1996.
4. **Иванова, О.**: *Студии од топонимијата и антропонимијата.* Скопје, 1999.
5. **Пјанка, В.**: *Топономастиката на Охридско-Преспанскиот базен*, Скопје, 1970.
6. *Речник на презимињата кај Македонците*, 1994-2001, 1-2, Скопје
7. **Стаматоски, Т.**: *Македонска ономастика.* Скопје, 1990.
8. **Станковска, Љ.**: *Македонска ојконимија*, 1-2, Скопје, 1995-1997.
9. **Станковска, Љ.**: *Речник на личните имиња кај Македонците*, Скопје, 1992.
10. **Усикова, Р. П.**: *Македонский язык*, Скопје, 2000
11. *Słowiańska onomastyka, encyclopedia*, 1-2, Warszawa – Kraków, 2002.

# ТРАДИЦИЈАТА И ИНОВАЦИИТЕ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ВО СПОРЕДБА СО ДРУГИТЕ СЛОВЕНСКИ ЈАЗИЦИ

*Влоѓимјеж Пјанка*

# РАЗВОЈОТ И СТАБИЛИЗАЦИЈАТА НА МАКЕДОНСКИОТ АНТРОПОНОМАСТИЧКИ СИСТЕМ ВО СПОРЕДБА СО ДРУГИТЕ СЛОВЕНСКИ ЈАЗИЦИ

Зборувајќи за антропономастичките системи, треба веднаш да определиме кои лични називи спаѓаат во антропономастичкиот систем на еден јазик којшто исто така се третира како надреден систем на комуникацијата меѓу луѓето. Историски за сите словенски народи (како и за другите европски и неевропски) е заедничка употребата на личното име со евентуално додавање на еден или повеќе секундарни елементи, како некој прекар, назив на занает или друга определба, на пр. за потеклото (од предокот или местото на живеење). Презимето се појавува кај словенските народи во средниот век (на пр. во Полска во XII-XIV век, сп. Ковалик-Калета 2007: 11), но наследното и со законот стабилизираното презиме е нова појава во цела Европа (XIX- XX век). Името и презимето се двете основни форми на овој систем. Во старите текстови другите определби се употребуваат секогаш со личното име, кое не само што е првобитно во поглед на сите други антропономастични определби туку и останува најважно во приватниот живот до денешниот ден, што се гледа и во редоследот на името и презимето во индоевропските јазици, како и во некои други. Имено, во Европа првото место го зазема името, а по него доаѓа презимето, со само еден исклучок, а имено во унгарскиот јазик. Во официјалната комуникација презимето го зазема првото место (може и да се употреби само), а многу официјалната комуникација ги бара и двата члена. Од културолошка гледна точка сепак личното име го третираме како централен елемент на антропономастичкиот систем, како во дијахрониски, така и во синхрониски поглед.

За развојот и стабилизацијата на словенското и македонското име се важни двете категоријално-граматички дихотомии: 1. женските имиња наспрема машките, 2. неофицијалните (главно хипокористичните) именски форми наспрема официјалните. Ќе ги разгледаме по ред. Од лексиколошка гледна точка, во однос на формата на имињата немаркирани по втората категорија, разликуваме словенски лични имиња

наспрема имињата од туѓо потекло. Иако и кај женските имиња и кај машките се врши лексичко-морфолошка адаптација на туѓите имиња, овој процес е покомплициран кај женските имиња, бидејќи скоро сите основни словенски женски имиња имаат само една наставка која и денес се чувствува како признак на женскоста и во овој процес им се додава наставката *-а*.

### *1. Женскиӣе имиња насӣрема машкиӣе*

Старите словенски (прости и сложени) имиња спаѓаа, слично како најголемиот дел од апелативите, во двете најпродуктивни деклинации со индоевропските основи на *-а* и *-о*, на пр. *Branislavъ / Bronislavъ*, *Dobroslavъ*, *Gostimirъ* : *Branislava / Bronislava*, *Dobroslava*, *Gostimira*. Во старочешкиот и старополскиот јазик познати се исто така женски имиња со промена според деклинацијата на именките со основи на *-i*, како пол. од XII-XIV век: *Bogudać*, *Boguwłość*, *Dobrowieść*, *Dobrożyźń*, *Przybycześć*, *Świętożyźń* (Чешликова 1991: 30), кои подоцна исчезнаа. Сп. исто така стсл. *Magdalyńi* според деклинација од типот на *gospodyńi*. Меѓу машките имиња имаше, иако ретко, имиња кои завршуваа на *-а*: стпол. *Niemira* / *Niemirza* : *Niemir*, *Przedpełka* : *Przedpełk* i *Przedpolk*, *Zbyluta* : *Zbylut* / *Zbelut* (Чешликова 1991: 52), сп. ги именките *sługa*, *vladyka*.

Адаптирањето на туѓите имиња (христијански, муслимански, еврејски, а сега и од светскиот репертоар) се состоеше во нивното вклучување во еден од трите продуктивни типови на словенската деклинација на именките: женски на *-а* и машки на *-ø* (< -ъ) и на *-а*. Кај некои имиња (дури и независно од времето на позајмувањето) има уочливи разлики во степенот на адаптацијата (Пјанка 2007а: 133-136). Кај машките имиња посебно се изделуваат имињата со првобитната наставка *-as*, на пр.:

словен. *Kozma*, срп., мак., буг., белорус. *Козма* / чеш., пол. *Kosma*, рус. *Козма* / срп. *Kuzma* / белорус., рус., укр. *Кузьма*, пол. *Kuźma* // чеш. *Kosmas*, буг. *Космас* / словач. *Kozmas* // мак., буг., срп. *Кузман*, сп. грч. *Κοσμᾶ*, лат. *Cosmas*, герм. *Kosmas*, унг. *Kozma*;

мак., срп. *Илија*, буг., белорус., рус., укр. *Илия* , хрв., чеш. *Ilija* / рус. *Илья*, словач. *Il'ja*, словен. *Elija* // словач., чеш. *Eliaš*, пол. *Eliasz*, белорус. *Гальяш* / *Ільяш* // укр. *Єлій*, сп. грч. *Ἠλίας*, лат., герм. *Elias*, унг. *Illés* / *Illyés* / *Éliás*; хрв. *Nikola*, срп., мак., буг. *Никола* / белорус. *Мікала*, укр. *Микала* // буг., рус. *Николай*, словен. *Nikolaj* / пол. *Mikołaj*, белорус. *Мікалай*, укр. *Микалай* // чеш. *Mikoláš* / чеш., словач. *Mikuláš*, словен. *Miklavž*, сп. грч. *Νικόλαος*, лат. *Nicolaus*, герм. *Nikolaus* / *Niklaus*, унг. *Miklós* (Јановова, Скарбек и др. 1975).

Тука спаѓаат исто така имињата:

мак., рус. *Лука* // пол. *Łukasz* (сп. грч. *Λουκᾶς*); рус. *Фома* // пол. *Tomasz* (сп. грч. *Θωμᾶς*); мак. *Захарија*, рус. арх. *Захария* // пол. *Zachariasz* (сп. грч. *Ζαχαρίας*). Сп. исто така буг. *Методий* : *Методия*, мак. и срп. *Методиј* : *Методија* (покрај мак. *Методие* і срп. *Методије* – сп. роман. *Metodie*) – пол. *Metody*, или мак. *Мелетија* и *Мелетие*, буг. *Мелетий* и *Мелети*, срп. *Мелетије* – сп. роман. *Meletie*, слично и некои словенски имиња, како мак. *Благој* : *Благоја* и буг. *Благой* : *Благоя* (срп. *Благоје*).

Некои адаптирани машки имиња се проширени со *-о* (буг. *Dmitro*, укр. *Dmytro*), други пак со *-е* (срп. *Đorđe*, мак. *Mihajle*), коишто наставки се по потекло хипокористични суфикси. Во полскиот и чешкиот јазик има повеќе имиња со придавска парадигма: чеш. *Jiří*, *Jiřího*, пол. *Jerzy*, *Jerzego* – сп. мак. *Георги*. Во некои јазици има присвоени имиња кои формално личат на хипокористични, бидејќи нивната фонетска адаптација го доближи нивниот завршок до најчестиот деминутивен суфикс, сп. лат. *Marcus*, *Franciscus* → чеш. и пол. *Marek*, чеш. *František*, пол. *Franciszek*; лат. *Hyacinthus* / *Hyacintus* → чеш. и пол. *Jacek* (/ пол. *Jacenty*). Кај некои женски имиња, кои во изворниот јазик завршуваат на согласка, за адаптација служи вистински суфикс (кој нема никаква хипокористична функција), на пр. лат. *Agnes* → пол. *Agnieszka* (од полскиот во литванскиот: *Agnieška* покрај *Agnietė*), буг. *Agneška*, чеш. *Anežka*, но *Ahneša* во белорускиот, *Agnesa* во бугарскиот и македонскиот, српскиот и словачкиот, *Agnessa* во рускиот, *Ahnesa* во белорускиот и украинскиот, *Agneza* во хрватскиот; инаку има и *Agnes* – во српскиот и хрватскиот, *Ines* (како во шпанскиот) – во словенечкиот (Јановова, Скарбек и др. 1975).

Истиот модел беше применуван во процесот на адаптирањето на муслиманските и еврејските имиња (Пјанка 2007а: 138, 141-142). Кај муслиманите на Балканот овој процес траеше повеќе векови. Женските имиња кај муслиманите, чиј мајчин јазик е еден од словенските јазици, завршуваат на *-а*, а машките имаат нулева наставка, како на пр. кај Бошњаците: *Madžid* : *Madžida*, *Magbul* : *Magbula*, *Mahbub* : *Mahbuba*, *Mahfuz* : *Mahfuza*, *Mahir* : *Mahira*, *Maid* : *Maida*, *Maksud* : *Maksuda*, *Malik* : *Malika*, *Mazlum* : *Mazluma*, слично во XIX век, како во еден список на муслиманските женски имиња од загрепскиот печат од 1860 год.: *Fata*, *Fatima*, *Fazla*, *Nazla*, *Hairia*, *Hajka*, (*Marija* →) *Mejra* или *Mejrima* (Смаиловиќ 1977: 27).

На големите пространства на царската Русија (и Советскиот Сојуз) на истиот начин се имаат развиено женските имиња кај муслиманите кои зборуваат на јазиците од иранската група и од уралското и алтајското семејство, во кои нема наставка или суфикс кај женските именки (кратен-

ки како кај авторот: аз. – азерско, а. мусл – општомуслиманско од арапско потекло, башк. – башкирско, тат. – татарско, тур. – општотурско):

а. мусл. *Абид* 'обожавател' : *Абида*; аз. *Аӻиль* 'разумен' : *Аӻиля*; а. мусл. *Адиб* 'учен, писател' : *Адиба*; аз., башк., тат. *Адиль* 'праведен' : *Адиля*; тур. *Азад* 'благороден, слободен' : *Азада*; а. мусл. *Азим* 'голем' : *Азима*; а. мусл. *Азиз* 'силен, скап' : *Азиза*; тур. *Акиф* 'населен' : *Акифа*, а. мусл. *Алим* 'познавач, учен' : *Алима*; а. мусл. *Анис* 'пријател' : *Аниса*; а. мусл. *Ариф* 'искусен, образован' : *Арифа*; а. мусл. *Асим* 'бранител' : *Асима*; а. мусл. *Аӣик* 'одамнешен; ослободен' : *Аӣика*; а. мусл. *Аӣиф* 'милостив' : *Аӣифа* (Гафуров 1971).

Истото се однесува на таџичките, персиските и узбечките имиња. Оваа појава не може инаку да се објасни отколку со влијание на рускиот јазик како јазик со престиж.

Меѓутоа, во таџичкиот јазик кај женските имиња, покрај изведенките на *-а*, постојат и други типови, а имено, имиња кои се заеднички за мажи и за жени (на пр. *Севӻили* 'љубовница, сакана', *Севил* 'сакана, омилена', *Севда* 'љубов и тага, севда', како и имиња со различни завршетоци кои немаат пар во функција на машко име (на пр. *Сабзи* 'зеленило', *Садбарӻ* 'трендафил', *Садрул* 'сто цвеќиња', *Сабохӻул* 'утринско цвеќе', *Себак* 'јаболко', *Сиӣора* 'ѕвезда'), меѓу кои случајно и такви кои завршуваат со самогласката *а*. Слична е состојбата и во азерскиот јазик (на пр. *Сом* 'фазан', *Сувар* 'сјајна' – како женски имиња). Ограниченото влијание од страна на рускиот јазик врз овие јазици може да се објасни со малиот број руски доселеници на овие национални територии, како и со големата оддалеченост на последните од компактната руска територија во споредба со погоре споменатите народи и јазици, меѓу другото Башкирците, Татарите и други (Пјанка 2007а: 136-137).

Женските хебрејски имиња кои завршуваат на согласка или друга самогласка освен *-а* во еден дел од словенските јазици остануваат во својата библиска форма: ч., словач. *Ráchel*, рус., белорус., укр. *Рахиль*, буг., мак. *Рахил* (сепак покрај дериватите со функција на основното име: *Рахилка* и *Рашка*), освен рус. и буг. *Рошель*. Во другите јазици се јавуваат само формите со наставката *-а*: *Rahela* во српскиот, хрватскиот и словенечкиот. Полскиот јазик ги има и двете форми: *Rachel* – како лично име употребувано уште во првата половина на минатиот век и *Rachela*, сп. ги имињата на основателката на еврејскиот театар во Полска *Ester Rachel* Kamińska (1870-1925), на интернет – Państwowy Teatr Żydowski im. *Estery Racheli* Kamińskiej w Warszawie (покрај Teatr Żydowski im. *Ester Rachel* i Idy Kamińskich w Warszawie). Слично: *Salome*, *Rut* – библиски имиња, и *Salomea*, *Ruta* – современи имиња. Иако Евреите се дојдени во земјите каде живеат Словените, тие сепак – живеејќи со векови во своите

општини и употребувајќи несловенски јазици (јидиш, ладино) – подолго ги сочуваа оригиналните форми на своите (женски) имиња отколку муслиманите Словени во Босна и Херцеговина, Србија, Македонија и Бугарија, за кои токму турскиот беше туѓ јазик.

Под поимот словенски лични имиња разбираме антропоними настанати од словенски лексички елементи со помош на деривациските средства својствени на прасловенскиот јазик, кои подоцна, со векови, биле клиширани и разгранувани на почвата на секој историски оформен дијалект и јазик, дури до нашето време, а уште подоцна исто така со примена на лексеми од туѓо потекло. Словенските имиња, значи, се множество на антропоними кое се дефинира јазично, за разлика од христијанските или муслиманските имиња кои се дефинираат конфесионално-културолошки со оглед на нивната мешана јазична провениенција.

### *2. Неофицијалните форми на имињата наспрема официјалните*

Во развојот на хипокористичните форми во македонскиот јазик, како и во другите словенски јазици, треба да се разликуваат две фази: 1. настанокот на хипокористизацијата, 2. развојот на хипокористизацијата.

Настанокот на хипокористизација зависеше од должината на името. Хипокористичните форми на имињата се употребувале првобитно и се употрбуваат досега главно во комуникација со мали деца. Одамна е познато дека мало дете, кога почнува да зборува, не може да изговара долги зборови. Од испитувањата на детскиот говор, започнати уште во XIX век, знаеме дека малите деца најлесно изговараат зборови со структура CVCV (или VCV), т. е. двосложни, кои не содржат консонантски групи (Томановиќ 1960: 111-112, Пјанка 1975: 86-87). Ако во зборот се јавуваат консонантски групи, тие се упростуваат со тоа што консонантот настанат по пат на упростувањето често се пренесува на другиот слог, сп. мак. *Цвета* → *Цеца*. Двосложни беа во прасловенскиот јазик само простите имиња, на пр. **Cvětъ* и женскиот дериват од тоа име **Cvěta* > → *Цвета* или **Zmъjь* → *Змеј*, срп. *Змај*. Такво одапелативно име можеше да добие деминутивен суфикс, чија функција од деминутивна стануваше деминутивно-хипокористична (во однос на мало дете), а подоцна чисто хипокористична (во однос на возрасен човек), сп. го старополското име *Qatec* (во современиот јазик познато само како презиме: *Kwiatek*) на еден селанец, запишано во еден латински ракопис (Bulla Gnieźnieńska) од 1136 год. во Великополска, сп. **Květъ* → **Květъkъ* > *Kwiatek* и **Cvětъ* → **Cvětъkъ* → **Cvětъk-o* > *Цветко*, **Zmъjь* → **Zmъjьkъ* → *Zmъjьk-o* > *Змејко*, срп. *Змајко* (в. подолу).

За разлика од простите, сложените имиња беа подолги, најчесто четворосложни, сп. *Radoslavъ* и *Radoslava*, *Dragomirъ* и *Dragomira*. Такви имиња се скратуваат во детскиот говор и се пренесуваат од говорот на детето во говорот на родителот, прво во контакт со детето, а потоа во јазичната комуникација на возрасните. Меѓу сложените имиња најчестиот тип беа имињата со именскиот член во почетокот на името кој завршуваше со интерфиксот *-o-*. Скратувањето во таквите имиња се вршеше на морфолошката граница: *Rado-slavъ*, *Drago-mirъ*, со тоа што вториот член отпаѓаше.

Во развојот на хипокористичните форми, кои потекнуваат од сложените имиња со првиот член на *-o-*, треба да се изделат повеќе етапи (Пјанка 1975: 125-144, сп. Малец 1982: 13):

1. Декомпозиција како посебен случај на слоговната деривација (Пјанка 1975: 125-128) која се состоеше во отфрлањето на вториот член од името: *Dragomirъ*, *Radoslavъ*, *Tixomirъ* → *Drago*, *Rado*, *Tixo*. Хипокористична функција вршеше тука целата форма на името поради нејзиниот скаратен облик.

2. Асоцијација на имињата со придавските основи со именските форми во среден род: *Drago*, *Tixo* – *drago*, *tixo* (*čędo*).

3. Морфологизација на имињата од типот *Drago*, *Tixo*, тоа значи нивното вклучување во деклинацијата со основите на *-o-*, т. е. таа, според која се менуваа придавките од типот *drago*, *tixo*, на што му помагаше постоењето на именки од среден род со наставката *-o* кои означуваа деца (*čędo* и сл.).

4. Проширување на хипокористичната функција врз морфемата *-o* која првобитно беше стилистички маркирана граматичка наставка кај хипокористичните имиња (*Drag-o*).

5. Вклучување во овој тип на деклинација, т. е. морфологизација на имињата со првиот именски член на *-o*: *Miro*, *Bogo*, *Něgo* ← *Miroslavъ*, *Bogodarъ*, *Něgomirъ*.

6. Изделувањето на *-o* како зборобразувачки формант, а не само граматичка наставка : *Drago* : (*Drag-o*) : *Drag-o* + *slavъ* – *drago*, *Něgo* : (*Něg-o*) : *Něg-o* + *mirъ*.

7. Пренесувањето на формантот *-o* на имињата со првиот член завршен со други самогласки: *Bor-o* : *Bor-i* + *slavъ* = *Drag-o* : *Drag-o* + *slavъ*, што можеше да биде потпомогнато со општословенската појава на мешањето на морфемите *-o-*, *-i-* и други во врска со губењето на првобитното значење на сложените имиња, сп. стпол. *Ľubimirъ* → *Lubomir* (како име и како основа на некои топоними, м. др. *Lubomierz* во Малополска).

8. Стабилизирање на моделот на деривацијата на хипокористичните форми од сложените имиња: I слог + консонантски почеток на II слог + *-o*, т. е. на шемата на слоговно-зборообразувачка деривација.

9. Пренесувањето на оваа шема на други типови имиња:

а) двосложни имиња (по губењето на еровите) словенски (прости): *Soko* ← *Sokol* < *Sokolъ*, *Srbo* ← *Srbin* < *Sṛbinъ*, *Hrvo* < *Xṛvat* ← *Xṛvatъ*), како и имиња од туѓо потекло: → *Lazo* ← *Lazar* < *Lazarь* < *Λάζαρος*, *Spiro* ← *Spiridon* < *Σπυρίδων*,

б) едносложни имиња (по губењето на еровите) словенски (прости): *Cveto* ← **Cvet* < **Cvětъ*, *Zmejo* ← *Zmej* < **Zmьjь* (сп. погоре), како и имиња од туѓо потекло: *Stavro* ← **Stavrъ* < *Σταυρός*,

10. Појавувањето на формантот *-o* во структурно-ономастичка функција (адаптација) кај полни имиња од туѓо потекло со повеќесложни основи: *Dimo* ← *Dimitar* ← *Dimitri* ← *Δημήτριος*, *Mihajło* ← *Mihail* (*j* < *i* од фонолошки причини), *Anasto* ← *Anastas* (слично *Nasto* ← *Nastas* – форма без почетната самогласка настаната од првото име по пат на почетна слоговна деривација),

11. Појавувањето на формантот *-o* во позиција по мека согласка

а) првобитна – кај хипокористиците изведени директно од сложени имиња: *Stoj-o* : *Stoj-i+slavъ* / *+mirъ*, *Božo* : *Bož-i+darъ*,

б) вторична – по аналогија според имињата изведени со помош на суфиксот *-e* < **-ę*: *Blaž-o* ← *Blaž-e* (рог. *Blag-o*), *Draž-o* ← *Draž-e* (сп. *Drag-o*).

Формантот *-o* во врска со постепеното губење на еднсложните имиња ја загуби својата хипокористична функција и стана карактеристичен завршок на машките имиња. Од моментот на претворувањето на *-o* во зборообразувачка морфема овој формант рамен на наставка придонесе слоговно-зборообразувачката деривација да се прошири на женските имиња: *Rad-o* + *slava* → *Rad-a*, *Dobr-o+slava* → *Dobr-a*. Благодарение на паралелноста на наставките на женските и машките имиња (*Rad-a* : *Rad-o*, *Cvet-a* : *Cvet-o*) беше овозможено понатамошното образување на женски имиња директно од машки хипокористици: *Dimitar* → *Dim-o* : *Dim-a*.

Машкиот суфикс *-o* (покрај женскиот *-a*) послужи, главно во јужнословенските јазици, за раширување на повеќе хипокористични форманти (по потекло исто така и деминутивни) кои завршуваат на консонантите *-k-*, *-x-*, *-j-*, *-l-*: *Bori+slavъ* / *+mirъ* → **Bor-ъkъ* → **Bor-ъko* > *Borko*, *Rado+slavъ* / *+mirъ* → **Ra-xъ* → *Ra-xo*, *Stani+ slavъ* / *+mirъ* → **Sta-jь* → *Stajo*, *Dobro+slavъ* / *+mirъ* → **Dobr-ilъ* → *Dobrilo* (*Dobril-a*), *Stoji+slavъ* / *+mirъ* → **Stojilъ* > *Stoil* → *Stoilo*. Поретко и подоцна се јавува во истата функција и суфиксот *-a*, на пр. *Borislav* / *Borimir* → *Borka*, *Nikifor* → *Nička*, на пр. во Источна Македонија, но исто така и во Босна.

Првобитните хипокористични имиња беа проширувани исто така по пат на асоцијација со апелативи кои имаа исти коренски морфеми, како *Radoslavъ* → *Radostъ* (: *radostь*), пол. *Radost*, *Dobroslava* → мак. *Добра* (: *добра*), *Dragomirъ* → *Drago* → m. *Драѓи* (: *драѓи*).

Во македонскиот и бугарскиот јазик особено е чест суфиксот *-e* < *-ę* (по потекло завршок на номинативната форма од деклинацискиот тип со значење 'младо живо суштество' (на пр. **dětę*), првобитно со деминутивна, а потоа хипокористична функција, кој честопати се јавува паралелно со *-о*: *Радо* : *Раде*, *Боро* : *Боре*. Иако кај *-е* понекогаш е зачувана хипокористичноста, сепак тој, обично кога нема опозиција до *-о*, е неутрален како во името *Миле*. Нему му одговара во источнословенските јазици суфиксот *-'а* кој е силно обоен експресивно, сп. *Володя* : *Володимир* (почесто: *Владимир*) или *Ваня* : *Иван*.

Присоединувањето на двата суфикса *-о* и *-е* кон стариот општословенски деминутивен суфикс *-ъkъ* доведе до паралелизам кај подоцнежните сложени хипокористични суфикси: *-ъkъ* + *-o* > *-ko* и *-ъkъ* + *-ę* > *-če*: *Стојко* : *Стојче*, што во понатамошната еволуција продолжува со цели серии нови (по природа обично фонетски) особености. Од основната именска структура *Ман-*, која во македонскиот јазик е добиена од различни имиња (од различно потекло) има цела серија понови имиња, сп. *Мано* : *Мане*, *Манко* : *Манче*, *Манцо* : *Манчо*, *Манко* : *Манѓо*, *Манчо* : *Манцо*, *Манто* : *Манте*, *Мандо* : *Манде* (Речник 2001: 21-33 ).

Општо земено, за македонската антропонимија најтипични и најчести се имињата кои завршуваат на *-о*, *-е*; *-ко*, *-че*; *-чо* и *-цо*. Овој тип имиња се јавува и во соседните словенски јазици, често со различна фреквенција. Иако сите тие се во историски поглед хипокористици, во современите јазици ја задржуваат својата првобитна функција, но само тогаш кога тие се во опозиција наспрема полните официјални имиња. Во спротивниот случај токму тие функционираат како официјалните имиња. Ова до неодамна не беше случај во другите словенски јазици (особено во западнословенските), на пр. во чешкиот или полскиот, во кои формите на *-ek* останаа хипокористични. Меѓутоа во последно време овие форми се јавуваат и во официјални контакти, како на пр. имињата на двајцата познати политичари од овие земји: чеш. *Mirek* место *Miroslav* и пол. *Radek* место *Radosław*. Причината за тоа е полесен (за носителите на несловенските јазици) изговор и правопис на кратките имиња, а покрај тоа таквите (обично двосложни) имиња се полесни за запаметување.

### *3. Културолошки аспект на името*

Името беше по европската христијанска традиција главен повод за славење. Православните Словени (слично како и другите православни народи) имаат едно име и доколку тоа име се наоѓа во светците (православниот календар), тие го слават својот имендел. Меѓу нив, иако многу ретко, има и словенски имиња, како *Владимир* кај Русите.

Меѓутоа, еден дел од православните не го слави именденот на секој поединец, туку се држи на старата патријархална традиција по која се празнува именденот на најстариот маж од родот. Овој обичај, познат како слава, е карактеристичен пред сè за Србите. Меѓутоа, има разидувања како во поглед на потеклото на овој обичај, така и за начинот на празнувањето, а пред сè чиј празник (чија слава) треба да се празнува. Авторот на долу приведениот текст го изразува најпопуларното мислење за славата.

„Slava ili Krsno ime je srpski, narodno-crkveni običaj i najvažniji porodični praznik, uvek povezan sa danom određenog hrišćanskog svetitelja. Slava je isključivo srpski običaj, jer i kad je praznuju pripadnici drugih naroda slave je kao srpski i pravoslavni običaj. Slava je veoma obiman kompleks običaja i obreda sa mnogo oblasnih razlika u shvatanjima i u izvođenju, a i sam naziv ima više sinonima. [...] Slava se kod Srba, po narodnoj tradiciji, nasleđuje, ali se i ne deli. Dok je otac živ, sin ili sinovi ne preuzimaju slavu, već je slave sa ocem. Preuzimanje slave za života oca znači da se porodica i formalno podelila. Ako otac nije u snazi, sin preuzima sve obaveze oko slave, ali je otac domaćin slave. Kad otac umre, onda sinovi preuzimaju slavu. Ako ima više braće, mogu se dogovoriti da slavu preuzme samo jedan ili je preuzimaju svi. Prve godine po smrti oca slava se drži u porodičnom krugu, bez gostiju i velikog veselja. Pravoslavna crkva zastupa suprotno mišljenje. Po njenom tumačenju, sin ili sinovi, čim zasnuju sopstveno domaćinstvo i odu od roditelja, počinju sami da slave.“ (Antonić 2000).

Последните две реченици покажуваат дека славата еволуира во насока на индивидуален празник на секој верник по што се доближува до статусот на именденот. Но постои една голема разлика меѓу славата и именденот. Именденот може да го слави секој човек, додека носител на славата е само мажот. Со традиционалната слава сепак ја сврзуваат два елемента: ритуалот и гозбата. Што се однесува на мислењето на СПЦ, таа – согласно со долу наведениот текст – го застапува симболичното мислење. Имено, народниот обичај со покрстувањето на Србите добил христијански карактер кој му го дала токму Црквата. Меѓутоа почит кон предците е појава позната во сите култури, од најстарите до сегашните. Мислењето на СПЦ се пренесува на православниот сајт „Праведник“:

„Neki misle da je Krsna slava kod Srba nastala iz staroslovenskog poštovanja predaka. Drugi vezuju njen nastanak za dan krštenja pojedinca ili porodica: Svetitelja toga dana oni su uzimali za svoga zaštitnika. Ne previdajući važnost poštovanja predaka i dana krštenja mi danas jasno znamo da je Slava kod Srba izrasla iz Sv. Liturgije i svetogorskog običaja blagosiljanja Hleba (artosa) na hramovne praznike. Kao i mnogo šta drugo i Slavu nam je podarila Sveta Gora preko Svetog Save i njegovih naslednika.“ (Црква у историји 2001).

Славата исто така е позната во западниот дел од Македонија. Пред повеќе од половина век етнологот Б. Русиќ ги истражуваше селата во областа Малесија на десниот брег на реката Црни Дрим јужно од

Дебар, сега веќе напуштени. За секое село има кај него белешка за селската слава. За селото Присојани (познато во пишаните извори од XIX век) ги имаме, меѓу другите, следниве податоци: „Сеоска слава је Свети Атанасије зимски, а преслава Свети Атанасије летњи. [...] Присојани имају два велика рода са шездесет и једним домаћинством и 342 становника православних Македонаца. [...] У селу су оба рода непознатог порекла, али стариначка: *Гркићевци* на истоку [...] и *Шуминовци* на западу [...]." (Русић 1953: 38). Тие славеле заеднички: првите – Свети Никола, а вторите – Петковден, иако и двата рода се делеле на повеќе соеви.

За разлика од Присојани, печалбарското село Збажди – исто толку големо – имало повеќе слави: „*Старинци непознатога порекла.* За најраније досељенике се сматрају *Дамјановци* са Дапчиновцима (20 домаћинстава, живе у Доњој Махали, славе Пречисту), *Мавнивиловци* (1, у Доњој Махали, Свету Петку), *Грујовци* (9, у Средњој Махали, Свету Петку), и *Богојевци* (3, у Горњој Махали, Светога Николу). За њихове се претке, четири брата, каже да су били наполичари („исполцији") на имању негдашње збашке Цркве свете Богородице у време када је била метох Манастира успења Богородичина у негдашњом великом насељу Закамен, које је било у супротној страни од Збажда, али се не зна тачно из кога су насеља. Неки мисле да су били Закаменци. Када су „Турци" уништили Закамен и суседна села, та четири брата су остала у животу зато што су били манастирски радници („Богоројца ји додржала"). И данас се сматрају као један род који се одавна поделио („стари деленици"). Стару славу су одржали само Дамјановци. – Мало касније од њих су се од некуда доселили *Стојковци* са Тримовцима (12, у Горњој Махали) и *Карадаковци* (6, на засебном крају Горње Махале „во Карадакоска Мала"), који су један род са заједничком славом Светог Аранђела. Карадаковци су се одвојили од Стојковаца са Тримовцима по жељи маћехе другога претка данашњега човека од шездесет година. – Са нима је свакако дошао из непозната места предак данашњих *Марковаца* (4, у Горњој Махали, Свету Петку), *Бероваца* (2, у Средњој Махали, Свету Петку), прадед *Трајчеваца* (4, у Горњој Махали, Свету Петку). Мисли се да су некада били један род" (Русић 1953: 42).

Именденот се слави и кај католиците, меѓутоа тие често имаат повеќе имиња. Славењето на именденот станал популарен обичај откога папата Пие V во 1570 година конечно го објави неколку години подготвуваното *Missale Romanum* со кое беше воведено редовното споменување на светците во секоја света миса, а како последица на тоа се почна да се препорачува секој верник да има име на светец (1566 *Catechismus Romanus*, 1614 *Rituale Romanum*). Со тоа постепено се заменуваше не толку многу распространетото славење на роденденот со славењето на именденот како ден на патронот (*Dies natalis* 'роденден') сметан како денот на раѓањето на светецот за небото, којшто ден обично се поклопуваше

со денот на смртта на светецот. Меѓутоа старите имиња (кај Словените – словенски) се употребуваа неофицијално како втори имиња уште долго време. Некои католички светци имаа словенски имиња (на пр. пол. *Stanisław*, *Kazimierz*, чеш. *Václav*), па тие станаа многу популарни кај нивните народи. Но сепак повеќето од имињата употребувани кај католичките Словени се од несловенско потекло.

Кај некои европски народи кај католиците се употребуваат повеќе од две имиња, особено во Шпанија. Тој обичај започнал некаде во XVI век со тоа што името на детето го одредувале кумовите. Најбогатите луѓе за кумови избирале и над десет парови, со тоа што секој пар му предлагал на свештеникот по едно име. Во наше време државните прописи во повеќето европски земји допуштаат во официјална употреба до две имиња, иако некои нивни државјани на крштевање добиле повеќе.

Протестантизмот, кој го отфрли култот на светците, беше исто така против славењето на именденот. И покрај тоа што верниците од протестантските цркви го слават само роденденот, во поново време кај некои протестантски заедници славењето на именденот доживува ренесанса, особено ако тие живееат како малцинство меѓу католичкото население, како што е случајот со калвинистите во Полска, кои издаваат календари со светци. Слично во Финска, во којашто скоро сите жители ѝ припаѓаат на лутеранската црква, се издаваат календари или списоци на имињата со датумот на именденот (на пр. *Kaansananvalistusseeuran Kalenteri vuodelta 1883*, *„Säästäväisyydestä“*. Kirjoitus Helsingin Yliopiston almanakasta vuodelta 1925, *Nim*, Postipankki 1975), што веројатно се должи на долгото руско владеење во таа земја.

Посебен случај се лаичките календари со именден кои имаат долга традиција во Полска (надвор од црковните календари кои се издавани и во други земји како на пр. Хрватска, Словенија, Австрија). Во годините 1829-1831 во делот на Полска кој беше под руска власт се издавал во едно списание таканаречениот словенски календар, во кој во сите денови во годината – место на светците – се ставале имињата на полските и словенските кралеви, кнезови, витези, херои, како и други имиња, најдени во средновековните хроники (според денот на смртта или раѓањето, или пак некоја битка). Последен таков календар што ни е познат е издаден во Лоѓ во 1946 година. Во него има и многу имиња – секогаш во машка и женска форма – измислени од самиот автор. Во крајот на XIX и на почетокот на XX век некои приватни издавачи (надвор од католичката црква) почнаа да издаваат календари кои содржеа имиња од различни извори: имињата на светците од католичките календари и имињата на личностите од словенските календари дополнувани со новите странски имиња (најчесто имињата на филмски артисти, музичари, пејачи, спортисти – под денот на нивниот најважен настап, денот на стапувањето во брак или роденденот). Некои списанија и магазини по II светска војна

(како *Przekrój*) секоја недела одговараа на прашањата на читателите за именденот. Такви лаички календари овозможија секој Полјак да го слави својот роденден, а повеќето од нив го правеа тоа со големо задоволство. Празнувањето на именденот многу се оддалечи од црковната традиција, за што сведочи фактот дека првите секретари на Полската обединета работничка партија: Болеслав Бјерут, Владислав Гомулка и Едвард Гјерек редовно им се заблагодаруваа во партискиот весник *Trybuna Ludu* на читателите кои им пратиле честитки по повод нивниот именден, што не можеше да се замисли во ниедна друга комунистичка земја.

### *4. Сшабилизацијаша на йрезимешо кај Македонциише во сйоредба со другиише Словени*

Во современите словенски јазици постојат апелативи кои заменуваат некои лични имиња, како на пр. мак. дијал. *мајка* (секогаш во неопределена форма со значење 'мајка ми' за разлика од *мајка ми* и *мојаша мајка*), употребувано во кругот на семејството, слично како и *шашко*. Именките *мајка* и *шашко* имаат во овој случај слична категоријална карактеристика како личните заменки во еднина кои семантички секогаш се определени и затоа не се употребуваат со член. Но тие содржат лексичка семантика 'родител' и затоа се блиски и на едноелементните збирки на именките од типот *сонце*(*шо*) кои секогаш се употребуваат со член. Меѓутоа, Македонецот може да употреби форми како *Зора*, *мајка му на Јован* (на пр. во честитки емитувани на радио), што не е возможно во полскиот јазик, во кој ќе ја употреби само формата *matka Jana*). Формата *mama*, освен тоа што таа е една од повеќето хипокористични форми од именката *matka*, се употребува и како учтива форма во официјални контакти, на пр. во полскиот јазик: Pani Minister, jak się czuje Pani *mama*? 'Госпоѓо министер, како се чувствува *мајка* Ви?' Таквите форми се употребуваат и во некои други словенски јазици.

Обратната релација од типот *син / ќерка на Димчеша* не е еднозначна, бидејќи збирките 'син на...', 'ќерка на...' во јазичниот систем не се едноелементни, а во прагматиката како едноелементни се јавуваат доста ретко, а особено ретки беа во времето кога се раѓаше македонскиот антропономастички систем. Затоа, за разлика од именките *мајка* и *шашко*, тие, за да носат полна информација, мораат да се дополнуваат со името на детето: *Здравко*, *син на Трајко / Трајка* или *Добрила*, *ќерка на Трајко / Трајка*, односно *син му на Трајко / Трајка*, *Здравко* или *ќерка му на Трајко / Трајка*, *Добрила*. Синтагмите од типот *Здравко*, *син на Трајка*, употребувани во современиот јазик стојат надвор од антропономастичкиот систем.

Меѓутоа нив ги среќаваме, покрај други определби, во средновековните текстови пишувани на црковнословенски и на турски јазик, како на пр. *Пејо, син на Драīослав*; *Пројо, син на Арменко*, *Димиūри, син на Милица*; *Дојчин, браū на Никола* итн. (преведени во македонска форма – Турски документи 1971: 85). Синтагми од овој семантички модел, но со најстариот зборообразувачки тип на посвојните придавки, имено со суфиксот *-j-*, се јавуваат меѓу другото и во најстарите руски споменици: *ubiša Izjaslava syna Volodimerja vnuka Vsevoloža* – 1021 г., *Sutь kosti jego i doselě ležače tamo syna Staslavlja* [*Stanislavlja* – В. П.] *vnuka Jaroslavlja* – 1079 г. (Скулина 1973: 65), понатаму – во латинските текстови од Полска: *Vars filij* (syn) *Mantinę* – 1189 (Ковалик-Калета 2007: 21) и во Чехија – со генитивната форма: *Lupoldi*, *filii Boriuoy* (Свобода 1964: 117) и – како сложенки – ширум низ Европа, како на пр. *Johanson*, *Johnson*, *Jensen* и др., кои во современите јазици функционираат досега како презимиња. Овие синтагми веќе во прасловенскиот период имаа две (синтаксички) формални варијанти. Аналитичните синтагми од типот *син му на Трајко* и *син на Трајко* во македонскиот и бугарскиот јазик им одговараат на старите синтетични синтагми со таканаречениот *dativus possessivus* (*син му на Трајко*) и *genetivus possessivus* (*син на / од Трајко*). Првиот тип во останатите современи словенски јазици е скоро исчезнат, со исклучок на некои фразеологизми, како во полскиот јазик *ojciec dzieciom* 'татко на повеќе деца', додека вториот е жив – во повеќето јазици во првобитната синтетична форма, како пол. *syn / córka Jana*.

Придавско-именската патронимична синтагма со таканаречената посвојна придавка: *Трајков син / Трајкова ќерка* е уште една форма за изразување на овој однос. Терминот „посвоен" („посесивен") во словенската и европската лингвистичка терминологија се однесува само на формата која во повеќето изрази од овој тип не означува и во историското време не означувала 'сопственост'. Оваа терминологија во однос на семантиката бара ревизија, на што обрна внимание А. Киклевич зборувајќи за полските посвојни заменки (Киклевич 1997).

Според изразуваната релација нив ќе ги наречеме патронимични именско-именски синтагми. Овие синтагми многу рано подлежат на нулева универбизација која се состои во отстранувањето на именскиот член, кој секогаш е ист (*син* или *ќерка*), со што доаѓа до супстантивизација на придавскиот член: *Трајков син* > *Трајков / Трајкова ќерка* > *Трајкова*. Матронимичните синтагми, како на пр. *Еленин*, *Милчин*; *Николин* : *Елена*, *Милка*; *Никола* (Иванова 2007: 211) или *Рисūовица* ('жена на Ристо') → *Рисūовичин* ('син на Ристовица') > *Рисūујчин* – познато презиме) се многу ретки со оглед на патријархалната форма на семејството во минатото во цела Европа и надвор од неа. Презимињата на *-ов*(*а*) /*-ев*(*а*) и *-ин*(*а*), кои се именки, добиени по пат на универбизации, по форма се всушност супстантивизирани придавки.

Друг семантички и формален тип на производните словенски презимиња се по потекло првобитните зборообразувачки формации, образувани со именски суфикс. Нив ги спојува со претходниот тип зборообразувачката основа која е именка со значење родител, т. е. обично таткото, макар што во најстаро време постоеле исти форми од името на мајката.

Се работи овде за именските деривати со прасл. суфикс **-itjo-* (**-it-j-o-*) со различни рефлекси на консонантската група **tj*, кој до денес е познат во сите словенски јазици освен македонскиот и бугарскиот. Во македонскиот и бугарскиот континуираната форма на овој патронимичен суфикс би требало да гласи **-išťь* (множина **-išti*), меѓутоа таква форма не е сочувана во овие јазици. Патронимичните форми – изведенки од личните имиња – сепак се сочувани во современата македонска (и бугарска) ојконимија во малку изменет облик. Имено, тие подлегнале на влијанието на еден друг многу чест тип на топонимите образувани со суфиксот *-išťe* (мн. *-išta*) од друго потекло (**-iskjo-*, т. е. **-isk-j-o*), со функција *nomen loci*, на пр. *Ливадиште* (мн. *Ливадишта*) : *ливада*. Сп. ги патронимичните ојконими од Охридско и Преспа (Пјанка 1966: 78), првобитно рамни на патронимичните антропоними: *Белчиште* : *Белец* / *Белко*, *Љубаништа* : *Љубан*, сп. пол. *Lubanice* (општина Żary; множинска форма со значење 'првобитни жители на селото – потомци на *Luban*'). Слично во Бугарија: *Ljubovišta*, *Sulišta*, *Tuhovišta* (Роспонд 1937: 120-131). Вакво формално влијание се гледа и кај личните форми во црковнословенските текстови. Имено, во нив се јавуваат неколку именки од среден род со значење 'дете' кои се изведени од апелативи со помош на овој суфикс: *dětišťe* (: *dětišťь*), *mladišťe* (: *mladišťь*), *otročišťe* (: *otročišťь*) (Славски 1976: II 60). Во српскиот, хрватскиот и босанскиот **-itjь* > **-ić*: *Tomić*. Македонските презимиња од типот *Томиќ* се претежно од српско потекло (со транскрипција на *ћ* со *ќ*).

Според Станислав Роспонд, авторот на обемната монографија на суфиксот **-itjo-* во јужнословенските јазици, овој суфикс бил продуктивен во Црна Гора, Босна и Херцеговина, западна Шумадија и во Рашка, додека во Бугарија, Моравско-Вардарската Котлина, Савско-Дунавскиот Базен, Истра, Далмација и Словенија тој бил непродуктивен (Роспонд 1937: 18-218), што повлијаело врз сегашното географско распространување на презимињата од овој тип. Типолошки земено, западниот дел од јужнословенската територија се поврзува со западнословенските земји, каде преовладуваат презимиња настанати од прекари, а источниот дел има врска со источнословенските земји, каде беа продуктивни формациите на *-ович* / *-евич* и *-ов*(*а*). Меѓутоа во источниот дел на Полска (како и во Украина) се ширел првобитниот именски тип на **-itjo-*, додека во останатиот дел преовладувале прекарите, слично како во другите западнословенски јазици.

Прави патронимици (по функција) се употребуваат во рускиот и белорускиот јазик (порано официјално кај сите народи на бившиот Советски Сојуз), заедно со името и презимето, сп. *Лев Николаевич Толстой*. Во неофицијална употреба се јавува само името со патронимикот (рус. *отчество* 'татково име'). Меѓутоа постојат и руски презимиња со истиот суфикс, како *Кузьмич*. Тие се ретки, пред сè затоа што во тој јазик формите на *-ич // -ович- / -евич-* функционираат како патронимици, но само во однос на мажите, сп. м. *Петрович*, *Ильич*, но *-овна / -ична* во женските патронимици како *Петровна*, *Ильична* (: *Петр*, *Илья*). Презимињата од овој тип се почести во белорускиот јазик (на пр. *Аляхновіч*), а особено во украинскиот (на пр. *Тарасевич*). Од старочешкиот јазик ни се познати доста бројни презимиња на *-ic* (*Mstislavic*, *Soběslavic*, *Radostic*, *Vítkovic*, *Vilamovic* (: *Vilam* < *Wilhel*m) (Svoboda 1964: 142-143), меѓутоа тие исчезнаа во текот на средниот век. Многу ретки се и на словачката територија (на пр. *Dobrovic*), слично како и кај лужичките Срби (д.-луж.-срп. *Jakobic*, *Kubic*, *Jankojc* < *Jankowic*, *Markojc* < *Markowic* (Клос, Жимска, Шјатковска 1988: 602-603). Во старо- и среднополскиот јазик такви форми се употребуваа со западнословенскиот рефлекс на **tj* (*Szymonowic*, *Zimorowic*), иако и подоцна такви форми се јавуваат (*Staszic* – XVIII / XIX в.), а дури и во наше време (*Ruszczyc*). Во XVII век во источниот дел на Полска почнаа да се шират презимињата со источнословенскиот континуант на **tj*: *Czechowicz*, *Sienkiewicz*, слично како и на словачката територија: *Ďurovič*. Овој рефлекс е првобитен во словенечкиот јазик (*Toporišič*).

Ф. Славски обрнува внимание на социолингвистичките разлики во дистрибуцијата на двата типа на патронимичните форми на средновековната руска територија: „Formacja ta miała duże znaczenie w pierwotnym psł. ustroju rodowym. Zachowała się ona najlepiej na Rusi, por. np. do dziś żywotne ros. imiona odojcowskie na *-ič*, *-ovič*. Pierwotnie ruskie patronimica na *-ič* stosowano w wyższych warstwach społeczeństwa. W klasach niższych, używających imion jednotematowych, w funkcji patronimików występowały przymiotniki dzierżawcze przede wszystkim na *-ovъ*." (Славски 1976 II: 58). На територијата на сегашна Бугарија, Македонија и во Србија многу рано, со доаѓањето на Турците, е изгубена словенската владејачка класа. Тоа би можело да биде втора причина (покрај совпаѓањето на суфиксите во македонскиот и бугарскиот) за губењето на старите патронимични форми на **-ištь*.

Суфиксите *-ов(а)* /*-ев(а)* и *-ин(а)* изразувале припадност на едно лице (во овој случај релација меѓу таткото и детето, а во ретки случаи меѓу мајката и детето). За изразувањето на припадноста кон група луѓе (семејство, род) служел придавскиот суфикс *-ьsk-* (сп. мак. *соседов* : *сосед* и *соседски* : *соседи*), кој исто така изразувал и други релации, на пример релацијата човек : населено место, сп. ги современите македонски

презимиња: *Кочански*, *Сошански* : *Кочани*, *Сошани* (Иванова 2007: 180). Истото значење го изразуваше и споменатиот суфикс **-itjo-*, сп. во современиот руски јазик *москвичи*, *псковичи* (едн. *москвич*, *псковичг*) 'жители на Москва, Псков'. Именскиот суфикс **-inъ* пак, сроден со придавскиот суфикс **-in-* (застапен во презимињата) означувал припадност кон група луѓе, колектив, семејство, сп. *bratinъ* : *bratja*, *čeľadinъ* : *čeľadь*, *gospodinъ* : *gospoda*, *Rusinъ* : *Rusь* (Славски 1974 I: 120) – во последниов случај исто така припадност кон местото (земјата). Сп. мак. *господин* : *господа*, *Русин* : *Русија* (првобитно: *Рус*). Блискоста на овие три значења на потеклото (од родителот, семејството и местото) доведе до дуплирање на суфиксите, на пр. кај македонските презимиња: *-ов-ски(а)* / *-ев-ски(а)* и *-ин-ски(а)* покрај *-ов(а)* / *-ев(а)*, *-ин(а)* и *-ски(а)*. Слично и во презимињата од српско потекло: *-ов-иќ* / *-ев-иќ* покрај *-иќ*.

Презимињата кои завршуваат на *-ов-* / *-ев-*, *-ин-* и на *-ск-* имаат во македонскиот јазик две форми: машка и женска, слично и во бугарскиот јазик, како во рускиот: *Егоров* : *Егорова*, *Афанасьев* : *Афанасьева*, *Юрьев* : *Юрьева*, *Соловьёв* : *Соловьёва*, но и во другите источнословенски јазици, а исто така во полскиот, чешкиот и словачкиот, во кои тие се мошне ретки. Што се однесува на серијата *-ов-иќ* / *-ев-иќ* и *-иќ*, во источнословенските јазици исто така нема диференцијација во овој поглед меѓу машките и женските презимиња кои не се издиференцирани со родовата наставка: белорус. *Аляхновiч*, укр. *Тарасевич*. Меѓутоа диференцијата по род се врши кај нив на друг начин. Машките форми имаат деклинација, додека женските се неменливи. Слично е и во рускиот јазик.

Женските српски, црногорски, босански и хрватски презимиња на *-ić* се неменливи, како и во другите јазици, меѓутоа во разговорниот јазик се употребуваат деривати со суфиксот *-ка* кои се менливи (срп. *Драгић* : *Драгићка*). Вакви форми се употребуваат и во разговорниот македонски јазик. Во официјалната јазична комуникација на српската територија не се употребувани исто така женските форми од презимињата ретки во овој регион на *ов*, *-ев* како и на *-ски*, *-овски* / *-евски* и *-ински*.

За разлика од македонскиот и бугарскиот, во источнословенските јазици придавските презимиња (слично како придавките) имаат кратки и долги форми, и тоа: 1. кратка форма во машки род и долга форма во женски род – во белорускиот јазик: *Бельскi* : *Бельская*, *Камароўскi* : *Камароўская*, 2. долга форма во машки род и кратка во женски род – во украинскиот: *Бiльский* : *Бiльска*, *Котляревський* : *Котляревська*, *Дзятківський* : *Дзятківська*, *Коцюбiнський* : *Коцюбiнська*, *Iльїнський* : *Iльїнська*, 3. само долги форми – во рускиот: *Достоевский* : *Достоевская*, *Чернышевский* : *Чернышевская*.

Во македонскиот јазик првобитната морфонолошка алтернација *о* : *е*, поврзана со појавувањето на претходната тврда или мека сог-

ласка, во презимињата не е веќе обусловена фонетски. Суфиксалните варијанти *-ов-* / *-ев-*, *-овск-* / *-евск-* зависат најчесто од формата на основата (обично името): *Пешев*, *Пешевски* : *Пеше*; *Пешов*, *Пешовски* : *Пешо*. Овие суфикси се придавски форманти, затоа тие го изразуваат граматичкиот род со помош на морфолошките наставки: *-ов-*(*-ø* /*-а*) / *-ев-*(*-ø* /*-а*), *-овск-*(*-и* / *-а*) / *-евск-*(*-и* / *-а*), додека суфиксите (*-ов-* / *-ев-*) *-иќ* се именски и затоа немаат моција, т. е. имаат само една форма, а имено првобитно од машки род, бидејќи ја изразуваат релацијата татко → син.

До 1913 година македонското население немало стабилни презимиња. Тие биле воведени дури кога еден дел од македонската територија бил приклучен кон Србија по завршувањето на II балканска војна. Тогаш беше воведена обврската секоја верска заедница да води матични книги. Во 1967 год. водев теренски и архивски испитувања на македонската антропонимија во тогашната општина Богомила во Азот. Од матичните книги на родените, што ги имав на располагање во матичната служба на Месната канцеларија во Богомила (до 50-те години тие беа копии на книгите на родените водени во црквите) ги ексцерпирав презимињата и имињата на 12 062 лица родени во границите на таа општина од воведувањето на матичните книги во 1913 год. до 15 VII 1967 год. (Пјанка 1977-1978). Во годините 1945-1967 можевме (по пример на Азот) да го следиме слободното формирање на македонското презиме. Сите презимиња регистрирани во Азот во тоа време се суфиксални изведенки од лични имиња (328), прекари (10) или апелативи со функција на сопствени имиња (3). Скоро сите тие ги содржат суфиксите *-ов-* / *-ев-* (самостојни или надградени со други суфикси). Ги немаат само презимињата кои се базирани на имињата со завршоци хомофонски со нив, како *Јаков*, *Калин*.

Во записите од 1914 до јуни 1941 год., т. е. во времето кога тој дел на Македонија спаѓаше во Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, односно на Кралството на Југославија, скоро сите презимиња завршувале на *-иќ* (во копиите транслитерација на српското *-ић*), додека од годините 1942-1945 имале облик на *-ов*(*-а*) / *-ев*(*-а*).

Во периодот 1914-1941 год. се запишани 6 295 лица, од кои 5 911 лица со формите на *-иќ*, *-овиќ*, *-евиќ*, 318 лица со формите на *-овски* (*-а*) и *-евски*(*-а*) и 318 лица со формите на *-ов*(*-а*) и *-ев*(*-а*), со тоа што последните две групи се лица чии презимиња биле коригирани по 1945 год., кога тие се јавувале во матичната служба како родители на децата родени по II светска војна. Во годините 1942-1944 се јавува само едно презиме на *-иќ*, а во годините 1945-1967 осум. Презимињата на *-ов*(*-а*) и *-ев*(*-а*) во периодот 1914-1941 се многу ретки во матичните книги – сè на сè 66 (веројатно сите се коригирани подоцна), во годините 1942-1944

се 594 од вкупниот број 706. Веројатно имало коректури на сметка на формите на *-овски* (*-а*), и *-евски*(*-а*), чиј број изнесува 111.

Се разбира, не сите српски презимиња завршуваат на *-иħ*, ниту бугарските на *-ов*(*-а*) / *-ев*(*-а*), меѓутоа како српските, така и бугарските власти ги избрале најтипичните форми со цел и на тој начин да го србизираат, односно бугаризираат, македонското население. На таков начин презимето станало во Македонија политичко прашање.

Најмалку подоцнежни коректури има веројатно во годините 1945-1967. Формите на *-овск-*(*-и*, *-а*) / *-евск-*(*-и*, *-а*), кои сега се сметаат како типични македонски, почнаа всушност да се појавуваат од 1945 година. Во периодот од 1945 до 1967 година се регистрирани 3 821 презиме, од кои 2 849 беа на *-овск-*(*-и*, *-а*) и *-евск-*(*-и*, *-а*), 974 на *-ов*(*-а*) и *-ев*(*-а*), а само 8 на *-иќ*, *-овиќ*, *-евиќ* (в. ги таблиците 1-6 за сите 11 села во споменатата студија).

Интересно е дека записите на презимињата на новороденчињата во годините 1945-1967 се изразито издиференцирани по полот во поглед на формата на презимето (со или без *-ск-*(*-и* / *-а*)). Соодносот на презимињата на *-овск-*(*-и*, *-а*) и *-евск-*(*-и*, *-а*) наспрема оние со *-ов*(*-а*) и *-ев*(*-а*) изнесуваше 1 611 : 292, или приближно 3,5 : 1, а кај женските деца – 673 : 1 238 или приближно 1 : 2. Таква диспропорција не може да се должи на разликите во полот на целата популација, бидејќи тука разликата е во границите на нормата (1 703 машки и 1 811 женски деца). Веројатно причините се две: 1. сè уште недоволно изграденото чувство и навика кај просечните луѓе, но и кај службениците, дека презимето треба да ја има истата форма (освен наставките за граматичкиот род) за целото семејство, а не само за тоа детето да „се запишува“ по презимето на таткото, а не по името на дедото или чичкото, што беше стара традиција во балканските земји, 2. потсвесното чувство дека придавските зборови (а такви се современите македонски презимиња) изразуваат припадност кон едно лице (*-ов*, *-ова*) или кон повеќе лица (*-ски*, *-ска*), сп. *соседов*, *соседова* и *соседски*, *соседска*. Првобитното патријархално сфаќање на овие односи било различно за двата пола: мажот му припаѓал на родот, а жената на сопругот.

По четири децении од нашите истражувања македонските презимиња во Азот се веќе стабилизирани. Како најчести и типични нивни форми се сметаат тие на *-овск-* (*-и* / *-а*) / *-евск-*(*-и* / *-а*). Тие се јавуваат, со различна фреквенција кај сите словенски народи, но се многу карактеристични за полскиот јазик. Во Полска се настанати веќе во XII век (Ковалик-Калета 2007) и до крајот на XVIII век беа како тип (на *-ski*) – како благороднички презимиња – под заштита. По губењето на независноста на Полска (1795 г.) тие почнаа да се шират кај сите слоеви на општеството, меѓу другото и меѓу доселениците од други народности, сп. пол. *Szmitkowski* и герм. *Schmidtke*. Структурата и потекло-

то на полските и македонските презимиња од овој тип се сосема поинакви. Историските (првобитните, благороднички) полски презимиња од типот *Jankowski* се посесивни, додека истите македонски презимиња (сп. *Јанковски*) се патронимични. Додека основата на македонското презиме од овој тип означува некој предок на носителот на презимето (*Јанко*: *Јанк-овски*), соодветното полско презиме во својата основа име некој ојконим (*Jankowo*, *Janków*: *Jankowski*). Ојконимите како *Jankowo*, *Janków* се посесивни, образувани од лични имиња (во овој случај *Janek* : хипокористик од *Jan*). Зборообразувачката структура на македонските презимиња е според тоа *Јанк+овски*, а на полските *Jankow+ski*. Меѓутоа површинската морфемска структура на обата типа е идентична, па затоа како Македонците, така и Полјаците сметаат дека имаат заеднички тип презимиња кој е за нив карактеристичен.

Понатамошното ширење на формите на презимињата на *-овск-*(*-и*, *-а*) и *-евск-*(*-и*, *-а*), во Македонија е поттикнато од неколку фактори:

1. од стремежот целото пошироко семејство да го носи истото презиме во истата форма,
2. од потребата презимето да се разликува по форма од средното име (името на таткото) кое се употребува во некои институции поради ограничен и сразмерно мал број на зборообразувачките основи на презимињата во македонскиот јазик (сп. мак. *Јован Пейров Филийовски* и срп. *Јован Пейра Филийовић* или *Јован Филийовић син Пейра*, пол. *Jan Filipowski syn Piotra*),
3. од живото чувство дека суфиксот *-ов*(*а*) и *-ев*(*а*) означува припадност на едно лице кон друго лице од машки пол (таткото или мажот), но исто така сопственост, за разлика од *-овск-*(*-и*, *-а*) и *-евск-*(*-и*, *-а*), којшто суфикс ја изразува колективната припадност (кон потесното и поширокото семејство)
4. од свеста дека презимето е еден од симболите на припадноста на поединецот кон народот, поврзана со убедувањето дека македонските презимиња на *-овск-*(*-и*, *-а*) и *-евск-*(*-и*, *-а*), покрај *-ов*(*а*) / *-ев*(*а*), ги разликуваат Македонците од другите народи, слично како на пример нивниот литературен јазик.

И покрај тоа што во повеќето словенски земји има презимиња од различни зборообразувачки типови, сепак се изделуваат некои типови презимиња кои се карактеристични само за една или две земји. И така меѓу чешките презимиња како карактеристичен тип се третираат презимињата со партиципна форма на *-l* во машки род, како *Doležal*, *Pospíšil*, *Smejkal*, *Vyskočil*, на кои на соседната полска територија им одговараат женските партиципни форми на *-ła* (за мажи), како на пр. *Czekała*, *Domagała*.

Во источнословенските јазици, како и во бугарскиот, основниот тип презимиња во женски род завршува на *-ов(а)* / *-ев(а)*. Меѓутоа во машки род, каде во крајот на зборот има затворен слог, согласно со развојот на белоруската и украинската фонетика, овие форми се разликуваат: руски: *Е̄горов* : *Е̄горова*, *Афанасьев* : *Афанасьева*, *Юрьев* : *Юрьева*, *Соловьёв* : *Соловьёва*; белоруски : *Еўш̄ухоў* : *Еўш̄ухова*, *Каралёў* : *Каралёва*; украински: *Яцків* : *Яцкова*, *Єрофеїв* : *Єрофеєва*.

Само во украинскиот и белорускиот јазик има презимиња кои завршуваат на сложениот формант *-енко*: укр. *Анш̄оненко* : *Анш̄он*, *Макаренко* : *Макар*, *Ніколаєнко* : *Ніколай*, *Шевченко* : *швець* 'чевлар'; белорус. (со акање) *Лукашенка* : *Лукаш*. Тој е составен од два суфикси: *-ен-* како во руските форми кај именките од среден род на прасловенската деклинација со основите на *-ęt-*, сп. ном. едн. *ш̄елёнок* (< *-en-ok* < *-en-ъkъ*) – прасл. *telę*, додека мн. *ш̄елята* што одговара на прасл. и стсл. *telęta*. Првиот дел – суфиксот *-en-* – е истиот суфикс кој се јавуваше во основите на *-ęt-*, но во друга позиција: *-en-* + C > *-ę-* + C наспрема *-en-* + V > *-en-* + V. Суфиксот *-ок* има кај источнословенските именки деминутивна функција, додека укр. и белорус. *-ко* е идентично со хипокористичниот суфикс *-ко*, кој се јавува кај личните имиња во јужнословенските јазици, а кој беше некогаш формант за образување хипокористици во сите словенски јазици, сп. укр. *Іванко* : *Іван* и белорус. *Янка* (со акање место *Янко*) : *Ян*.

Во белорускиот јазик и на соседните територии чест е суфиксот -'*ук* (со проширената варијанта *-чук*): белор. *Анш̄анюк* : *Анш̄он*, *Хведчук* : *Хведзька* (од *Хведор*, мак. Тодор); *Мельчук* : *мелец* '*мелничар*', но исто така укр. *Дем'янчук* : *Дем'ян* (мак. Дамјан), *Юрчук* : *Юр* (мак. Ѓорѓе).

Презимињата рамни на прекари (без антропономастички форманти) се јавуваат на целата словенска територија, а особено кај западните Словени, кај Белорусите, Украинците, Словенците и Хрватите. Тие претежно беа презимиња на занаетчиите и посиромашните луѓе од градовите, како и на селаните, сп. пол. *Bednarz* : *bednarz* 'бочвар', *Wróbel* : *wróbel* 'врапче', *Ząbek* : *ząbek* 'запче', а исто така и подоцна изведените од нив: *Bednarski*, *Wróblewski*, *Ząbkowski*. Во средновековните документи од Македонија и од соседните земји такви именски (или и придавски) прекари наоѓаме често. Во нашето време презимињата рамни на прекари (без антропономастички форманти) во Македонија се необично ретки, слично како во соседните земји: Бугарија и Србија. Меѓу нив можеме да изделиме две основни групи:

1. Презимиња образувани од лични именки: *Манахов(-а)* : прекар *Манах* : *монах*; *Манѓов(-а)*, *Манѓовски* (*-а*) и *Манѓоски* (*-а*) : прекар *Манѓа* 'погрдно име за Ром'; *Мандарев*, *Мандарова*, *Мандаровски* : прекар *Мандар* : **мандар* 'биволар' (тур. *manda* 'бивол'); *Мандаџиев* : прекар *Мандаџи/ја* : tur. *mandacı* 'биволар';

*Манчуков*, *Манцуков*, *Манцуковски* : прекар *Манчук* / *Манцук*(*-а*) 'Унгарец' и други значења, или пак *Манжук* прекар 'кус, набиен човек' (дијал. тур. *tançık* 'човек со мал раст'); *Манциковски* : прекар *Манцика* : *манцика* 'жена што пребира' (тур. *mahana* > *maana* > *mana* 'недостаток'); *Манцуров* : прекар *Манцур* : тур. *manzur* 'прочуен, љубимец' (?).

2. Презимиња образувани од прекари кои се рамни на нелични именки: *Манѓаров*, *Манѓаровски*, *Манѓароски*, (*-а*), како и *Манѓров*, *Манѓрски* : прекар *Манѓар* : *манѓар* 'стара турска бакарна пара'; *Мандалов*(*-а*), *Мандаловски*, *Мандалоски* : прекар *Мандал*(*о*) : *мандал*(*о*)(тур. *mandal* 'мандало на врата') итн. (Речник 2001).

И на крајот една битна карактеристика на македонското презиме. Во последниве неколку децении ономастичката категорија презимиња во македонскиот литературен јазик се граматикализира и прерасна во граматичка категорија на именките со два елемента: машки и женски презимиња кои се разликуваат по род поради нивната придавска форма. Тие имаат едноставни форманти: машки род: *-овски* / *-оски* // *-евски* / *-ески* // *-ски* и *-ов* // *-ев*, женски род: *- овска* / *-оска* // *-евска* / *-еска* // *-ска* и *-ова* // *-ева*. Формалната граматикализација на презимињата во македонскиот јазик е скоро потполна, бидејќи надвор од овие структурни типови остануваат (освен туѓите презимиња) само 313 македонски презимиња кои немаат антропономастички форманти (Иванова 2007: 5-9). Презимиња со горе наведените форманти заедно со нивните фонетски варијанти (како *-ски* и *-цки*, *-чки*, *-шки*) има 20 910 од вкупниот број 23 946 македонски презимиња застапени во *ОбраШниоШ речник на ӣрезимињаШа кај МакедонциШе*. Меѓу нив доминираат презимињата на *-овски* / *-оски* // *-евски* / *-ески* // *-ски* / *-цки* / *-чки* / *-шки* (заедно со женските форми), што ги има 12 340, т. е. повеќе од половината од целокупниот фонд. Второто место го заземаат презимињата со суфиксите *-ов* / *-ев* (исто така заедно со женските форми) чиј број изнесува 9 600. Со суфиксите *-овиќ* / *-евиќ* // *-иќ* и нивните фонетски варијанти *-ович* / *-евич* // *-ич*, настанати под руско влијание, се образувани вкупно помалку од една илјада македонски презимиња.

Слична состојба постои и во другите словенски балкански јазици кои имаат граматикализирано некои суфикси, од кои доминантни се: во бугарскиот *-ов* / *-ев* // *-ин*, во српскиот и црногорскиот *-овић* / *-евић* // *-ић* односно *-ović* / *-ević* // *-ić* и во босанскиот *-ović* / *-ević* // *-ić*.

*Литература*


1. **Antonić, D.**: *Običajni bonton*: *Krsna slava u Srba,* 2000, во: www.glas-javnosti.co.yu

2. **Гафуров, А.**: *Лев и Кипарис*, Москва, 1971.

3. **Иванова, О.**: *Обратен речник на презимињата кај Македонците*, 2007.

4. **Janowowa,W.; Skarbek, A.; Zbijowska, B.; Zbiniowska, J.**: *Słownik imion*, Wrocław – Warszawa, 1975.

5. **Kiklewicz, A.**: *Czy w języku polskim istnieją zaimki dzierżawcze?*, во: Prace Filologiczne 1997, XLII, 121-133.

6. **Kłos, Z.; Rzymska, D.; Siatkowska, E.**: *Indeks a tergo do dolnołużyckiego słownika Arnošta Muki*, Warszawa, 1988.

7. **Kowalik-Kaleta, Z.**: *Historia nazwisk polskich na tle społecznym i obyczajowym* (XII-XV wiek), т. I, Warszawa, 2007.

8. **Malec, M.**: *Staropolskie skrócone nazwy osobowe od imion dwuczłonowych*, Wrocław, 1982.

9. **Пјанка, В.**: *Класификација на имињата на населените места од Охридско-Преспанскиот базен*, во: Македонски јазик XVII, 1966, 67-87.

10. **Pianka, W.**: *Macedońskie imiona osobowe kotliny Azot*, Warszawa, 1975.

11. **Pianka, W.**: *Nazwiska macedońskie kotliny Azot*, во: Onomastica XXII, (1977), 149-178 (дел I); XXIII, (1978), 215-244 (дел II).

12. **Pianka, W.**: *Derywacja imion osobowych jako czynnik integrujący społeczeństwa multikulturowe i wielowyznaniowe*, во: *Onomastica* LI, 2007, 129-144.

13. **Pianka, W.**: *Nazwisko macedońskie a tożsamość narodowa i kulturowa Macedończyków*, во: Bunt tradycji – Tradycja buntu, Warszawa 2008.

14. *Речник на презимињата кај Македонците*, ред. Трајко Ставатоски, Скопје, т. I 1999, т. II, 2001

15. **Rospond, S.**: *Południowo-słowiańskie nazwy miejscowe z sufiksem *- itj-*, Kraków, 1937.

16. **Русић, Б.**: *Малесија*, во: Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, Историско-филолошки оддел, Книга 6 (1953), Одделен отпечаток, Скопје, 1953.

17. **Svoboda, J.**: *Staročeská osobní jména a naše příjmení*, Praha, 1964, 142-143.

18. **Skulina, T.**: *Staroruskie imiennictwo osobowe*. Część I, Wrocław – Warszawa, 1973.

19. **Sławski, F.**: *Zarys słowotwórstwa prasłowiańskiego*, во: Słownik prasłowiański, ред. Ф. Славски, т II, Wrocław, 1976.

20. **Smailović, I.**: *Muslimanska imena orientalnog porijekla u Bosni i Hercegovini*, Sarajevo, 1977.

21. **Томановиќ, В.**: *Из експресивне фонетике*, во: Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитеот во Скопје III, 1950, 1-32.

22. *Турски документи од историјата на македонскиот народ. Опширен пописен дефтер* № 4 (1467–1468 *година*) ред. Методија Соколовски, д-р Александар Стојановски.

23. *Црква у историји*, 2001: http://www.geocities.com/byzantion2001/Pravednikistorija.html

24. **Cieślikowa, A.**: *Derywacja paradygmatyczna w staropolskiej antroponimii*, Kraków, 1991.

*Димитар Пандев*

# ОБЕМОТ НА ОПШТЕСТВЕНОУСЛОВЕНИТЕ ЈАЗИЧНИ ПРОМЕНИ

Со поимот општественоусловени јазични промени опфаќаме општествено поттикнати, културноусловени и прагматично/реторички поддржани јазични промени. Притоа, ги имаме предвид оние минимални промени во јазикот (како природна појава, како општествена појава, како систем од знаци) што можат да се забележат во период од 6 месеци до 6 години и да се проверат во период од 6 децении преку методологијата на современите лингвистички проучувања на односите јазик – човек – општество – култура.

Наша цел, всушност, е да се насети мигот на промената преку создавање (и/или препознавање) дискурс во кој настанува промената. Во тој контекст ја следиме обусловеноста на промената од актуелен кусотраен (општественојазичен и културнојазичен) поддискурс (како составен и неодделив дел од подолготраен (општественојазичен и културнојазичен) дискурс.

Терминот поддискурс го изведуваме по аналогија со термините потсистем и поттекст, при што имаме предвид дека општите дефиниции за систем и за потсистем се исти, па исто важи и за дискурсот и за поддискурсот, а односот дискурс – поддискурс го изведуваме по аналогија на односот текст – поттекст. Притоа, во согласност со социолингвистиката и со други интердисциплинарни теории го имаме предвид јазикот како систем од повеќе (јазични, општествени, културни и други) рамништа.

Јазичните промени ги идентификуваме врз основа на анализа на дискурс што се (пре)создава преку повторување на низа стандардизирани говорни ситуации во кои можат да се најдат учесниците во комуникацијата, имајќи го предвид и обемот на ситуации (од минимум една до бесконечно множество ситуации). Оваа постапка ја спроведуваме преку издвојување пошироко прифатени јазични единици од дискурсната дејност на одделни јазични личности (единки и групи) со препознатлив идиолект и нивна споредба со релативно соодветни единици од дискурсната дејност на други јазични личности.

Во селекцијата на јазичните личности што ја поттикнуваат промената претежно имаме предвид познати личности од општественополитичкиот живот на Република Македонија особено експонирани во јавноста во периодот од средината на февруари до средината на август 2007 со сопствени изјави претставени преку искази кои се составен дел од нивниот актуелен, во односниот временски интервал, (општественополитички итн.) поддискурс, а инаку се составен дел од поширока општественополитичка платформа и од соодветен (општественополитички итн.) дискурс. Овие јазични личности (во согласност со комуникациските теории) ги дефинираме како извор на промената, а комуникациската низа ја дополнуваме со пренесувач на промената (јазични личности кои од различни причини ја прифаќаат промената, на пример од позицијата во системот, од работното место, од сопствениот ментален склоп (припадност и/или идентификација со дадена хомогена група луѓе, колектив, политичка партија...) и ја остваруваат во соодветни типизирани комуникативни ситуации) и поддржувач на промената (јазични личности кои од различни причини во различни правци ја прошируваат промената).

Всушност, следејќи го како (под)дискурс, во согласност со научната поврзаност на современите комуникациски теории и современата реторика (која го добива и името: дискурсна лингвистика) овие промени ги следиме како поддржани во фази на инвенција и диспозиција и како обусловени од неистомисленоста на јазичната личност.

Инвенцијата и диспозицијата како дел од комуникативната стратегија и тактика на јазичните личности ги сметаме како реторички предуслови за создавање дискурс врз основа на здобиено чувство за говор и здобиено чувство за општествена ситуација. Јазичната личност по правило е комуникативно способна личност со изразито познавање на јазикот и на јазичните средства и со познавање (владеење) на општествено прифатени и дозволени соодветни средства.

Во тој контекст нашата анализа се заснова врз следните издвоени јазични единици што сме ги доловиле во соодветни ситуации и во кои сме идентификувале интердискурсност и стремеж кон системност преку пребарување споредбен корпус:

| | *Издвоени јазични единици* | *сйоредбен корйус* |
|---|---|---|
| 1. | Буџетар | – буџет |
| 2. | државен | – приватен; општествен |
| 3. | протоколарно | – дефинитивно; круцијално |
| 4. | го дадоа на телевизија | – го голтна ноќта |
| 5. | хотел | – в дремало / долап |
| 6. | Како се прашува одредено лице дали оди на работа или не: На работа одиш? Одиш на работа? | вработен / невработен<br>професија: работник<br>општественополитички работник |

*Анализа:*

Издвојувањето на параметарот *буџетар* го поврзуваме со искажот од февруари 2008 на актуелниот министер за финансии д-р Трајко Славески за укинувањето на чековите како платежно средство во Република Македонија. Овој исказ најмногу ги погоди буџетските работници, па во согласност со тоа можната јазична промена се насочи кон сите рамништа на функционирање на зборот *буџетар*. Во врска со тоа спроведовме сопствена социолингвистичка анкета, во согласност со принципите и методите на Вилијам Лабов, па ја следевме реакцијата на банкарските службеници. На анкетираните шалтерски службеници од една банка во Република Македонија во нејзините филијали во Скопје и во Охрид, им поставувавме исто прашање: *Дали може да добијам чекови?* па на негативниот одговор поставувавме соодветни потпрашања, на кои добивавме одговор: *Зашоа шшо си/сше буџешар*. Во согласност со методологијата на Лабов, инсистиравме и го наведувавме во различни контексти службеникот да го повторува зборот *буџешар*, при што наша цел беше да го забележиме соодветниот призвук и интонацијата во изговорот на зборот *буџешар*. Притоа, особен интерес кај нас предизвика ироничниот призвук на гласот и надмениот однос на одделни шалтерски службеници.

Ироничниот призвук се зацврсти на финалните позиции на гласовната низа *буџешар*, воведувајќи се во изговорот на *ш* (со изразита денталност) и особено наложувајќи се на изговорот на финалното *р*. Во овој случај одделни шалтерски службеници се јавуваат во улога на јазични личности кои се пренесувачи на промената, при што промената се јавува во административноразговорниот потстил.

Поддржување на промената евидентиравме во новинарскиот потстил во весникот Дневник (јуни 2008) во исказот *„Другарче буџешарче“* во текст на тема кои лица најчесто се жиранти за банкарски кредити. Во овој контекст *буџешарче* е деминутив во јазичниот систем, но во општественојазичниот дискурс функционира како еуфемизам.

Зборот *буџешар* предизвикува особен интерес ако се разгледува на подолг временски период (условно земено во период од максимум 6 децении во кои може да се следи неговата појава и зацврстување во системот на македонскиот јазик). Притоа, можеме да истакнеме дека во извесен период (особено од 1970 до 1980 година варијанти од овој збор, *буџован, буџа*, под влијание на југословенскиот општественополитички систем и на српскохрватскиот јазик) функционирале и како аугментативи.

Како еден од жаргонизмите во одделни дискурси од тоа време можеме да го издвоиме *Недопирливи* (со прецизно значење: населба во која живеат лица за кои се употребува изразот буцован, при што населбата го носи името по определен признак на жителите, со тогашно толкување: никој ништо не им може).

Примерот со пејоративот *буцетар* во општественојазичниот дискурс на одделни банкарски службеници, како и со еуфемизмот *буцетарче*, во согласност со терминологијата на Лабов можеме да ја сметаме за јазична промена што се врши „одозгора", односно што се јавува на повисоко рамниште па се зацврстува на пониско рамниште.

Обратен е примерот со опозицијата *државен – приватен* (во составите: *државен универзитет – приватен универзитет*). Според нашето набљудување, изразот *државен универзитет* најпрво се појави во јазичниот израз на студентите на приватниот ММ колеџ преку изрази од типот: *Имам другар(ка) што студира на државниот. Порано студирав на државниот*, за подоцна да се зацврстува на повисоки општествени рамништа, преку именувањето, најпрво на тетовскиот универзитет за Државен. Целосната опозиција *државен универзитет – приватен универзитет* ја забележуваме во исказот на професор д-р Љубомир Фрчковски во повеќе негови колумни во весникот „Дневник" во почетокот на август 2007 година.

Опозицијата приватен – државен, всушност, се надоврзува значенски на постарата опозиција приватен (сектор) – општествен (сектор), карактеристичен за поранешниот период (особено од шеесеттите до осумдесеттите години).

Изразите *протоколарно – дефинитивно* претставуваат примери на прифаќање на зборови со изразита честота од јазикот на политичарите во народниот јазик во определен (обично кус) временски период. Народниот јазик особено е отворен кон изрази што се употребуваат во типични ситуации, најчесто со модално или со метајазично значење. Изразот *протоколарно* се наложи во народниот јазик во почетокот на август 2008 преку јазичниот израз на пратеникот од актуелната опозиција Владо Бучковски (поранешен премиер на Владата на Република Македонија). Интензитетот на употребата се врзува за мошне кус период. Спореди исто: *круцијално* (израз што го форсирал своевремено Васил Тупурковски). Зборот *дефинитивно* се форсирал преку јазичниот израз на актуелниот претседател на Република Македонија, Бранко Црвенковски, и на претседателката на СДСМ, Радмила Шеќеринска, а особено се јавува во јазикот на студентската младина.

Изразот *го дадоа на телевизија* во периодот што е предмет на наш интерес (февруари – август 2008) го издвојуваме од неврзани разговори на лица по повод настани на приведување лица пред истражни органи од страна на полицијата емитувани на телевизија. Претставување вакви снимки и нивно емитување како ударни вести на телевизија е релативно нова појава. Употребата на овој израз ја забележивме и во говорен чин кој вклучува предупредување: *внимавај да не те дадат на телевизија.*

Во поширок временски опсег изразот го дадоа на телевизија се јавува наместо постари изрази од типот *го голтна нокта*. (Во минатото,

педесеттите, шеесеттите години, обично се вршело приведување лица ноќе.) Од слични контексти ја издвојуваме најновата метафора *хотел* со значење 'затвор', наспроти постарите *дремало, долап*. Сп. исто: Зелена долина (израз за затворот во Идризово од жаргонот на затворениците од седумдесеттите години).

Меѓу говорните чинови кои претставуваат одраз на општествените ситуации ги издвојуваме примерите во кои во фатички разговор се вметнува прашање за работниот статус на едно од лицата или за трето лице. Од овие ситуации ги издвојуваме примерите: прашање:*Одиш на работа? На работа одиш? Одговори: На договор сум. / На принуден сум.* (интерпретација: во првиот случај лицето не е вработено постојано, но оди на работа, во вториот вработено е постојано, но во тој период не оди на работа). Изразот вработен (сп. вработување), всушност, мошне тешко се наложи во системот на јазикот во седумдесеттите години како замена на српските форми: запослен, запослување, наспроти народното: заработи (со значење: почна да работи). Всушност, изразот *се вработи* особено се актуализира преку „Јазичното катче" на Благоја Корубин кое излегуваше во весникот „Нова Македонија". Старото значење на зборот заработи 'почна да работи' го препознаваме во изразот „На договор сум". Во контекст на нашава тема додаваме: изразот *На принуден сум* ништо не можел да значи во периодот од шеесеттите па речиси до деведесеттите години на минатиот век.

*Заклучок.*

Врз основа на нашата анализа се потврдува дека клучни фактори за јазични промени се:

1. Акцентот и интонацијата.
2. Антонимијата (преку нестабилна спротивставеност).
3. Модалноста (преку зацврстување неменливи зборови).

Притоа,

– Промените го зафаќаат системот во целост (вклучувајќи ја и фразеологијата)
– Промените ја зафаќаат и честотата на формите.

Јазичните промени се општествено и културно обусловени и прагматично и реторички поддржани.

*Милена Пшикрилова*

# РАЗВОЈОТ НА ИЗРАЗУВАЊЕТО ПРИПАДНОСТ ВО МАКЕДОНСКИОТ, БУГАРСКИОТ И ЧЕШКИОТ ЈАЗИК

Припадноста или посесивноста како семантичка категорија може да се изрази или предикативно (Некој **има, поседува** нешто) или атрибутивно, како готов посесивен однос во рамките на именската група. Овој начин на изразување припадност во словенските јазици е многу разновиден. Посесивниот атрибут може да биде или во конгруенциска синтактичка врска – тоа се посесивните придавки и присвојните заменски придавки, или во управувачка синтаксичка врска – како што се во некои словенски јазици генитивот и дативот, односно во аналитичните словенски јазици предложните именски групи најчесто со предлогот **на/од(от)**.

Имено, изразувањето на припадноста во рамките на именската група е темата на ова излагање.

**Посесивните придавки** на -ов, -ин се застапени во сите словенски јазици. Тие по функција си конкурираат со посесивниот генитив (или со предложна конструкција најчесто со **на** во бугарскиот и македонскиот), но можностите за употреба на посесивните придавки се малку потесни од тие на генитивот. Нивното ограничување се води од семантичко-морфолошки, или синтаксички закони (именката може да биде само во еднина, без атрибут итн.). Во старословенскиот јазик конструкциите со посесивни придавки (во случаите кога нема ограничувања за нивното користење) превладуваат над конструкциите со посесивен генитив. Како што пишува Н. С. Трубецкој (1987) старословенскиот јазик припаѓал кон јазиците кои за изразување на посесивниот однос употребувале специфична придавска форма на именката, т.е. од секоја именка што означувала живо суштество се образувала посесивна придавка која била дел од парадигмата за деклинирање на соодветната именка, слично на тоа како што партиципите се составен дел од парадигмата на глаголот. (Слично мислење и кај Маројевиќ, 1983 и др.) Употребата на посесивните придавки била толку проширена што тие се користеле понекогаш и во случаите кога имало синтаксички или други ограничувања

за тоа – на пр. въ дворъ *архиереовъ* нарицаемаго каиэфа (Мт 26,3). Во старочешкиот јазик употребата на посесивните придавки била уште поширока од денес, се користеле дури и кога името на поседувачот било со атрибут: *krev Abelova spravedlivého; syn krále Herodóv; dvór králóv Václavóv.*

Постои прашање какви се причините за постепеното укинување на посесивните придавки за сметка на генитивот. Некои специјалисти тоа го објаснуваат со влијанието на странските јазици – за рускиот на пр. под влијанието на францускиот во текот на 18. век. Но исто така една од причините е и поширокатa примена на генитивот воопшто. Со дистрибуцијата на посесивните придавки во современите словенски јазици од флективен тип се занимава Т. А. Иванова. Ја споредува фреквенцијата на конструкциите со посесивна придавка наспрема конструкциите со посесивен генитив и ги дели словенските јазици во две групи. Во првата превладува употребата на посесивни придавки – тука спаѓаат чешкиот, словачкиот, српскиот, хрватскиот и словенечкиот. Во втората група со поголема употреба на генитивни конструкции се сите источнословенски јазици и полскиот. Во истражувањето на Т. А. Иванова ги нема македонскиот и бугарскиот, бидејќи не се флективни.

Во монографијата „Категория посессивности в славянских и балканских языках" се пишува за бугарскиот – дека во него посесивните придавки од одушевени именки се прилично често застапени. Но за разлика од чешкиот, српскиот, хрватскиот и словенечкиот, конгруентните конструкции на посесивна придавка со именка почнуваат да отстапуваат место на конструкциите со предлогот **на**, на пр. *Николоваша къща → къщаша на Никола; дядовияш съвеш → съвешъш на дядо.* Авторите на монографијата го ставаат бугарскиот поскоро во источнословенската група, но јас би кажала дека е некаде помеѓу. Сепак застапеноста на посесивните придавки во бугарскиот е релативно голема, па дури може да се користи посесивна придавка таму каде што на пр. во чешкиот има ограничувања за тоа – на пр. *Чичо Томоваша колиба, Иван Вазовошо сшихошворение.* Во горе споменатата монографија за жал не е опишан македонскиот јазик.

Споредував идентичен евангелски текст на македонски и на бугарски и во однос на дистрибуцијата на посесивните придавки наспрема предложните конструкции со **на** македонскиот почесто од бугарскиот ги користи придавките. На пр. мак. *Син Давидов, син Авраамов* – буг. *Син на Давид, син на Авраам;* мак. *анѓелош Господов* – буг. *ангелъш ош Господа.*

Во текот на споредувањето на македонскиот и бугарскиот текст, ми направи впечаток една област од изразувањето на припадност за која би сакала да спомнам. Тоа се посесивните конструкции со посесивна заменска придавка, односно посесивни заменки **мој, твој, свој, негов,**

**нејзин, наш, ваш, нивен** наспрема кратките дативни заменки **ми, ти, си, му, и, ни, ви, им.** Познато е дека во книжевниот македонски се користат кратките дативни заменки за припадност само со именки што означуваат роднински врски. Но и во таквите случаи македонскиот им дава предност на конгруентните посесивни заменски придавки: мак. *Јуда и неговите браќа* – буг. *Юда и братята му;* мак. *Јосиф, нејзиниот маж* – буг. *мъжът и Йосиф;* мак. *Не плаши се да ја примиш Марија, твојата жена* – буг. *Не бой се да вземеш жена си Мария;* мак. *Со Зеведеј, таткото нивни* – буг. *С баща си Зеведей;* мак. *ако некој ја остави својата жена* – буг. *който напусне жена си;* мак. *само браќата свои* – буг. *само братята си.*

Кратките дативни форми на личните заменки во македонскиот се среќаваат само со именките *мајка, татко, брат: по свршувачката на мајка Му Марија; младенецот со мајка Му Марија; на местото од татка си Ирод; го оставија коработ и татка си; и брат му Андреј; секој што се гневи на брата си; брат ти има нешто.*

Во бугарскиот како што е познато кратките дативни форми на личните заменки во посесивна функција се користат со каква било именка и се многу распространети и во усна и во писмена форма. Безбројни се примерите со дативна лична заменка во бугарскиот и со посесивна заменска придавка во македонскиот. Но има и пример со дативна лична заменка во македонскиот – Мт 3,4: *А храната **му** се состоеше од скакулци* – буг. *А храната му беше акриди.* Бидејќи за македонскиот јазик ова не е обично за посесивна конструкција, тука станува збор поскоро за „двојно зависен дателен“ (според Минчева, 1964):

> *„Двойно зависимият дателен падеж се сближава със свободния датив по характера на връзката му с глагола – и в двата случая тя е свободна, – формата за дателен падеж не се изисква необходимо от лексическата семантика на глаголите, а зависи от цялостната ситуация на изказването и може да се появи почти при всеки глагол, независимо от неговите лексически и граматически особености.*
>
> *Този дателен падеж определя при непреходен глагол подлога или обстоятелството, а при преходен – само прякото допълнение или обстоятелството, никога подлога. Връзката му с глаголното действие не позволява той да се свързва с каквото и да е съществително в изречението. Такъв датив обаче може да бъде употребен само тогава, когато в изречението е налице и някакво име, намиращо се в непосредствена синтактична връзка със същия глагол – но съчетанието дателен и име не представлява синтагма.*
>
> *Важен е още един факт. Особеностите на двойно зависимия дателен падеж се проявяват и в неговото място спрямо съ-*

*ществително. Най-често дателната форма стои пред съществителното с което се свързва смислово, и може да бъде отделена от него с други думи.*" (Минчева, А., 1964, с. 31-32)

Уште повеќе тоа се гледа во следните примери: мак. *јас не сум достоен да Му ги понесам ни обувките* – буг. *не съм достоен да се допра дори до сандалите Му;* мак. *Ќе Си го прибере житото во житницата* – буг. *И ще събере житото Си в житницата;* мак. *Да не си ја сопнеш ногата од камен* – буг. *Да не би да удариш о камък крака Си;* мак. *тие си ги прават лицата нажалени* – буг. *те помрачават лицата си.*

Во текот на споредувањето на македонски и бугарски текст во однос на изразувањето на припадност се забележуваат и некои други интересни разлики, на пр. почестата употреба на посесивно повратна заменка *свој/си* во бугарскиот.

На крај би сакала да кажам дека ако конгруентните конструкции на посесивна заменска придавка со именка покажуваат признак на синтетизам, тогаш во изразувањето на припадност бугарскиот јазик направил поголем чекор кон аналитизам од македонскиот.

## Литература


1. **Вечерка, Р.**: *Синтаксис беспредложного родительного в старославянском языке.* Исследования по синтаксису старославянского языка. Прага, 1963.
2. **Иванова, Т. А.**: *Некоторые особенности употребления родительного принадлежности в современных славянских языках.* Вопросы филологии. Ленинград, 1974, вып.4.
3. **Иванова. Т. А.**: *К вопросу о соотношении употребительности посессивных конструкций в современных славянских языках.* Вопросы филологии. Ленинград, 1976, вып. 5.
4. *Категория посессивности в славянских и балканских языках.* Москва, 1989.
5. **Маројевић, Р.**: *Посесивне категорије у руском језику (у своме историјском развитку и данас).* Београд, 1983.
6. **Минчева, А.**: *Развой на дателния притежателен падеж в българския език.* София, 1964.
7. **Мразек, Р.**: *Дательный падеж в старославянском языке.* Исследования по синтаксису старославянского языка. Прага, 1963.
8. **Трубецкой, Н. С.**: *О притяжательных прилагательных (possessiva) старокерковно-славянского языка.* Избранные труды по филологии. Москва, 1987.
9. **Večerka, R.**: *Distribuce possessívních zájmen v staroslověnštině.* Otázky slovanské syntaxe. Brno, 1979, IV/I.
10. **Zimek, R.**: *K chápání posesivnosti.* Rusko-české studie. Sborník VŠP v Praze. Praha, 1960. Jazyk a literatura, II.

*Убавка Гајдова*

# ЗА ИСТОРИЈАТА И ЗА СЕМАНТИКАТА НА ПЕРФЕКТОТ

(во контекст на македонските конструкции од типот: *сум / имам + -н- / -ш-* придавка и конструкцијата од типот: *сум + л*-форма)

Целта на статијата е преку едно кратко и воопштено проследување на историјатот на перфектот, како посебна семантичка структура, да се обидам да укажам на некои општи констатации во врска со функционалната оптовареност на перфектот и тоа во различни етапи од неговиот развој, имајќи предвид дека се работи за различни конструкции. Во центарот на вниманието е односот на конструкциите од типот: *сум/имам + -н-/-ш-* придавка и конструкцијата од типот: *сум + -л* форма кон граматичките категории: вид и време.

Потеклото на перфектот во индоевропскиот се изведува од глаголска придавка која има посебни завршоци што служат како граматички показатели. Во почетокот, перфектот служел за образување на интранзитивни глаголи, понатамошниот развој покажува дека се образувал само од интранзитивни глаголи и соодветно дека немал пасив (сп. Будимир, Црепајац 1965: 167).

Основното толкување на перфектот е дека тој означува состојба што е актуелна во моментот на зборување, а е резултат на минат настан, кој е комплетно завршен. Ваквото толкување води кон заклучок дека од темпорален аспект перфектот се лоцира на планот на сегашноста, а од аспект на видот му припаѓа на свршениот, односно перфективниот вид. Семантиката перфективност + актуелност (во современиот македонски јазик најблиску може да ја доловиме преку искази од типот: *Разбирам* ('Разбрав' / 'Веќе сфатив') *дека сакаш да патуваш, но сепак нема да ти дозволам да заминеш овој пат* и сл.) налага да го определиме како форма која се наоѓа на средината меѓу перфективниот и имперфективниот аспект. За споредба само ќе спомнам дека на пр. во класичниот и претокласичниот период на грчкиот јазик презентската, аористната и перфектната глаголска основа го покажуваат видот на глаголот (траење, моментност, состојба) додека временската релација се означува со аугмент и со лични наставки.

Историски гледано, двојната семантика на перфектот и неговото постепено потполно вклопување во конјугацискиот систем (што значи образување форми и од транзитивни глаголи и образување пасивни форми) внеле нова семантика, што било причина да почнат да се губат синтетичните форми на перфектот. Тие во грчкиот јазик се изедначиле со конјугацијата на аористот, а во латинскиот, перфектот ја презел првенствено функцијата на аористот. И двата случаја покажуваат дека преовладува семантиката на видот, а не на темпоралната интерпретација на основната форма, односно на стариот перфект. Перфективниот вид на темпоралната оска природно се врзува со зоната на минатоста.

На местото на старите синтетички форми се развиваат нови аналитички конструкции на перфектот, кои, со оглед на самата двојна конструкција, многу појасно го покажуваат двојниот однос на перфектот кон категориите вид и време за разлика од стариот синтетички перфект.

Имено, перфектот и во своето примарно значење: актуелна состојба што е резултат на завршен настан, има двојна темпорална интерпретација и кон сегашноста и кон минатоста. При тоа перфектот не носи никаква информација за тоа кога е извршен, односно завршен настанот што го именува. Во процесот на изместување на неговата темпорална интерпретација од сегашноста кон минатоста, перфектот лесно се вклопува во семантиката на аористот, кој, во основа е неопределено минато време со кое се искажува еден момент од настанот, на почетокот или на крајот. Последниот тип го репрезентира т.н. резултативен аорист, кој веројатно уште претходно (значи пред комплетното изедначување на аористот и перфектот) во соодветен контекст можел да го заменува перфектот; се разбира дозволена е и ситуација во обратната насока. Тоа може да го забележиме во современиот македонски јазик, според примерите од типот: *Дојдов 'дојден сум'; Стигнав 'стигнат сум'; Се наспав 'наспан сум'* итн.

Евидентно е дека ваквите конструкции можат да се толкуваат и како актуелна состојба во моментот на говорење, односно да имаат интерпретација од типот: 'Тука сум', односно 'Се чувствувам наспано / одморено'.

Конструкциите од типот: *имам + -н- / -т-*придавка, иако покажуваат двоен однос кон категориите вид и време (сп. *Денес имам дојдено за важна работа, друг пат ќе се забавуваме.*), во поголемиот број случаи упатуваат на извесна поголема наклонетост кон минатоста, сп. *Оваа вазна ја имам купено во Кина.*

Толкувањето на *има*-перфектот, употребен како во последниот пример гласи дека резултатот од настанот извршен во неопределен момент од минатото е сè уште релевантен во моментот на зборување. При тоа отсуствува актуализација на минатиот настан, како што е тоа случај со првиот пример.

Се забележува дека во прикажаната ситуација се чувствува извесно поместување и на семантиката на видот, од перфективен кон имперфективен.

Уште еден податок е особено важен во врска со семантиката на перфектот, бидејќи се работи за употреба која е исклучиво врзана за конструкциите на перфектот, а тоа е можноста со перфектот да се искажува не само еден настан неопределен во минатото туку и можноста со перфектот да се искажат повеќекратни идентични настани без дополнителни показатели, а сè уште се чува нивната релевантност во однос на моментот на зборување. Така, примерите како: *Сум го посетила тоа место* или: *Го имам видено како доаѓа кај неа*, може да значат 'еднаш / повеќепати досега'. Соодветното толкување не зависи од самата конструкција, туку од дополнителни показатели.

Овде се наложува споредбата на перфектот со категоријата итеративност.

Итеративноста подразбира серија настани што се повторуваат по повеќе или помалку одреден редослед во време. Како и перфектот, и итеративноста јасно покажува соодветен редослед во време на настанот, односно настаните. Кај перфектот, настанот е завршен и предизвикува определена состојба во моментот на зборување или со перфектот се искажува релевантен факт, но отсуствува актуализација на минатиот настан во моментот на зборување. Итеративната серија, која од темпорален аспект има презентска темпорална интерпретација, се создава врз база на низа минати, перфективни настани, кои во ваков случај стануваат релевантни во однос на моментот на зборување, иако се неактуелни, односно се незадолжително актуелни. (Итеративната серија гласи: Секој ден доаѓа во 7 часот. < Денес доаѓа / дојде во 7; вчера дојде во 7; завчера дојде во 7 итн.)

Во врска со итеративноста логички се наметнува споредбата на перфектот со перфективниот презент и неговата типична употреба за изразување итеративност во словенските јазици, вклучително и во старословенскиот. Од друга страна со перфективниот презент се искажува и т.н. историски презент со кој се врши актуализација на минатиот настан, што повторно нè наведува на врската со перфектот.

Двојната темпорална и видска интерпретација на перфектот, неговото приближување кон минатото неопределено време и имперфективниот вид, како и воопшто расколебувањето на граматичката категорија вид во македонскиот јазик, секако овозможува перфектот да почне да се образува не само од перфективни туку и од имперфективни глаголи, односно кога е во прашање *л*-формата во македонскиот јазик, не само од аористната туку и од презентската основа. Ќе ги наведам примерите: *Сум ја читала книгата; Ја имам читано книгата; Сум шиела таков фустан; Имам шиено таков фустан.*

Ваков тип конструкции, особено кај перфектот од типот: *сум* + *л*-форма носи семантика на неопределеност на тоа дали настанот е заокружен кога било до моментот на зборување. Во контекст на ова ќе спомнам дека *л*-формата, по потекло минат активен партицип, во македонскиот јазик одамна го има изгубено придавското значење и е сведена на чиста ознака на глаголското дејство, за разлика од *-н-* / *-т-* придавката, која по потекло е минат пасивен партицип и во најголем број случаи го чува придавското значење.

Така примерот: *Сум ја чишала* книгата, може да се толкува: 'Сум ја читала книгата, ама не сум ја дочитала', 'Сум ја читала книгата, ама не се сеќавам дали сум ја прочитала, кога сум ја прочитала или не се сеќавам на содржината'. Се разбира, може да носи и позитивна потврда за тоа дека настанот е реализиран до крај, односно: 'Сум ја прочитала книгата', но исто така и значење: 'Сум ја читала / прочитала книгата, ама тоа не е важно во овој момент'.

Аналитичките конструкции на перфектот образувани од имперфективни глаголи, односно со *л*-форма образувана од презентската основа, ја придвижува темпоралната интерпретација на овие конструкции уште повеќе кон минатоста, односно кон минатото неопределено несвршено време, особено поради фактот што конструкција на перфект од имперфективна форма тешко се врзува со моментот на зборување. Впрочем, не случајно перфектот од типот: *сум* + *л*-форма во Граматиката на македонскиот јазик се нарекува минато неопределено време (Конески 1981: 459). Сепак, конструкцијата *сум* + *л*-форма во современиот македонски јазик не се граматикализира како минато неопределено време, на прв план излегува токму неопределениот однос кон категориите вид и време, а како ќе се толкува соодветната глаголска конструкција, зависи од контекстот, од ситуацијата, од интонацијата, од видот на глаголот или на глаголската основа, од лицето во кое е оформена конструкцијата, од присуството на членот и удвојувањето на објектот или од непосредни лексички показатели. Ова овозможува развој и граматикализација на т.н. категорија *сшашус*, односно субјективен однос на говорителот кон искажаниот настан при што во македонскиот јазик на преден план излегува т.н. категорија *ūрекажаносш*, односно *незасведоченосш* веројатно поради најнепосредната врска на конструкцијата од типот *сум* + *л*-форма со минатото неопределено време, посебно со несвршеното, а секако и поради вградената релација на редослед во време и сè уште живата семантика на перфектот. Секако, треба да се има предвид и влијанието на турскиот јазик во граматикализацијата на прекажаноста во македонскиот јазик.

Како и да е, прекажаноста е сепак само една од можните значенски варијанти на конструкција чие главно обележје е неопределеност по вид и време. Токму ваквата неопределеност, вклучувајќи го и фактот

дека глаголската *л*-форма не носи никакво дополнително обележје освен именување на настанот доведува до губење на помошниот глагол во 3 л. Помошниот глагол не врши веќе никаква улога. Со тоа завршува кариерата на *сум* + *л*-формата и како перфект и како минато неопределено време (иако не ги исклучува ваквите употреби), а својот понатамошен развој во македонскиот јазик го гради токму врз значењата на засведоченост и незасведоченост на искажаниот настан.

Во врска со изложеното ќе ги наведам следните констатации:

**1. Конструкција *сум* + *-н-* / *-т̄-* придавка**

Конструкцијата *сум* + *-н-* / *-т̄-* придавка по потекло се врзува со стариот словенски пасив; пасивот, кој по природа е интранзитивен ја исклучува можноста да се образува од интранзитивни глаголи. Во современиот македонски јазик нема изградена, граматикализирана категорија дијатеза. Од друга страна, категориите транзитивност и интранзитивност се сериозно разнишани (сп. Конески 1981: 354–360). Познато е и тоа дека конструкциите од типот *сум* + *-н-* / *-т̄-* придавка можат да се образуваат како од транзитивни така и од интранзитивни глаголи (или би рекла од примарно интранзитивни глаголи) и токму вторите најубаво го искажуваат значењето на перфект, а не на пасив, односно на конструкција која не е јасно определена во поглед на категоријата дијатеза, сп.: *сум дојден; сум влезен; сум с̄танат̄* : *сум обележан, сум изненаден, сум разлут̄ен, сум изневерен.* Може да се констатира дека овие конструкции покажуваат најголем степен на ограниченост во поглед на видот; односно најприродно се врзуваат со перфективниот вид. Така и кога се образуваат од имперфективни глаголи обично упатуваат на завршеност, односно заокруженост на настанот, на пр. *Пет̄ар е оден Бит̄ола* 'е отиден'; *Јаден сум* 'Сит сум / завршив со јадењето' (сп. Марковиќ 2007: 143-150). Можат да се забележат и такви примери во кои има одредено поместување во врска со видот што го искажуваат конструкциите од типот *сум* + *-н-* / *-т̄-* придавка и при тоа тие можат да искажуваат и настан, кој траел определен период во минатото: *Сӣиен сум само т̄ри саат̄а ноќеска* – 'Само три саата спиев / отспав ноќеска'. Како што се гледа од примерот, дури и ваквите конструкции сугерираат завршеност на настанот.

Општо речено, можноста за создавање конструкции од типот: *сум* + *-н-* / *-т̄-* придавка не е ограничена во поглед на имперфективните глаголи, сп. *Црквата̄ е г̄радена т̄риесет̄ г̄одини; Овој автор е ӣреведуван на мног̄у јазици и т̄оа од свет̄ски ист̄акнат̄и ӣисат̄ели.* Сепак, ваквите примери носат поинаква семантика и се сфаќаат како безлична конструкција или сугерираат интерпретација на пасив.

Значи, конструкцијата од типот *сум* + *-н-* / *-т̄-* придавка покажува извесно отстапување во семантиката ако глаголската придавка се об-

разува од имперфективни и од транзитивни (примарно транзитивни) глаголи. Токму затоа и бројот на примери оформени според моделот *сум + -н- / -т-* придавка кои можат да се толкуваат како перфект во македонскиот јазик е ограничен.

Конструкциите од типот: *сум дојден; сум влезен; сум јаден; сум заминат* и сл. во современиот македонски јазик се најблиску до дефиницијата на перфектот сфатен како состојба што е актуелна во моментот на зборување, а е резултат на минат завршен настан или попрецизно речено со овие конструкции се искажува ефект или резултат од минат настан, што е непосредно актуелен и во моментот на зборување. Ова секако им го овозможува врската на споменатите конструкции со пасивот (кој е интранзитивен); отворената можност за образување конструкции од интранзитивни глаголи и присуството на *сум* како помошен глагол, кој по природа е интранзитивен. Ова значи дека интранзитивноста има непосредна врска со семантиката на перфективниот вид, што и се докажува со тоа дека посочените конструкции во македонскиот јазик се ограничени во врска со видот во сите случаи што јасно можат да се толкуваат како перфект. Може да се забележи и тоа дека расколебувањето на категоријата вид во македонскиот јазик се случува истовремено со расколебувањето на категоријата транзитивност / интранзитивност.

**2. Конструкција *имам + -н- / -т-* придавка**

Во лингвистичката литература перфектот граден со помош на глаголот *има* + минат пасивен партицип е познат како активен или транзитивен перфект во споредба со конструкцијата *сум + -н- / -т-* придавка, кој е познат како пасивен или интранзитивен перфект, поради потеклото од конструкциите од типот: habeo factum, активна конструкција за образување перфект од транзитивни глаголи, односно од конструкцијата од типот: sum ventus, конструкција на перфект ограничен на интранзитивните глаголи, а која води потекло од латинскиот пасивен перфект од типот: laudatus sum (сп. Илиевски 1998: 227).

Во македонскиот јазик *има*-перфектот може да се образува од сите глаголи, и од транзитивни и од интранзитивни или т.н. примарно интранзитивни глаголи. Тој може да се образува како од перфективни така и од имперфективни глаголи. Првенствено е носител на значењето на перфективност на искажаниот настан и негова, без никакво сомнение, оствареност во моментот на зборување или настан остварен во минатото, но сè уште релевантен во моментот на зборување; со други зборови, во моментот на зборување нема никаква промена на состојбата во однос на состојбата предизвикана со извршувањето на минатиот, сп. *Денес имам дојдено за важна работа, друг пат ќе се забавуваме; Веќе го имам зготвено ручекот. Ако сакате, можеме веднаш да ручаме!; Уште многу одамна оваа книга ми ја има купено тетка ми од*

*Франција.; Многупати имам гледано филмови во кино, ама ниту еден не ми причинил толкаво задоволство како овој.; Имам пишувано на таа тема повеќепати досега.*

*Има*-перфектот за разлика од перфектот од типот *сум + н- / -т-* придавка, кога е образуван од имперфективни глаголи може да означува и настан што се одвивал извесен период во минатото без да се алудира на завршеноста на настанот, туку повеќе да се потенцира траењето на настанот во минатото. Во врска со ова пишува М. Марковиќ, (2007: 146-150) и меѓу другото ги наведува и примерите од типот: *Три дена имам одено по планина; Имам јадено три саата*, итн. Ова го претставува *има*-перфектот како конструкција која може наполно да се вклопи во минатото неопределено време и тоа без ограничување во поглед на видот.

Во врска со избледнувањето на резултативниот карактер на *има*-перфектот (резултативноста обично во граматичките описи се претставува како основна значенска карактеристика на *има*-перфектот) и неговото приближување кон минатото неопределено време сведочат и македонските крајни југозападни говори (костурско-корчански) што е прецизно претставено во *Синтаксата на македонските дијалекти во Егејска Македонија* од З. Тополињска (1995: 205– 212).

Општо речено, во современиот македонски јазик се забележува избледување на резултативниот карактер на *има*-перфектот поради фактот што со оваа конструкција се искажува пред сè резултат од минат завршен настан кој се претставува како сè уште релевантен во моментот на зборување (сп. *Оваа вазна ја имам купено во Кина*); со други зборови резултативноста се сфаќа доста релативно; Со *има*-перфектот може да се искаже и ефект од минат завршен настан, кој е непосредно актуелен во моментот на зборување (сп. *Денес имам дојдено за важна работа, друг пат ќе се забавуваме*). Оваа употреба е поретка бидејќи подобро се врзува со семантиката на конструкциите од типот: *сум + -н- / -т-* придавка.

Функцијата на минато неопределено време во стандардниот македонски јазик ја врши конструкцијата *сум + л*-форма.

### 3. Конструкција од типот: *сум + л*-форма

Без претензии да давам прецизна анализа на развојот на конструкциите од типот *сум + л*-форма во одделните македонски говори, што е неможно без адекватен документиран материјал, сакам да укажам на некои веќе утврдени факти во врска со развојот на оваа конструкција на македонската јазична територија. Само по себе се наметнува да спомнам нешто и во врска со развојот на аористот и имперфектот во македонскиот јазик.

З. Тополињска (1995: 251) за формите од типот *сум + л*-форма во македонските говори во Егејска Македонија вели: „На западната

периферија категоријата (дубитатив з.м.) е присутна и јасно оформена, имено, таа е единствената функција на *сум*-перфектот, при што најшироко е застапена маркираната адмиративна варијанта на дубитативот. Одејќи кон исток, дубитативот е присутен во живата разговорна реч, додека во јазикот на народното творештво (приказните) не се изделува јасно од другите функции на минатото неопределено време. И најпосле, во југоисточните говори дубитативот, иако присутен, најслабо се издвојува, што веројатно останува во врска со поместениот статус на минато неопределено време, т.е. со слабеењето на границата меѓу определените и неопределените времиња".

Од приложениот цитат јасно се гледа дека судбината на стариот *сум*-перфект во македонскиот јазик е различна во различни јазични средини. Развојот на оваа конструкција е во корелација со развојот на аористот и имперфектот и на има-конструкциите во македонскиот јазик. Општо речено, на крајниот југозапад се наметнуваат аористот и имперфектот како основни форми на претеритот, а како форми на минатото неопределено време и како перфект се употребуваат *има*-конструкциите; *сум*+*л*-формата се чува во функција на дубитатив / адмиратив; нема развој на прекажаност, односно незасведоченост (сп. Тополињска 1995: 205-212; 295).

На останатиот дел од македонската јазична територија, најопшто сфатено, се зацврстуваат аористот и имперфектот во позиција на основни форми на претеритот, но истовремено се судираат со конструкцијата *сум* + *л*-форма која настојува да ја заземе истата функција (како што се одвива развојот на стариот *сум*-перфект во останатите словенски јазици, пред сè во небалканските). Како што е случај и со балканските несловенски јазици, во македонскиот јазик преовладуваат синтетичките форми на претеритот. Со други зборови, конструкцијата *сум* + *л*-форма едноставно била принудена да тргне по друг развоен пат (сп. Илиевски 1998: 239–240).

Од друга страна развојот на конструкциите од типот *сум* + *л*-форма повратно влијаат врз развојот на аористот и имперфектот во македонскиот јазик. Последните се зацврстуваат на позицијата на минато определено свршено, односно несвршено време, а конструкцијата *сум* + *л*-форма ја презема функцијата на минато неопределено свршено, односно несвршено време, во корелација со фактот дека *л*-формата може да се образува како од аористната така и од презентската основа. Сите овие промени се случуваат истовремено и со процесот на разградување на категоријата вид во македонскиот јазик.

Опозицијата определеност : неопределеност на чисто темпорален план не се покажува како доволно разликувачка меѓу минатото определено време, од една страна, и минатото неопределено време, од друга страна, што се докажува со немотивираната употреба еднаш на аористот

(од перфективни и од имперфективни глаголи), а веднаш потоа на конструкцијата од типот *сум* + *л*-форма во постари текстови што потекнуваат од јужните македонски говори, на пр. *Кулакискоѿо Еванѓелие* (*Па 'он му ѓувор'и, да му рич'е на ѿ'аѿко му ... Т'аѿкоѿо му р'екал ӣа на н'еѓо*). Слично значење се покажува и во самата нарација забележана во текстовите од с. Сухо и Висока во Солунско од Малецки, како и во приказните од Верковиќ. Така раскажувачот може да го започне текстот со минато неопределено време, а веднаш да продолжи да раскажува со формите на минатите определени времиња (попрецизно во врска со ова сп. Тополињска 1995 : 213-220; 245-251; Голомб 1961:163).

Воопшто слабата опозиција, на темпорален план, меѓу минатите определени и неопределени времиња се чувствува и денес при раскажувањето на народните приказни, сп. примери од типот: *Во сѿаро време си живеел еден цар, си имал ѿри ќерки. Еден ден најсѿараѿа ќерка му рекла на цароѿ ....*

Се чини дека природно била наложена потребата од посилна опозиција меѓу минатите определени и неопределени времиња, па како основна опозиција меѓу минатите определени и минатите неопределени времиња не се наметнува само определеноста : неопределеноста во однос на времето во кое е извршен настанот туку и субјективниот однос на говорителот кој кон искажаниот настан зазема позиција на сведок или јасно се оградува од настанот кој лично не може да го засведочи; со други зборови почнува да се развива имперцептивот во македонскиот јазик.

Самата граматикализација на категоријата засведоченост : незасведоченост, пред сè се покажува преку развојот на формите на аористот и имперфектот, од една страна, и стариот *сум*-перфект од друга страна. Ако со првите јасно се искажува засведочено дејство, вторите варираат во поглед на засведоченоста, односно незасведоченоста. Со други зборови, аористот и имперфектот се јасно маркирани како засведочени додека конструкцијата *сум* + *л*-форма се јавува како + / - маркирана во поглед на засведоченоста. Јасно се покажува дека категоријата на субјективен став кон искажаниот настан се вградува во системот на минатите времиња во македонскиот јазик.

Развојот пак на категоријата засведоченост : незасведоченост во рамките на конструкциите градени со *л*-формата води кон нејзина потполна граматикализација во современиот македонски јазик. Така, можат да се разликуваат форми за прекажаност / незасведоченост, кои темпорално го лоцираат настанот во сегашноста или во минатоста, тоа се конструкциите од типот: *сум* + *л*-форма: *Јане вчера ӣрисѿиѓнал во Скоӣје; Томе вели дека Јане дошол* 'е тука' / 'е пристигнат'), а со конструкциите од типот *ќе* + *л*-форма се искажуваат прекажани / незасведочени настани на планот на идноста, како и на планот на идноста во однос на некој ми-

нат момент, сп. *Тој ќе ни дошол утре на гости; Тој ќе ни дојдел тогаш на гости, да не се разболел* (сп. Конески 1981: 497).

Во овој развој на прекажаност, во рамките на конструкцијата од типот *сум* + *л*-форма, сигурно свое влијание имал и турскиот јазик, кој разликува соодветни форми наменети за директно кажување и форми за прекажување. Сепак, развојот на самата категорија *статус* во македонскиот јазик има подлабока основа, како што реков тоа се покажува и во самата опозиција меѓу минатите определени и минатите неопределени времиња.

Во поглед на изразувањето на категоријата статус преку конструкцијата од типот: *сум* + *л*-форма не може да не се земе предвид ситуацијата во македонските југозападни говори, каде што оваа форма се употребува во функција на дубитатив / адмиратив. При тоа евидентно е дека *има*-перфектот се шири на македонската јазична територија, се губи потребата од употреба на конструкцијата *сум* + *л*-форма во функција на перфект, а се шири граматикализацијата на оваа конструкција во сферата на деонтичката модалност. Така со конструкцијата од типот: *сум* + *л*-форма се искажува субјективен однос на говорителот кон искажаниот настан, кој може да варира во значењата од потврденост и засведоченост на настанот (*Денес сум дошол да те видам тебе*), преку непотврденост, незасведоченост, сомневање во вистинитоста на искажаниот настан (*Се појавил вчера на работа, но јас не го видов*), чудење (*Колку си се изменил, не можам да те препознаам*), па дури и негирање на вистинитоста на настанот од страна на говорителот (*Тој знаел да поправа телевизори, не знае ниту да го вклучи телевизорот*).

Со други зборови со конструкцијата од типот: *сум* + *л*-форма настанот се прикажува како веројатен, но не и недвосмислено фактивен. Степенот на веројатност, како што реков, може да варира од + засведочен и +фактивен до – засведочен и според оценката на говорителот – фактивен. Степенот на веројатност се искажува во контекстот или ситуацијата или се искажува со други показатели, модални определби од типот: *можеби, веројатно, сигурно, невозможно* итн., или со надградени предикати од редот на verba dicendi или verba cogitandi, сп. *Ми рече / јави дека ја завршил работата; Ми се чини / Сметам дека веќе дошло време да побараш работа* и сл.

Употребата на конструкциите од типот *сум* + *л*-форма во македонскиот јазик се сведува на своевиден *релатив*. При тоа не се покажува само релацијата на еден настан во однос на друг настан (во случај на конструкциите од типот *сум* + *л*-форма се работи за настан што се случил пред некој друг настан) туку истовремено се прикажува и релацијата на говорителот кон искажаниот настан. Специфичноста на овој релатив е во тоа што може да искажува и релација на искажаниот настан, не во поглед на друг настан туку во однос на моментот на зборување. Токму во

таква ситуација многу јасно доаѓа до израз субјективниот став на говорителот кон искажаниот настан, сп. *Си се исӣружил на кревеѿоѿ, нема месѿо друї каде да се одмори; Пушѿил музика ѿолку їласно, човек не може да се одмори* итн.

Комплетната граматикализација на категоријата *сѿаѿус* преку конструкциите оформени врз база на *л*-формата, се покажува и со губењето на помошниот глагол во 3 л. едн. и мн. кај конструкциите од типот *сум* + *л*-форма. Во овој контекст секако вреди да се спомне и ревитализацијата на формите од типот *би* + *одел* во современиот македонски јазик забележана уште од Конески (1981: 500). Притоа треба да се има предвид дека оваа појава не се должи првенствено на влијанието од соседните словенски јазици, туку се јавува како резултат на граматикализацијата на категоријата статус во македонскиот јазик.

**4. Перфект, перфективен презент, итеративност, семантика на видот, релација редослед во време**

Во врска со итеративноста ќе спомнам дека во македонските дијалекти се забележува употреба на перфективниот презент за искажување итеративни настани и во функција на историски презент, таму каде што претставената категорија *релаѿив* или поопшто кажано категоријата *сѿаѿус* не е комплетно граматикализирана. Се работи првенствено за крајните источни и југоисточни македонски говори.

Во контекст на ова би обрнала внимание дека категоријата вид, сфатена како внатрешна временска организација на настанот (Тополињска 1995: 176) кога се наоѓа во фаза на разградување (што е сосем евидентно во македонскиот јазик), почнува да бара други можности за да ја манифестира соодветната семантика. Една од тие можности е спроведување специфичен вид на т.н. consecutio temporum, што можеме да го констатираме кај македонските конструкции градени врз база на *л*-формата, како и во употребата на *ќе*-конструкциите. Формите што не се определени стриктно во однос на категориите време и вид, а во исто време поседуваат граматикализирана или вградена субјективна модалност се сосем погодни за спроведување на овој специфичен вид на consecutio temporum.

Што се однесува до итеративноста, конструкциите од типот *сум* +*л*-форма поради изразената маркираност во однос на засведоченоста / незасведоченоста и релативната ограниченост на темпорален план (барем што се однесува до 2. и 3. л.) се употребуваат за искажување прекажани, односно незасведочени итеративни настани, сп. *(Велаѿ) Секоја сабоѿа излеїувал ѿочно во 10 часоѿ и секоїаш се враќал науѿро во 2 часоѿ*, или еден пример од македонските дијалекти: *Чифуѿинуѿ ӣикасал рабоѿѿа, си кладел на умуѿ, как да а заколе ѿаа кокошка;*

*зашто кој 'и јадѕел главата са чинувал цар, а кој сърцето, кота ѕастра му един алтън* бл'увал низ устата (сп. Гајдова 2002: 85).

За да се прикаже итеративна серија со презентска темпорална интерпретација, која не е маркирана по однос на категоријата заведоченост / незасведоченост, во македонскиот јазик се употребуваат *ќе + презент* конструкциите, сп. *Ќе дојде, ќе јаде и веднаш си легнува / ќе си легне.*

*Ќе* + презент конструкциите, наспроти нивното вообичаено толкување како футур, воопшто не се изградени како темпорални конструкции специјализирани за искажување на настани кои на временската оска се лоцираат на планот на иднината. *Ќе* + презент конструкциите првенствено укажуваат на последователност на настанот што го искажуваат и тоа во однос на некој друг настан, кој темпорално се лоцира најчесто на планот на иднината, сп.: *Ако дојде, веднаш ќе ти се јавам*, но настанот што ја условува темпоралната интерпретација на *ќе* + презент конструкциите може да се наоѓа и на планот на минатоста, сп.: *Ми рече дека ќе дојде во среда, но воопшто не се појавил досега.*

Воопшто, *ќе*-конструкциите немаат стриктна темпорална интерпретација, што е јасно со оглед на фактот дека тие се основни носители на нефактивноста во македонскиот јазик. Нивната јасна зацврстеност во позицијата на аподоза на реалниот условен период, секундарно ги определува како конструкции на футурот во македонскиот јазик. Мора да се забележи дека овие конструкции кога се употребуваат самостојно, во функција на футур, значи нивната темпорална интерпретација се базира во однос на моментот на зборување, а не во однос на некој друг настан, тогаш многу јасно доаѓа до израз нивната вградена семантика на субјективен став на говорителот во однос на искажаниот настан. Ова се должи на нивното потекло од глаголот *хътěti, кој по своето лексичко значење покажува субјективен став на говорителот кон искажаниот настан. Кога се употребени во функција на футур, *ќе* + презент конструкциите искажуваат само веројатност дека искажаниот настан ќе се оствари во иднина. Степенот на веројатност „се чита“ во рамките на контекстот или ситуацијата или се потенцира со лексички показатели.

Со *ќе*-конструкциите употребени за искажување на итеративни настани, искажаниот настан се претставува без стриктна темпорална интерпретација; при тоа *ќе*-конструкциите сугерираат дека на настанот што го искажуваат му претходи некој друг настан, но секако се искажува и веројатност дека настаните ќе продолжат да се одвиваат и во иднина.

На крај ќе резимираме дека историскиот развој на перфектот воопшто покажува дека тој е една нестабилна конструкција подложна на чести промени како на формата, така и на содржината поради вградената двојна семантика.

Кај перфектот појасно е издиференциран видот одошто темпоралната интерпретација и токму тоа придонесува да се развиваат посебни конструкции на перфектот за сите три временски плана, перфект (сегашност), плусквамперфект (минатост), футур егзактен (идност). Ова го покажува перфектот како конструкција погодна за искажување на релацијата редослед во време и на т.н. релативно време. Ова во случај на конструкциите на перфектот значи прикажување на настанот како извршен пред некој друг настан, во минатото или како извршен пред моментот на зборувањето. Кога настанот искажан со перфект ќе се доведе во врска со моментот на зборување, доаѓа до израз неговиот релативен карактер, како во однос на времето така и во однос на ставот на говорителот спрема искажаниот настан.

Резултативната компонента на перфектот и неговата неопределена темпорална интерпретација, овозможува настанот искажан со перфект да го сфатиме како резултат од минат извршен настан, кој е сè уште релевантен во однос на моментот на зборување, но нема непосредна актуализација на минатиот настан. Оваа релативна резултативност придонесува искажаниот настан да го сфатиме со извесна дистанција. Оваа дистанција ќе се пројави или како дистанција на настанот во однос на времето на говорење или како дистанција во однос на вистинитоста на искажаниот настан.

Најпосле, преку развојот на конструкциите на перфектот може да се согледаат и различните значења на формите што се должат на категоријата вид.

Од општо познатата ситуација во балканските јазици може да се констатира дека: македонскиот, бугарскиот, албанскиот и дел од српските говори јасно ја потврдуваат можноста за развој на перфектот во конструкција што ѝ припаѓа на категоријата статус, сфатена како субјективен однос на говорителот кон искажаниот настан. Оваа категорија преку различни конструкции покажува поголем или помал степен на граматикализација во сите спомнатите балкански јазици, вклучувајќи го и грчкиот јазик.

Од друга страна, оцената на минатите настани е доста релативна и често субјективна, па оттука и не е чудно што во одредени јазици, вклучувајќи ги и небалканските словенски јазици токму перфектот се наметнал како општ претерит. Во исто време, се работи за јазици во кои субјективниот став на говорителот кон искажаниот настан не се манифестира ниту се граматикализира така експлицитно како што е тоа случај со балканските јазици. А во рамките на балканските јазици, и во овој поглед македонскиот јазик се покажува како најбалканизиран.

*Литература:*


1. **Будимир, М.; Црепајац, Љ.**: Στοιχηια Ελληνικα, Београд 1965.
2. **Гајдова, У.**: *Темпоралната карактеристика на финитните глаголски конструкции во југоисточните македонски говори*, Скопје 2002.
3. **Голомб, З.**: *Два македонски говори (на Сухо и Висока во Солунско)*, Македонски јазик XI-XII, Скопје 1960-61.
4. **Илиевски, Хр. П.**: *Балканолошки лингвистички студии*, Скопје 1988.
5. **Конески, Б.**: *Граматика на македонскиот литературен јазик*, Скопје 1981.
6. **Марковиќ, М.**: *Ароманскиот и македонскиот говор од охридско-струшкиот регион (во балкански контекст)*, Скопје, 2007.
7. **Тополињска, З.**: *Македонските дијалекти во Егејска Македонија, Синтакса кн.* I, Скопје 1995.

*Елена Пешроска*

# ИНФОРМАЦИСКАТА СТРУКТУРА И УДВОЈУВАЊЕТО НА ОБЈЕКТОТ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ВО БАЛКАНСКИ КОНТЕКСТ

Информациската структура е термин што е тука употребен за да ја претстави семантичко-прагматичката структура на реченицата[1]. Реченицата се согледува како елемент составен од два основни дела, фокус и топик. Наједноставно кажано, фокусот одговара на синтаксичкиот конституент што ја претставува информацијата во исказот како нешто логички ново и важно за говорителот/зборувачот, а топикот она што упатува на претходниот дискурс. Македонскиот има слободен ред на зборовите и ги употребува и акцентот и редот на зборовите како начин да ја реализира определената информациска структура. Тука нема да стане збор за реченичниот акцент.

Удвојувањето на објектот како балканска лингвистичка појава (ама и не само балканска) покажува варијации на географска и лингвистичка дистрибуција (од прагматски определени преку синтаксички правила до морфолошко енкодирање (в. Friedman 1994, 1996)). Фридман истакнува дека удвојувањето е променлив дискурсен маркер во бугарскиот; станал синтаксички граматикализиран во македонскиот; и синтаксички или морфолошки граматикализиран во албанскиот[2].

Граматичката функција на клитиките за објект во македонскиот е добро позната, па затоа тука ќе стане збор за нивната дискурсна функција во исказот. Се смета дека карактеристиките на стандардниот македонски јазик се редовно удвојување на директниот (определен) и на индиректниот објект без какво и да е влијание од функционалната реченична перспектива (Minova-Gjurkova 1998: 67). Стандардниот македонски јазик има слободен ред на зборовите и задолжително удвојување

---

[1] Тоа се термини од прагматичката теорија, (сп. Chafe (1976), Prince (1986) и Vallduví (1995)).

[2] Интересно е дека оние критериуми што се стриктен фактор за удвојувањето во албанскиот (специфичноста и топикализацијата), веројатно биле дел од дијахронискиот развој на македонскиот (сп. Casule 1997, Jaeger & Gerassimova 2002).

со клитиките за определен директен објект и за индиректен објект. Удвојувањето на клитиките за директен објект е вид на маркирање на центарот. Предикатот се комбинира со реченични клитики во предикатски клитики. Клитиките се превербални, со што кога ги има двата вида, таа за индиректен објект се наоѓа пред таа за директен. Клитиките се усогласуваат според лице, број и род. Македонскиот го има следниот ред на зборовите: субјект – глагол – директен и индиректен објект како најнеутрален ред.

Постоење на примери со удвојување на директниот неопределен објект и примери на неудвоен индиректен објект го наметнува прашањето за дискурсната функција[3] на клитиките во определени ситуации и во македонскиот јазик.

За примерите на неудвојување / удвојување на директниот / индиректниот објект кои се т.н. отстапувања од нормата регистрирани од страна на Угринова (1960:30; 1960/61:107) таа наведува дека „доаѓа до израз субјективниот однос на зборувачот кон нештата опфатени со исказот". Во статијата со примери за неудвојувањето на индиректниот објект Црвенковска (1986:101) наведува дека „овој проблем треба подлабоко да се разгледа", бидејќи практичната примена покажува различни решенија од нормата. Тие две всушност го навестуваат можното објаснување на т.е. отстапување на удвојувањето во однос на нормата преку определените дискурсни функции на клитиките и во македонскиот јазик.

## 1. Информациската структура и клитиките за директен објект во македонскиот јазик.

1.1. Показателите за определеност го објаснуваат удвојувањето на објектот во македонскиот, но има примери од разговорниот македонски со неопределени специфични именски синтагми што се удвоени (Friedman 2002, Минова-Ѓуркова 2000: 211). Како и во грчкиот и во албанскиот (Kazazis and Pentheroudakis 1976), македонското *еден* во својата специфична-референцијална функција е граматикализирано до тој степен што може да потегне и удвојување на објектот. Функцијата на клитиките за директен објект кај специфичните неопределени именски синтагми, (со објективно неопределената заменка *еден*) е иста со албанскиот[4] каде клитиките го топикализираат објектот, т.е го дефокусираат.

---

[3] Дискурсната функција се однесува на она што попрецизно може да се нарече функционална структура на информациската структура (сп. Jaeger и Gerassimova 2002). (Клитиките даваат информација дека има удвојување на информација што ѝ припаѓа на иста граматичка функција.)

[4] в. Kallulli 1995.

Во овој тип примери, со неопределен објект маркиран по специфичност клитиките се употребуваат (а тоа значи дека објектот е удвоен) само ако следниот елемент е нагласен како нов елемент во реченицата. Така, во примерот на Фридман (Friedman 1994:102) *Ја барам една марка, но не ја најдов. – не ја најдов* е фокусот, а неопределената специфична синтагма не е дел од фокусот. Во примерот (1) присуството на клитиката *ја*, т.е. удвојувањето на неопределениот директен објект што се карактеризира со специфичност (со помош на *еден*) покажува дека директниот објект не е фокус во реченицата. Клитиката го маркира објектот дека не е фокус – и тоа без оглед на редот на зборовите (го топикализира).

(1) Слушнав една жена како зборува турски.

(1а) Ја слушнав една жена како зборува турски.

Споредено со бугарскиот, каде објектот мора да биде во позиција пред глаголот (на пр: *Edno dete go vidjah da pliva* – Jaeger 2003), во македонскиот е почест објектот во својот канонски ред (субјект-глагол-објект), но објектот може да биде и исфрлен напред.

(2) Еден човек го прашав на улица.

1.2.Во разговорниот јазик се среќаваат и примери со неудвоен определен директен објект во комбинација со заповеден начин (Угринова: 1960/61), но ги има и ден-денес, како примерот (3).

(3) Гаси телевизорот! (*Форум*, август 2007)

Тука е јасно дека сè е фокус и отсуството на клитиката прави да се нагласи дека и објектот е задолжителен дел од фокусот во реченицата.

Можам да заклучам дека сепак се работи за граматикализација на удвојувањето, но во случаи на употреба на клитика каде што клитиката не е целосно граматикализирана, има дискурсна функција (го маркира објектот дека не е дел од фокусот во реченицата).

## 2. Информациската структура и клитиките за индиректен објект во македонскиот.

Удвојувањето на индиректниот објект е задолжително според јазичната норма (в. Минова-Ѓуркова 2000). Меѓутоа, се среќаваат примери со неудвоен индиректен објект (в. Црвенковска 1986). Претпоставката

за редовното удвојување на индиректниот објект е дека постои потреба индиректниот објект да биде силно маркиран или дека секогаш вклучува двојно маркирање (сп. Kallulli 1995). Ама, фактите што се однесуваат за улогата на клитиките за директен објект во албанскиот, т.е. дека тие топикализираат или дефокусираат, нè тера да поверуваме дека примерите со неудвоен индиректен објект во македонскиот можеме да ги објасниме со отсуството на клитиките за фокусирање на индиректниот објект. Примерите од типот (4), (5) и (6) – без удвојување, т.е. без клитиката за индиректен објект, можат често да се чујат од страна на луѓе што добро го владеат стандардниот јазик. Кај овие примери се истакнува индиректниот објект како фокус во реченицата, на странските *слависти* (4), *на станарите од првиот влез* (5), *на станарите* (6). Говорителот/зборувачот сака со сигурност да го фокусира индиректниот објект.

(4) Посебна награда се дава *на странските слависти.*

(5) Специјална опомена се упатува *на станарите од првиот влез.*

(6) Веројатно дале нешто мито *на станарите.*

Примерите (7), (7в) и (8) се реченици според јазичниот стандард – индиректниот објект е удвоен. Меѓутоа, примерите (7а), (7б) и (8а) покажуваат дека во зборуваниот македонски можно е да не се употребат клитики за индиректен објект. Објаснување за ова може да се даде со истиот факт, дека зборувачот/говорителот сака да нагласи дека дел од/ или новата информација е (*на студентите*), т.е. дека индиректниот објект е фокусот во реченицата. Тоа не значи дека клитиките за индиректен објект во македонскиот јазик го дефокусираат објектот, ама кога ги нема, даваат сигнал дека индиректниот објект со сигурност е фокус во реченицата.

(7) Професорот *им* даде поддршка *на студентите.*

(7а) Професорот даде поддршка *на студентите.*

(7б) Професорот даде поддршка *на едни студенти.*

(7в) Професорот *им* даде поддршка *на едни студенти.*

(8) Пакетот *му* го предадоа *на еден војник.*

(8а) Пакетот го предадоа *на еден војник.*

Можното отсуство на удвојувањето кај индиректниот објект во македонскиот ја поддржува важноста за разбирање на информациската структура на реченицата, а со тоа и на македонскиот дискурс.

### 3. Заклучок

Сепак, удвојувањето на директниот и на индиректниот објект е синтаксички граматикализирано во македонскиот јазик. Во случаите на удвојување, односно на присуство на клитика за директен објект со специфичните неопределени синтагми, клитиката има дискурсна функција – објектот е нефокусиран, а при отсуство на удвојување, односно отсуство на клитиката за директен објект во изрази со императив, отсуството на клитиката исто има дискурсна функција – објектот е силно фокусиран. Кај неудвојувањето на индиректниот објект, отсуството на клитиката исто има определена дискурсна функција – објектот го истакнува како сигурен фокус во реченицата. Таквата употреба е прагматски определена.

### *Лишерашура:*

1. **Chafe, W. L.**: *Giveness, contrastiveness, definiteness, subjects, topics and point of view*. Subject and Topic, red. Charles N. Li 25-55. Academic Press, New York, 1976.
2. **Čašule, I.**: *The functional load of the short pronominal forms and the doubling of the object in Macedonian*, Journal of Slavic Linguistics 5, 3-19, 1997.
3. **Friedman, V.**: Variation and Grammaticalization in the Development of Balkanisms". CLS 30 Papers from the 30th Regional Meeting of the Chicago Linguistic Society, Volume 2: The Parasession on Variation in Linguistic Theory. Chicago Linguistic Society, Chicago, 1994, 101-115.
4. **Jaeger, T. F.; Gerassimova, V. A.**: . Bulgarian word order and the role of the direct object clitic in LFG. In Butt, M. & T. H. King (eds.): Proceedings of the LFG02 Conference, CSLI Publications, Stanford: 2002.
5. **Jaeger, T. F.**: *Topicality and superiority in Bulgarian wh-questions*. Proceedings of FASL 12, 2004, 207-228.
6. **Kallulli, D.**: *Clitics in Albanian*. Working Papers in Linguistic, University of Trondheim, 1995.
7. **Leafgren, J.**: *Degrees of Explicitness: Information Structure and the Packaging of Bulgarian Subjects and Objects*. J. Benjamins, 2002.
8. **Mišeska-Tomić, O.**: *The Balkan Slavic clausal clitics*, Natural Language and Linguistic Theory 14, 1996, 811-872.
9. **Prince, E. F.**: *On the syntactic marking of presupposed open propositions*. Во A. Farley, P. Farley, и K.-E. McCullough, ред., Papers from the Parasession on Pragmatics and Grammatical Theory, 22nd Meeting of the Chicago Linguistic Society, 1986, 208-22.
10. **Vallduví, E.**: *The Informational component*. Garland, New York, 1992.

11. **Фридман, В.**: *Диференцијација на македонскиот и бугарскиот јазик во балкански контекст.* Јазиците на почвата на Македонија. МАНУ, Скопје, 1996.

12. **Минова-Ѓуркова, Л.**: *Некои карактеристики на македонскиот стандарден јазик.* Во Македонски јазик. Л. Минова-Ѓуркова (ред.). Uniwersytet Opolski, Ополе, 1998.

13. **Минова-Ѓуркова, Л.**: *Синтакса на македонскиот стандарден јазик.* Магор, Скопје, 2000.

14. **Тантуровска, Л.**: . *Директниот и индиректниот објект во македонскиот јазик.* Скопје, 2005.

15. **Тополињска З.**: *Мак. еден – неопределен член?* Македонски јазик, 1981-82, 705-715.

16. **Тополињска З.**: *За прагматичната и семантичната мотивација на морфосинтаксички балканизми.* Прилози, 16,1.: Одделение за лингвистика и литературна наука. МАНУ, 1992, 119-27.

17. **Угринова-Скаловска, Р.**: *Две стилски особености во нашиот говорен јазик.* Македонски јазик 11-12, 1960-61, 105-111.

18. **Угринова-Скаловска, Р.**: *Стилски особености во употребата на членот. Книжевен живот* 6/11-12, 1961, 30-31.

19. **Црвенковска Е.**: *Некои забелешки во врска со (не)удвојувањето на индиректниот објект.* Литературен збор XXXIII, 4., 1986, 114-117.

*Снежана Велковска*

# АРХАИЧНАТА ЛЕКСИКА ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

**Кон поимот архаизам.** Класична дефиниција за поимот ***архаизам*** е дека се тоа зборови застарени по својата форма или по своето значење[1]. Односно, архаизми се застарени називи за современи предмети, појави и сл.[2], за разлика од ***историзмите*** што претставуваат именувања на предмети и поими од минатото, јавувања што веќе не постојат.

Вообичаено е во сите учебници по лексикологија и други специјализирани изданија во кои се третира прашањето за архаизмите, тие да се делат, или да се разгледуваат на неколку рамништа. Па така разликуваме: *фонетски, зборообразувачки, лексички, семантички, граматички* и *фразеолошки архаизми.* Во оваа пригода ќе се задржиме само на лексичките архаизми во македонскиот стандарден јазик.

Кога станува збор за македонскиот јазик, кога ќе се спомене терминот *архаизам*, како прво да се помислува на турцизмите како јавно деклариран застарен лескички слој во јазикот. Веројатно за тоа имаат голем удел и статиите, т.е. укажувањата на Бл. Конески пред сè, но и на други наши лингвисти дека се тоа оджливеани речнички елементи[3]. Се разбира, трагањето по архаизмите не може да се сведе само на нотирање на турцизмите, макар што тука можеби се најмногубројни и највоочливи.

Посебно внимание привлекуваат лексичките архаизми од словенско потекло. Во овој поглед словенските јазици најмногу се разли-

---

[1] Ж. Цветковски, Лексикологија, во Македонски јазик за средното образование, редактор Л. Минова-Ѓуркова, Просветно дело, Скопје 1997, стр. 215.

[2] П. Н. Денисов, Лексика русского язйка и принципй ее описания, Москава, 1980; А. В. Калинин, Лексикология, во Современнй' русски' язйк, под редакцие' Д. Э. Розенталя, Москва, 1984, стр. 61.

[3] Бл. Конески, *Оджливеани речнички елементи во нашиот јазик*, За македонскиот литературен јазик, Избрани дела во седум книги, Култура, Скопје 1967, стр. 11-18; Ол. Јашар-Настева *Турцизмите и нивната стилистичка функција во македонскиот литературен јазик*, Предавања на IX семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид 1976, Скопје 1978, стр. 35-42

куваат меѓу себе, бидејќи тоа што е архаизам кај еден јазик не е кај друг и обратно.

Ќе се обидеме да дадеме еден преглед на архаизмите во македонскиот јазик од аспект на еден просечен Македонец од средната генерација. Разгледувањето на архаизмите од другите можни аспекти, социолингвистички, стилистички итн., бара повеќе простор и време и добро е да биде тема на некој поголем труд. Бидејќи ќе ги разгледуваме архаизмите само од лексички аспект, ќе се задржиме поодделно и на некои семантички сфери што ни се чинат особено интересни.

**1.** Лексемата во целост претставува архаизам, без разлика дали има едно или повеќе значења. Тоа би биле таканаречените *лексички архаизми.* Без претензии на исцрпност ќе наведеме неколку примери: ***бабаитлак*** (јунаштво), ***бабајко*** (татко), ***брзописец, вигна*** (ковачница), ***вида*** (лекува), ***видар*** (тој што лекува, што вида), ***грамотен*** (писмен), ***жилиште, коларина, мостарина*** (соодветни даноци, такси за минување на секоја кола, денес, *патарина*; мостарина денес може да се смета за историзам), ***колет*** (пакет), ***котка*** (мачка), ***левент*** (јунак), ***магаза, мадем, мартир*** (и ***мартириса*** , сведок, сведочи), ***метериз*** (заседа), ***милет*** (народ), ***митница*** (и ***митничар*** , царина, цариник), ***мунасип*** (умесно, добро, згодно, правилно), ***мутлак*** (секако, сигурно), ***мушавере*** (договор, советување), ***намуз*** (образ, чест), ***нафака*** (судбина, среќа), ***одвет*** (одговор).

Архаизмите ги опфаќаат речиси сите семантички полиња. Сепак, некои посебно се изделуваат. Ќе наведеме некои од нив без претензии на исцрпност.

**а)** Со напредокот на медицината, и особено со нејзиното сè поголемо популаризирање, сè повеќе во народниот јазик навлегува стручната терминологија, а застаруваат некои **народни називи на болести**. Тука ќе ги наведеме следните: ***дамла*** (мозочен удар), ***буица*** (грозница, треска), ***јагарци*** (жлезди што се појавуваат на вратот), ***јанѕа*** (треска, грозница, рак рана), ***јаникара*** (црн пришт, антракс), ***офтика*** (и ***офтикалија***, туберкулоза, туберкулозен), ***сараца*** (рак на кожата) и др.

**б)** Старите мерки се одамна заменети со нови и тоа неколкукратно во зависност од светските достигнувања и потребата од единствен систем на интернационални единици (SI). Во таа смисла ќе ги споменеме: ***ока*** (мерка за тежина - 1282 грама), ***аршин*** (стара мерка за должина, помеѓу 65 и 67 сантиметри), ***дољум*** (земјишна мерка - 920м$^2$), ***драм*** (мерка за тежина (3, 207 г), ***ендезе*** (мерка за должина еднаква на 65 цм.; лакот), ***загон*** (земјишна мера; дољум) и др.

**в) Садови, особено како мерни единици.**

Познато е дека садовите многу често, покрај другите свои намени, за носење, чување, складирање и употреба на одредени производи,

служеле и како мерни единици. Оваа нивна функција е наполно архаизирана во современи услови. Ваквата нивна употреба денес е забележана само на локално ниво, или во индивидуалните рецепти за приготвување храна во домашни услови. Така, домаќинките сè уште употребуваат *лажица, чаша* и сл. како мерни единици. Во овој поглед ќе набележиме само неколку вакви примери: ***двестедрамник*** (шишенце што собира двесте драма течност, обично ракија), ***оканица*** (метален сад за мерење течност што собира една ока) и др.

**г)** Со промената на технологијата, се менувал и **алатот и средствата за работа, суровините** и сл. Ќе наведеме само неколку: ***еге*** (турпија), глаголот ***набере*** во неговото трето значење носи архаичност: Во печатница – сложи букви (*Брзо ја набраа книгата.*), ***осмина***[1] во своето трето значење, значи 'определен формат на книга'.

**д)** Пример за влијанието на модните случувања, па и глобализација бидејќи светот на модата и во еден дел и јазикот на модата е речиси универзален. И денес се плетат ситни плетенки, ама никој не ги вика ***леса***.

**2.** Особено интересни се архаизмите во случаи на полисемија кога само едно од значењата носи архаичност во значењето или таканаречени *семантички архаизми*. Покрај првото и основното, обично едно од другите значења е архаично: ***банда*** (оркестар, особено воен, од лимени инструменти), ***барабанџија*** (службен известувач што се огласувал со барабан; телал), ***другарство*** (друштво, организација , *Македонско научно-литературно другарство*), ***збор***[1] (собир), ***земски*** (што се однесува на земја како административно организирана територија , *Земска управа*), ***книга*** (3. писмо; 4. учење, писменост, знаење; 5. хартија), ***лето*** (година), ***момок*** (помошник во селска куќа; слуга), ***срце*** со значење на средишен дел од телото, стомак, денес зачуван само во изразот *на гладно срце* и сл.

**3.** Кај хомонимијата имаме случаи кога една од лексемите е архаична. На пр.: **дуња**[1] и **дуња**[2] при што второто е архаично од турскиот јазик што значи 'свет'; **кола**[2] (штирак), **конец**[2] (завршување на нешто; крај, смрт), **ламбада**[1] (1. Факел, запалено парче борина, дрво или нешто слично натопено во течност, обично смола што гори со силен пламен. *Во рацете држеле ламбади.* 2. Голема восочна свеќа. *Се чувствуваше мирисот од запалената ламбада.*), **мед**[2] (бакар), **мир**[2] (свет).

Многу од архаизмите развиле пренесени значења по пат на метафора, метонимија и сл. Поради тоа проблемот со архаизмите станува многу комплексен почнувајќи од самото дефинирање на конкретните лексеми како архаизми. Така се случува една лексема што се смета за архаизам со своето преносно значења да живее и да е активна во народот. Дури има случаи кога се заборавило основното, архаично значење, и останало само вторичното значење.

На пр. ***драм*** како мерна единица веќе не се употребува, но вторичното, пренесеното значење 'мало количество од нешто' (*Последниот драм сила*) останало; ***оканица*** 'сад за мерење' се употребува за многу поголеми чаши од вообичаените и сл.

Архаизмите може да се задржат во соодветните фразеологизми: *Го удри дамла* - добил (има) мозочен удар и *Го удри дамла* 'силно непријатно се изненади од нешто; тешко преживеа некаква ситуација'; *Кадија ште тужи, кадија ште суди, Мери со различен / ист аршин* и др.

Некои од архаизмите функционираат само на разговорно ниво или во белетристиката со цел да се долови колоритот на минатото или говорот на некоја личност во уметничкото дело (***емиш, еким, омјаз*** и други). Ќе го споменам тука и обидот на некои издавачи да ги осовременуваат народните приказни и со тоа архаичната лексика да ја заменуваат со современа[4].

Во таа смисла неопходно е потребно да се изработи **речник на архаизми**, или уште подобро, **на застарени зборови и помалку употребувани зборови** како што гласи и дефиницијата за архаизам во Толковниот речник на македонскиот јазик[5]. Тогаш тука би можеле да дојдат и историзмите. Добро е и самите книги каде што авторите употребуваат ваков тип зборови, да бидат снабдени со мали речници на зборовите за кои се чувствува потреба од објаснување заради подобро разбирање на уметничкото дело.

[4] Сн. Велковска, Јазикот на Марко Цепенков од аспект на современоста, Зборник од трудови прочитани на научниот собир „Македонскиот јазик во XIX век (по повод стогодишнината од смртта на Григор Прличев)" Скопје 1993, Скопје 1996, стр. 27-37; Марко Цепенков во денешните изданија на неговите приказни, ЛЗб 3-4 1998, стр. 29-35.

[5] Tolkoven re~nik na makedonskiot jazik, Sn. Velkovska, K. Koneski, @. Cvetkovski, gl. redaktor K. Koneski, IMJ, 2003.

*Лилјана Миодоњска, Драги Стефанија*

## ОД ЗАБОРАВЕНАТА ОХРИДСКА ЛЕКСИКА

Забележани се интересни лексеми и лексички изрази во охридскиот говор од еден информатор (Вера Рибарова – Каневче) коишто биле многу чести во споменатиов говор, а денес, речиси се заборавени. Некои од нив се наоѓаат во тритомниот македонски речник, а некои не. Ние даваме преглед на повеќе од стотина такви зборови и изрази од разни јазици (најмногу од турскиот), но и од други словенски јазици, пред сѐ српскиот и бугарскиот јазик. Така на пример – денес ретко кој од помладите во Охрид (до триесетина години) знае што значи *ѓурулшија, чашма, ашиќере, ајаш, басшисаш, шемше* или *шозло, цаūајне, ѓаūчиш, ūрусиш, ѓлошно жишо, к'ша одејне* или постарите никако да разберат што е *цокси квиз* =за учен човек или *шуманше* = за шетање без цел, на корзо, во парк.

Охриѓанката Вера Каневче, со моминско презиме Рибарова веќе неколку години собира, запишува и толкува и потоа ни дава стари, малку употребувани и скоро заборавени охридски зборови. Причината за нејзиниот интерес е во тоа што таа знаејќи ги тие зборови од мајка, татко, баба, дедо, соседи, забележала дека помладите или во секојдневниот јазик на Охриѓани тие малку се употребуваат или воопшто не се употребуваат. Речиси сите се дел од македонскиот народен јазичен фонд. Тоа го покажа проверката на овој кус речник што го приложуваме целосно на крајот од нашиов текст запишани како што ни ги даде, заедно со нејзиното толкување. Ние даваме некои согледувања на одделни зборови и покажуваме дека македонската лексикографија недоследно го почитува третиот правописен принцип, а тоа е дека не ги зема предвид зборовите од сите македонски дијалекти, како што предлагаше и К. Мисирков, туку само од некои, пред сѐ централните и да не речеме само од говорите на составувачите на првиот голем македонски речник.[1] Некои од

[1] *Речник на македонскиоӣ јазик* (понатаму РМЈ) составувачи: Тодор Димитровски, Благоја Корубин, Трајко Стаматоски, Скопје, 1961, 1965, 1966.

овие зборови се вистински охридизми, необележани во РМЈ, иако тие живеат во споменот на повозрасните, да не речам постарите луѓе. Едни се од ориентално потекло (турско, арапско, персиско), други од чисто словенско (старословенско, бугарско, српско), трети од грчко или латинско потекло. Ние нема да вршиме подробна анализа на нивното потекло, туку грубо ќе ги претставиме подалечните врски и специјално нивните значења, се рабира не на сите, туку само на по некои. Другите ги оставаме на судот на читателот или на натамошните проучувачи.

Навикнати сме за многу зборови да велиме дека се турцизми во македонскиот јазик, иако нивното потекло е типично ориентално. Многу зборови во турскиот јазик носат персиско или арапско потекло. Многу од нив ги познава мнозинството Македонци од постарата генерација, постари од 50 години и знае што е *дерд, курѿули, чалма, фира, ќејф*.

Ќе наведеме цела серија зборови за кои мислиме дека се само турски и кај нас влегле преку турскиот јазик, а имаат арапско или персиско потекло.[2]

Едни се навистина само турски:[3] *баш* (точно; прво), *басѿисаѿ* (слади, да ти е слатко јадењето, додека во РМЈ= претрес), *ѓеврек* (овде значењето е и преносно, така се вели за искривени чевли како ѓевреци), *ембаш* (многу), *јамаче* (бакарно сатче за топење маст), *каршил'к* (одговор), *курѿулиѿ* (спаси), *софра* (ниска масичка), *ѿакам* (комплет), *улјум* (могу здраво), *чалма* (врзана шамија), *чаѿма* (големи веѓи, вежџи по охридски).

Други се зборови во турскиот јазик, ама се од арапско потекло: *ајаѿ* (трем, но со проширено значење = претсобје, ходник), *инсаф* (мерка. милост), *карар* (мерка, мера), *мискин* (голема навреда, недообјаснето, но во речниците значи сиромав, беден), *сеџаде* (долго килимче; основното значење е: килимче за муслиманска молитва, клањање), *ѿакам* (комплет), *ѿерѿиѿ* (нишан; среденост), *фајде* (корист) *шемше* (чадор).

Трети се турцизми од персиско потекло: *аѿанџ'с* (неочекувано), *барабар* (одење заедно), *дерд* (тежина), *ѿешчеш* (подарок), *фира* (напразно, џабе), *ќор* [охр. и *чор*, (слеп): чор чорана = црна темница, ништо не се гледа]. Да не наведуваме уште, бидејќи ги има во речникот на зборови и изрази на крајот од текстов.

Цела група зборови кои почнуваат да се подзаборваат се од македонско и словенско потекло. Такви се *врева* (неразбирлив разговор на многу луѓе наеднаш), како што мудро забележува госпоѓа Вера Каневче, потоа *Врѿолум* (книжевно Вртолом = празник на сирна не-

---

[2] Dragi Stefanija, „Фолклорот како лексикографска инспирација", Glosarij zbornika bratov Miladinovih, 5-30, Ljubljana 1985.

[3] Проверувани се и преку трудот на Abdulah Škarić *Turcizni u srpskohrvatskom-hrvatskosrpskom jeziku*, V izdanje, Sarajevo, 1985.

дела, забележан само како празник), *ѓаичиш* (сака, – ми сакат душава нешчо слатко), *ѓлошно* (нечисто), *ѓлува доба* (после полнош), *ѓуѓушка* (книж. гугушка, а во Охрид покрај тоа: мали лепчина како жемички – симитчина со проскурник, месени за радос на децата, печени заедно со проскурата), *жужер* (црно, ногу црно), *се зак'ш'нчиш* (се прилепи – оттука и Прилеп! – се соши до мене), *залешниш* (засркнит), *зобаш* (Да дојте на зобајне грозје), *шрленки* (к'пинки), *колак* (специјален леб како голем сомун кој се месит за слава, со христијански религиозни знаци, месен од најубо брашно), *кравајче* (специјално лепче...), *ошумаѓлај* (ме удри по глава; ми го изваде умот; ме почуди со веста), *мошуриш* (врнит снег по малу), *начниш* (почне), *не сумив* (не почувствував), *олскош* (свети цела куќа), *ирчкојца* (= книж. прчковица), *иишар* (леб месен за раздавање на задуша), *иолело* (голем лустер црков = полилеј), *irусиш* (работат цел ден дома, а РМЈ – оди брзо со ситни чекори), *ремиеше* (расклинкување), *роба* (женски рутишча, ох.), *руба* (облекло, рутишча), *рофја* (гром), *со усул* (тихо, полека), *сколободија* (гужва), *сшокмено* (наместено), *ш'шниш* (неконтролирано викајне), *шашкаш* (барат), *шаса* (мрза), или редуплицираните изрази: *шо иак шо, шука иак шука, шро ио шро, шушмуш* или слеаните сложенки *шозло, кизниколку, шо чудо(иари)* за нештo коешто е многу.

Да се вратиме на триве последни збора. Сиве: *шозло, кизниколку и шо чудо(иари)* се изрази од словенско потекло. Тие се од постаро време и траат до денес.

Всушност, нив може да ги поврземе со *шо чудо*, кое значи: колку многу пари, што *(шо)* би значело чудо, како во изразот *едно чудо=многу* – во случајов пари, а може и луѓе, животни, нешта итн.

Другиот израз – *кизниколку* (го нема во РМЈ) можеме да го поделиме на три дела. Во ки се крие показната заменка *кој*, во глаголската трансформација зни најверојатно е од *знае* (охр. знајт) и непроменетата прашална заменка *колку*, односно: кој + знајт + колку = *кизниколку*. И троделните елементи се здружиле како една слеана фраза во еден збор.

И третиот израз е контрахиран во еден збор – *шозло*. Во него се наоѓа прашалната заменка што, која во охридскиот говор гласи *шо*, а *зло* е старословенскиот прилог за количество *ѕѣло* со основно значење мошне, многу, а денес присутен во словенечкиот јазик во форма *zelo* и од штозело сме добиле *шозло*.

Многу зборови од овој кус речник на Вера Каневче отсуствуваат во сите македонски речници или е дадено несоодветно објаснување. Како да се уплашиле составувачите од црковните или божјите слова!? Така на пр. *нафора* во РМЈ е дадена само со сх. превод – нафора, иако во посолидните постари речници, дури и од латинските земји означена е „како посветен леб во православната црква..." итн.; *иењаршос* (што

значи петолебие) го нема никде во македонските речници. Во РМЈ се сретнува зборот *криваj* и *кравајче*. *Кравај* го има и во Речникот на ЗМ (344) со толкување: „тркалезна векна леб". Ние ќе се задржиме на изразот тркалезна векна и поставуваме прашање: може ли векна да биде тркалезна? Во речникот на Братољуб Клаиќ[4], зборот векна (1412) со наведено германско потекло значи „долгнавест леб," а потоа нè упатува на štruca како на „секој надолго обликуван леб (за разлика од обичната тркалезна форма)." Објаснувањето на ЗМ изгледа како во народната: тркалезно, ама со ќоше! Тркалезна векна, односно тркалезно долгунест леб не сме виделе! Такво објаснување е сосема нелогично и треба да се поправи. Дека тоа е системска грешка во речникот на ЗМ покажуваат сите гесла поврзани со лебот. Така. да речеме зборот *йешник* /556/ (секако од словенско потекло поврзано со пешт= фурна), на кој случајно навративме, ЗМ го објаснува како „тркалезна векна леб без квасец", повторно тркалезно на ќоше, зашто векна не може да биде тркалезна туку долгнавест правоаголник, со можеби, не толку остри агли, туку малку заоблени при печењето! Во РМЈ (162/2.) убаво е дефиниран пешникот како „тркалезен сплеснат тврд леб без квасец". Паѓа в очи уште една нелогичност: векна леб! Ако се употреби зборот *векна* се знае дека е тоа долгнавеста форма, а ако се рече *леб* се добива тркалезна форма. Денес лебовите повеќе имаат некаква елипсовидна форма и тешко се слуша векна леб, туку само дајте ми еден леб или само леб или дајте ми една векна. Се разбира дека е и едното и другото леб насушен, скеојдневен. Дај Боже да го имаме секој ден.

| Ангушева-Тиханов | **Ангушева-Тиханов, А.**: *Исихазъм и исихастка реформа.* – В: Културата на средновековна България (под печат). |
| Иванов 1931 | Иванов, Й. Български старини из Македония. София, 1931 [репринт, 1970]. |
| Иванова 1973 | **Иванова, Кл.**: *Неизвестни служби на Иван Рилски и Михаил Воин.* – Известия на Института за български език, 22, 1973, 211–236. |
| Иванова 1986 | *Стара българска литература.* Т. 4. Житиеписни творби. Съст. и ред. Климентина Иванова. София, 1986. |
| Иванова 1991 | **Иванова, Кл.**: *Служба на св. Ахил Лариски (Преспански) от Синайския празничен миней № 25.* – Palaeobulgarica, 15, 1991, 4, 11–22. |
| Иванова 2003 | **Иванова, Кл.**: *Похвални слова на Патриарх Евтимий.* – В: Старобългарска литература. Енциклопедичен речник. 2-ро прер. изд. София, 2003, 484–485. |
| Йовчева 2005 | **Йовчева, М.**: *„Руските" памети в Асемaниевото евангелие и Охридския апостол.* – В: Nѣсть оучєникъ надъ оучитєлємь своимь. Сб. в чест на проф. дфн Иван Добрев. София, 2005, 220–237. |
| Кожухаров 1987 | **Кожухаров, Ст.**: *Българската литература през XIII век.* – В: Българската литература и книжнина през XIII век. София, 1987, 25–37. |
| Крысько 2005 | **Крысько, В.**: *О греческих источниках и реконструкции первоначального текста* |

| | |
|---|---|
| | *древнейшей службы Кириллу Философу.* – Palaeobulgarica, 29, 2005, 4, 30–63. |
| Крысько 2007 | **Крысько, В.**: *Новые греческие источники канона Кириллу Философу.* – Palaeobulgarica, 31, 2007, 2, 21–48 |
| Миней 1901 | Мнне праздннчна, нменѹема анѳологїонъ. Москва, 1901. |
| Попов 1988 | **Станчев, К.; Г. Попов.**: *Климент Охридски. Живот и творчество.* София, 1988, 112–219. |
| Попов 1997 | Попов, Г.: *Новооткрит канон на Константин Преславски с̂ тайнописно поетическо послание.* – Palaeobulgarica, 21, 1997, 4, 3–17. |
| Попов 1998 | **Попов, Г.**: *Канон за Рождество Христово от Константин Преславски.* – Palaeobulgarica, 22, 1998, 4, 3–26. |
| Попов 2005 | **Попов, Г.**: Богоѩвленне тн поѭще хрнсте славнм (Старобългарски Канон за Богоявление). – Старобългарска литература, 33-34 (В чест на Климентина Иванова), 2005, 13–63. |
| Речник 2003: | *Речник на грчко-црковнословенски лексички паралели.* Редактор М. Аргировски. Соработници Н. Андријевска, А. Ѓуркова. Скопје, 2003. |
| Суботин-Голубовић 1989 | **Суботин-Голубовић, Т.**: *Нова служба св. Ахилију Лариском.* – Зборник радова Византолошког института, 27–28, 1989, 149–175. |
| Суботин-Голубовић 1996 | **Суботин-Голубовић, Т.**: *Словенски преписи служби св. Ахилију и њихови узори.* – В: Свети Ахилије у Ариљу. Историја, уметност. Београд, 1996, 29–34. |
| Хлудов каталог 1999 | **Николова, С.; М. Йовчева; Т. Попова; Л. Тасева**: *Българското средновековно културно наследство в сбирката на Алексей Хлудов в Държавния исторически музей в Москва. Каталог.* София, 1999. |

AHG, 8 — *Analecta hymnica graeca e codicibus eruta Italiae inferioris*. I. Schirò consilio et ductu edita. Vol. 8. Canones Aprilis. C. Nicas collegit et instruxit. Rome, 1970.

GMD 1996 — *Gottesdienstmenäum für den Monat Dezember nach den Slavischen Handschriften der Rus'des 12. und 13. Jahrhunderts*. Historisch-kritische Edition. Teil 1: 1. bis 8. Dezember. Hrsg. von H. Rothe, E. Vereščagin. Opladen, 1996.

Troelsgård (s.a.) — **Troelsgård, Ch.** *A List of Sticheron Call-Numbers of the Standard Abridged Version of the Sticherarion. P. 1. The The Cycle of the Twelve Months* (na adres: http://www.igl.ku.dk/MMB).

*Εὐστρατιάδης* 1939, 1949 — *Εὐστρατιάδης, Σ.: Ταμεῖον Ἐκκλησιαστικῆς ποιήσεως*. – *Ἐκκλησιαστικός Φάρος*, 38, 1939, c. 104; 48, 1949, 361–366.

*Μηναῖον* 1852 — *Μηναῖον τοῦ Ἀπριλλίου διορθωθέντον ὑπὸ Βαρθολομαίου Κουτλουμουσιανοῦ τοῦ Ἰμβρίου. Ἐνετίῃσιν*, 1852.

*Παπαηλιοπούλου–Φωτοπούλου* 1996 — *Παπαηλιοπούλου–Φωτοπούλου, Ε.: Ταμεῖον ἀνεκδοτῶν βυζαντινῶν ᾀσματικῶν κανόνων* seu Analecta Hymnica Graeca e Codicibus eruta Orientis Christiani. 1. *Κανόνες Μηναίων. Ἀθῆναι*, 1996.

*Τωμαδάκης* 1971 — *Τωμαδάκης, Ευ.: Ἰωσὴφ ὁ Ὑμνογράφος. Βίος καὶ ἔργον. Ἐν Ἀθήναις*, 1971.

*Χρυσόστομος* 1962 — *Χρυσόστομος, Θ.: Ὁ Ἅγιος Γεώργιος ἐν τῇ ὑμνογραφίᾳ*. – *Ἐκκλησία*, 1962, 160–162, 202–204, 251–253, 362–364, 401–404, 428–432, 459–462.

*Стоја Поп-Атанасова*

# НАЈСТАРИТЕ ХИМНОГРАФСКИ ДЕЛА ПОСВЕТЕНИ НА СВ. МЕТОДИЈ

*(лексичко-семантичка диференцијација)*

Канонизацијата на Кирил и Методиј наоѓа одраз во словенската глаголска и кирилска писмена традиција. Со нивното прогласување за светци се јавила потреба за создавање химнографски материјал за нивно прославување. Во месецословите на повеќе ракописни текстови од различна провениенција се среќаваат нивните имиња под соодветниот датум. Кратки календарски вести постојат во Асемановото евангелие, најстариот македонски глаголски ракопис од X век, каде што Кирил се спомнува под 14 февруари, а Методиј под 6 април. И во Савината книга, евангелски ракопис од X-XI век што се поврзува со Преславскиот книжевен центар, под 6 април е запишано името на Методиј. Податоци за двајцата словенски просветители се наоѓаат во Архангелското евангелие, еден од најстарите руски ракописи што е пишуван на пергамент.

Календарски вести постојат во голем број апостоли, така на пр. во Охридскиот апостол (XI-XII в.) се спомнуваат и двајцата светители под соодветните датуми, а помени за двајцата браќа постојат во повеќе јужнословенски и источнословенски апостоли. Кратки податоци се среќаваат и во пролози, во минеи, во зборници со различна содржина итн., каде што поменот не секогаш се поврзува со датумот на нивната смрт.

Покрај тоа за нив постојат и кратки химнографски форми: тропари, кондаци, икоси, стихири, слави и сл. што се дел од нивните служби, се јавуваат од XIII век наваму, а влегуваат во составот на псалтирите со последование, во месецословите, во богослужбените зборници, требникот, часословот, во пролози, триоди итн.

Службите посветени на двајцата браќа претставуваат оригинални химнографски творби создадени на старословенски јазик поради што за истражувачите претставуваат творби од посебен интерес. Тие се источник на информации и податоци за нивниот живот, за нивните

мисии коишто имале пред сѐ политички карактер, за нивното учење и неговото ширење меѓу Словените.

Во нашето изложување ќе се задржиме на лексиката во химнографските дела напишани за прославување на св. Методиј кои се акростихувани. Станува збор за преписи од овие значајни химнографски дела создадени во раниот период од книжевното создавање, со високи естетски вредности, создадени по углед на химнографските дела од византиските химнописци. Нивното создавање се поврзува со двете културни средишта во тоа време – Преславското и Охридското.

Со Преславското културно средиште се поврзува Службата посветена на првоучителот Методиј што е дело на Константин Преславски, кој своето име го вградил во акростихот кон оваа значајна химнографска творба. Беше пронајдена уште една служба за св. Методиј напишана од најплодниот претставник на Охридската книжевна школа – Климент Охридски, во која Климент го потврдил своето авторство ставајќи го својот авторски потпис во акростихот кон ова негово химнографско дело. Покрај тоа постои и Општ канон за светите Кирил и Методиј – со анонимен акростих.

Овие оригинални химнографски дела покрај тоа што даваат податоци за развојот на стариот јазик во одреден временски период, имаат и свои лексички специфичности, а акростихот вграден во нив претставува непроменлив дел што се преземал од препишувачите на зборниците во културните средишта во кои се одвивала книжевната дејност.

**Константиновата Служба напишана за прославување на св. Методиј** е зачувана во два минеја од македонска редакција од XIII век: ***Драгановиот и Добријановиот минеј***. Двата минеја се пронајдени во Зографскиот манастир на Света Гора, преписите се идентични по својата структура и се издавани повеќепати. Службата според Драгановиот минеј е објавена во *Български книжици* од 1860 г. во бројот за октомври, архимандрит Леонид ја објавува во *Славяносербскія книгохранилища на Святой Аѳонской горѣ* во 1875 г., а П. А. Сирку ја објавува двапати – во списанието *Странник* во 1885 г. за јуни-јули и истата година како одделен отпечаток;[1] во 1893 г. ја издава и А. Александров во *Русскій филологическій вѣстникъ*. Препис од Службата на св. Методиј се наоѓа во *Български старини из Македония* од Јордан Иванов[2], кој истовремено го споредува овој препис со преписот од Добријановиот минеј.

В. Григорович во *Кирило-Методиевски сборник*, издаден во Москва во 1865 г. под редакција на М. Погодин го издава Добријановиот

---

[1] *Служба святителю Меѳодію учителю славянскому, въ малоизвѣстномъ болгарско-Аѳонскомъ спискѣ XIV-XV в.* Исправленное изданіе подъ редакціею Полихронія Сырку, С. -Петербургъ, 1885.

[2] Йорданъ Ивановъ, *Български старини изъ Македония*, София, 1931, 300-305.

препис од службата на Методиј[3], истиот препис го преиздава и Ал. Теодоров-Балан во својата книга *Кирилъ и Методи* (II, София, 1934, 66-73), при што врши споредба со преписот од Драгановиот минеј според изданието на А. Александров.

Оваа архаична химнографска творба уште од поодамна побудила интерес кај проучувачите, така Н. С. Державин сметал дека нејзин автор е Климент[4]. Службата е акростихувана, а акростихот го забележале српските истражувачи Ј. Павиќ и Д. Костиќ[5]. Според Костиќ акростихот ја има следнава содржина: добро методи та поѭ константин. Сепак ќе напоменеме дека некои од буквите во акростихот се добиени на несоодветен начин, но името на авторот Константин е целосно и се наоѓа при крајот од канонот. Со тоа аргументите на Н. С. Державин во врска со Климентовото авторство веќе се неважечки. Службата е посветена на првоучителот Методиј, но покрај неговиот лик се воспева и ликот на Кирил.

Во двата преписа – Драгановиот и Добријановиот, постојат разлики на кои укажува Сирку, што се внесени на словенски терен како резултат на повеќекратното нивно препишување, како на пр. параклита (Драганов) наместо оутѣшителѣ (Добријанов), настоинїкъ (Драганов) наместо ѡбратникъ (Добријанов). Преписите ги карактеризира присуство на општословенска лексика поради заедничката основа на словенскиот јазик, специфична лексика како резултат на содржината (ѡ каю с҃таа хвалит са славно • градъ солоунскыи кѵриле с҃те и меѳодие • мисиꙗ и панониꙗ и моравьскаа ꙁемѣ во првиот тропар од седмата песна во Драгановиот минеј, а во Добријановиот со фонетски разлики), на стилот на авторот, на местото каде е создадена химнографската творба, влијанијата од препишувачите кои исто така можеле да извршат некои промени во содржината. Покрај тоа отсуствуваат стилските особености општоприфатени како Климентови во врска со лексемите што упатуваат на *сјај, светлина* во службата на Методиј чиј автор е Константин. Секако дека и тука се среќаваат свѣтило, свѣтлость, свѣть, въсиꙗти, но да не заборававме дека тематиката на светлината е присутна во византиската поезија, од каде се пренесува и на словенски терен.

3 В. Григоровичъ, *Древне-Словянскїй памятникъ, дополняющїй житїе словянскихъ апостоловъ, святыхъ Кирилла и Меѳодїя*, Кирилло-Меѳодїевскїй сборникъ въ памятъ о совершившемся тысящелѣтїи славянской письменности и хрисїанства въ Россїи, изданный по опредѣленїю Московскаго общества любителей русской словесности, М. Погодинымъ, Москва 1865.

4 Николай С. Державин, *К вопросу о литературной деятельности Климента Величского*, Македонски преглед, 5, 1929, 3, 29-44.

5 J. Pavić, *Staroslovenski pjesnički kanon u čast Sv. Metodija i njegov autor*, Bogoslovska smotra, 1936, 1, 59-86; D. Kostič, *Bugarski episkop Konstantin – pisac službe sv. Metodijy*, Bizantinoslavica, VII, 1937-1938, 189-211.

Службата ја карактеризира присуство на сложени зборови: богогласъ (бг҃огласе С2), богодъхновеньнъ (бг҃одъхновен҄ныѫ Сед), богоневѣста (б҃гоневѣсто П7,4), милосрьдъ (милосрьде П6,2), мъногоѹчьстьнъ (многоѹч҇тно Ик), правовѣрьнъ (правовѣрнѣи П5,2), триѩзꙑчьникъ (тріѧзꙑчникъ П3,1), грцизми: апостольскъ (апⷭлкѫѫ С3), архиереи (архіереи П8,2), варваръ (варвары П6,4), ересь (ереси Код), еретикъ (еретикы П5,2, П4,1), кирилъ (кириле П7,1), методии (меѳодие П1,3), мѵро (миро Ик), параклитъ (параклїта С2), тьклоименитъ (ѳеклоименитъ П8,1), христъ П3,1, а од семитизмите ја среќаваме лексемата ааронъ (аарѡню П8,2).

**Климент** е автор на канонот на шести глас во **Службата на Методиј** што се наоѓа во составот на ***Хлудовиот минеј 156*** (XIII-XIV в.), по потекло од Лешочкиот манастир. Службата е составена од три стихири на вечерната, на утрината – канонот посветен на Методиј со седален по третата песна и три хвалитни стихири по канонот. Канонот на Методиј е пронајден и објавен од руските палеослависти Људмила Мошкова и Анатолиј Турилов[6], кои даваат своја реконструкција на акростихот без името на Климент, се задржуваат на неговите структурни особености и укажуваат на сличности со јазикот и стилот на Кл. Охридски. Г. Попов аргументирано предлага реконструкција на акростихот: ѩз к(л)им (х)в(а)лнам(и) пѩснми п(о)ѭ ар(х)иер(еѩ) меето(д)иѩ. Иако ракописот е безјусов, тој употребува јусови во акростихот, мислејќи на првобитниот текст. Дека канонот е пишуван во Македонија, упатува и дијалектната особеност внесена во акростихот кај личната заменка за прво лице која е во формата ѩз. Ваков случај е забележан во Мариинското евангелие: въпрошѫ и ѣзъ Мк11,29.[7] Заменката ѩзь се среќава во Битолскиот триод во записот на граматик Георги на л. 54г, каде читаме: а ѩзь ѩгоніса писатї · доге ми не возьмѫть триѡ, а нема сомневање дека тоа е направено под влијание на народниот јазик.[8] Не само стилот туку и лексиката на Канонот на Методиј не се разликува од другите Климентови дела. Во својата основа лексиката употребена во Канонот посветен на првоучителот Методиј е словенска, но се користат и лексеми од несловенско потекло. Покрај вообичаената лексика што се користи во другите Климентови химнографски дела, во службата се среќаваат лексеми чие присуство е условено од содржината на тропарите, во коишто се воспева првоучителот на Словените, или содржат историски податоци за неговиот живот, како на пример лексемите во вториот тропар од деветтата песна: изиде доброплодьна лоза · ѳесалоникиѩ гроз(д)а · ис корѣне л҄кова, потоа моравьскꙑѥ земле С3, сѣверьскꙑѥ странꙑ С3, западьнꙑимь странамь П6,1,

[6] Л. В. Мошкова, А. А. Турилов, *Моравскіе земле велеи гражданин (неизвестная древняя служба первоучителю Мефодию)*, Славяноведение, 1998, 4, 3-23.

[7] *Граматика на старобългарския език*, София 1993, 231.

[8] Стоја Поп-Атанасова, *Лингвистичка анализа на Битолскиот триод*, Скопје 1995, 78.

лексеми што укажуваат на политичката мисија што ја имале на исток заедно со Кирил како што читаме во првиот тропар од шестата песна: вь коꙁарѣхь и ѡфилѣхь и херꙿсонѣ сь куроломь бл҃жне. Од општословенската лексика ќе укажеме на лѣторасль П1,4 со значење *фиданка, ласѿар*, во другите Климентови дела ја среќаваме лексемата новорасль што значи *млада фиданка*, потоа лексемата останъкъ *осѿаѿок, наследсѿво* (останьки П6,2), остатъкъ *осѿаѿок* (ѡстатьки П8,2), ополѣние (беꙁь ѡполѣниꙗ) П6,3. Во повеќе химнографски дела на Климент, како што се Канонот за положување на ризата и појасот на Богородица, Канонот за Успение Богородично, Општата служба за мачeник и др. наместо беꙁь ѡполѣниꙗ се употребува истозначното неопально, а во Канонот за Богородица за петок, препис откриен во октоих-параклитик од XIV в. што се чува во руската национална библиотека во С.-Петербург под сигн. Соф. 128 (руска редакција) ја среќаваме лексемата полѣние со значење *разгорување, расѿламѿување*. Покрај овие, среќаваме и други лексеми што во другите негови дела не се среќаваат или пак не дошле до израз, можеби некои од нив се внесени од подоцнежните препишувачи на химнографските зборници. За илустрација ќе ги наведеме въложитель (вьложитлꙗ С1), пиво (пива П6,1), богословьствовати (бг҃ословьствоваше С1), исѣковати (исѣкова П4,1), написовати (написова П6,2), обърѫжати (ѡбьдрьжимомь П5,3), попалевати (попалева П4,1), послѣдьствовати (последьствоуѥ С1), расѣвати (расѣваѥ П5,2), съгрѣвати (сьгрѣваѥ Схв2).

Среќаваме повеќе сложените зборови што придонесуваат за создавање свечен амбиент во текот на службата, а ќе ги наведеме: благоѫханиѥ (бл҃гооуханиѥ П3,3), богоблаженъ (бг҃обл҃жне Схв1), богодъхновеньнъ (бг҃одх҃новеньнꙑи Сед), богораꙁоумиѥ (бг҃ораꙁоумꙑꙗ П3,1), богораꙁоумьнъ (бг҃ораꙁоумꙿнꙑи Схв1), богославьнъ (бг҃ославнь С1), богословьствовати (бг҃ословьствоваше С1), доброплодьнъ (доброплодьна П9,2), лѣторасль (лѣторасль П1,4), медотоѵьнъ (медотоѵꙿнꙑи Схв2), новоꙁъваньнъ (новоꙁꙿваньноу П6,3), праꙁдьнолюбьць (праꙁнолюбци С3), присноблаженъ (присноблж҃ене П3,3), седмоплодиѥ (седꙿмоплодиѥмь П9,2), триѵпостасьнъ (триоѵпостасно соущьство П7,4), ѵетвороѵьстьно (ѵетвороѵьстьно П4,2).

И тука доаѓа до израз застапеноста на туѓата лексика, пред сè мислиме на грцизмите што се среќаваат во ова химнографско дело, поради богатата писмена традиција пишувана на овој јазик, и тоа лични имиња и апелативна лексика и придавки изведени од нив: методии (меѳодиѥ Сед), христ(ос)ъ (х(с)ь Сед), ангельскъ (анг҃льскои П8,1), апостольскъ (ап(с)лкиѥ П7,1), евангелиѥ (ѥвн҃глиѥ П1,2), евангельскъ (ѥвангл(с)кии П9,1), ересь (ѥреси П4,1), еретиѵьскъ (ѥретиѵ(с)коую Схв2), идольскъ (идольскоую Схв2), талантъ (таланьть Схв3), параклитъ (параклита П9,4), а грчка лексема влегува во составот на сложениот збор триѵпостасьнъ. Застапени се и евреизмите од кои ги регистриравме аврамовъ (аврамово П4,2), исаиꙗ (исаиꙗ П1,4), иесеовъ

(ієсѣѡва П1,4), іаковь (іаковь П3,4), моисии (моиси П3,1), моисеовъ ( моисеѡви П3,1), иезекииль (іезекиль П5,4), иовъ (иѡва П9,2), гедеонъ (гедеѡне П4,4).

Регистриравме повеќе лексеми со значење *сјај, свеш̄лина*: свѣтьлъ (свѣтла П1,1), просвѣтити (просвѣти П1,1, просвѣщаіе П1,2), зарение (зарениіе П1,2), зарѣ (зарами П3,2), свѣтъ (свѣть П3,1), свѣтило (свѣтило П9,1), въсиіати (вьсиіа Сед).

**Се претполага авторството на Климент и на Општиот канон за светите Кирил и Методиј – со анонимен акростих:** кирила философа и блажена методиіа поіо. Станува збор за препис зачуван во ***минејош̄ бр. 165*** од збирката на Московската синодална библиотека од XII-XIII в., руски пергаментен ракопис. Канонот е објавен од Горски[9] и од Лавров[10]. Горски се задржува на особеностите на содржината на Канонот врз основа на што доаѓа до заклучок за неговото рано создавање, како и за авторот, кој според него е од непосредните ученици на светите браќа. За тоа укажува седмиот тропар во службата: моравьскаіа страна · велизаствпъ и стълпъ имѣіа къ богоу · тобоіо просвѣщена · наоучи въспѣвати въ свои іазыкъ. Службата го содржи само утринскиот дел, а секоја песна од канонот има по пет тропари, од кои последниот е богородичен. Општиот канон е издаден и од А. Т.-Балан[11], а е вклучен и во описот на Горски – Невоструев[12]. Постои уште еден препис на општиот канон за Кирил и Методиј, што влегува во составот на ***служебен миней за айрил*** од втората половина на XIV век. Ракописот е руски, се чува во Централниот државен архив во Москва (ракопис бр. 111 од Типографската збирка), а канонот се наоѓа на л. 23б-26а. Врз основа на некои лексички особености и тоа во насловот на службата каде Методиј е наречен божьствьнъ наместо блаженъ како што е во преписот зачуван во минејот бр. 165, Мирчева искажува претпоставка дека тој претставува препис од многу стара предлошка, пред канонизирањето на Методиј[13].

Тргнувајќи од стилските особености на ова дело некои автори укажуваат дека е можно Општиот канон посветен на св. Кирил и Методиј да е Климентов. Притоа тие укажуваат на сличности со некои тропари од другите Климентови дела, и тоа со Општата служба за апостол и со Положувањето на ризата и појасот на Богородица. Г. Попов го

---

[9] А. В. Горский, *О древних канонах свяш̄им Кириллу и Мефодию*, Кирилло-Мефодиевский сборник, Москва 1865 г., стр. 291-296.

[10] П. Лавров, *Маш̄ериали̇ ӣо исш̄ории возникновения древнейшей славянской ӣисьменносш̄и*, Ленинград 1930, 111-115.

[11] А. Теодоров – Балан, *Кирил и Мешоди*, 2, София 1934, 74-78.

[12] А. Горский, К. Невоструев, *Оӣисание славянских рукоӣисей Московской библиош̄еки*. Отдел III, ч. II. Москва, 1917, бр.440, 55-59.

[13] Бойка Мирчева, *Нов ӣреӣис на Канона за Кирил и Мешодий*, Старобългаристика XVI, 1992, 1, стр. 35.

посочува вториот тропар од деветтата песна од општиот канон на светите браќа којшто е сличен со соодветниот од Општата служба за апостол и со првиот тропар од петтата песна на канонот посветен за прославување на ризата и појасот на Богородица. Тој смета дека тоа е важен аргумент што упатува на учеството на Климент Охридски во пишувањето на Канонот посветен на првоучителите Кирил и Методиј. И Б. Ангелов смета дека Канонот е дело на Кл. Охридски.[14] Општо познато е дека Климентовите химнографски дела ги карактеризира присуство на лексеми што упатуваат на *свейлина, сјај, блесок*, тие се користат често во неговото творештво, а нивното присуство во некои тропари предизвикуваат специјален ефект врз слушателите. Станува збор за повеќе лексеми што Климент ги користи во своите химнографски творби, како што се: въсиꙗти, ѕарение, ѕарꙗ, ѕлатоѕарьнъ, просвѣтити (сѧ), просиꙗти, прѣсвѣтьлъ, свьтѣти сѧ, свѣтило, свѣтити, свѣтлость, свѣтоѕарьнъ, свѣтъ, свѣтьлъ, трисиꙗньнъ, трьсвѣтьлъ, трьслъньчьнъ. Во канонот посветен на двајцата солунски браќа лексемите што асоцираат на *свейлина* исто така се присутни, на пр.: свѣтоѕарьнъ (сълньце свѣтоѕарьноѥ П8,2), ѕарꙗ (христовьнꙑими ѕарами П5,2), свѣтъ, въсиꙗти (свѣтъ въсиꙗ П8,1), просвѣтити (просвѣти словъмъ П7,2). Спореди христовьнꙑими ѕарами просвѣщаꙗ въселеноую П5,2 (од Канонот за Кирил и Методиј) наспроти трисвѣтлоѭ ѕатеѧ просвѣщаѫ мира 5П8,2 (од циклусот претпразнични трипеснеци за Рождество Христово).

И тука среќаваме повеќе сложени зборови: ангелообраѕьнъ (ангелообраѕьно П3,1), благодать (благодатию П6,3), благочьстие (благочьстиꙗ П6,2), богогласъ (богогласе П4,1, П4,3 П6,1), богогласьнъ (богогласьне П3,1), богодъхновенъ (богодъхновенꙑимь П1,4), богородица (богородицю П7,5), богословесьникъ (богословесьника П1,1), благословити (благословите П8,5), браконеискоусnaꙗ (браконеискоусьнаꙗ П5,4), правовѣрьно (правовѣрьно П7,5), свѣтоѕарьнъ (свѣтоѕарьноѥ П8,2), грцизмите ангельскъ (ангельскꙑꙗ П5,2), евангельскъ (еуангельскоу П7,4), апостолъ (апостоломъ П6,2), ересь (ересьмъ П6,4), параклитъ (параклита П6,4), идольскъ (идольскоую П5,3), ангелъ (ангелꙑ П4,1), апостолъ (апостолꙑ П4,1) и евреизмите авраамъ (аврамъ П7,2), илиꙗ (илии П8,2), моисии (моисѣю П8,2), давꙑдъ (давꙑдоу П8,2).

Некои автори го поврзуваат ова химнографско дело со творештвото на К. Преславски и тоа врз основа на некои лексеми што се карактеристични за творештвото на овој автор (ѳараона мꙑсльнааго П3,3, отъ лютꙑихъ грѣхъ П9,2).

Трите химнографски дела ги карактеризира повеќеслоен лексички состав како резултат на контактот со другите културни средини, лексеми карактеристични за химнографскиот жанр, како што се на пр.

[14] Б. Ангелов, *Някои наблюдения върху книжовнот̄о дело на Климент̄ Охридски*, Климент Охридски. Сборник статии по случай 1050 години от смртта му, София 1966, 79-81.

сложените зборови кои на химнографското дело му даваат нијанса на свеченост. Лексемите што се третираат како слој специфичен за текстовите од Охридската книжевна школа или како слој лексеми што се третираат како архаизми и се поврзуваат со поширокото македонско подрачје (бранЬ, вєлии, кънига, оставити, прѣждє) како и оние што се поврзуваат со дејноста на Преславскиот книжевен центар (великъ, болѣзнь, лѫкавъ) во химнографските дела се бројно ограничени.

И на крајот да резимираме дека сите дела ги карактеризира присуство на општословенска лексика поради заедничката основа на словенскиот јазик, специфична лексика за секое дело како резултат на содржината, на стилот на авторот, на местото каде е создадена, влијанијата од препишувачите кои исто така можеле да извршат некои промени во содржината, но да не заборавиме да го истакнеме влијанието на претходниците. Тука мислиме на византиските химнописци, кои тематиката за светлината ја вградувале во своите песни, од каде што е преземена и од словенските книжевници. Се разбира дека тоа не ја намалува вредноста на химнографските дела кои со својата автентичност сè уште го привлекуваат вниманието на палеославистите. Во Климентовите дела лексиката што се поврзува со сјајот и светлината има специфична примена, карактеристична за авторот, поради што повеќе проучувачи го препознаваат Климентовиот стил. За неговата величина како автор јасно укажува фактот што тој стил се прифатил и од неговите ученици, кои го примениле во Службата што му ја посветиле на нивниот учител. Ќе се присетиме на она што го кажува Ангелов за авторството на Службата напишана за Климент Охридски од неговите ученици – да не беше посветена на Климент, ќе мислевме дека е Климентова.

*Ванѓелија Десподова*

# МАКЕДОНСКИТЕ ПОЛНИ АПРАКОСИ ВО КОНТЕКСТ НА ДРУГИТЕ СЛОВЕНСКИ ПОЛНИ АПРАКОСИ

Библијата – Светото писмо (грч. τά βιβλα) во текот на повеќе векови секако претставувала најзначајна книга, поради што има огромно филолошко, археолошко, историско, литературно и религиозно значење. Библијата се состои од Стар завет и Нов завет.[1]

Стариот завет се почитува од јудеите и од христијаните. Според православната традиција Стариот завет содржи 50 библиски книги (39 канонски и 11 неканонски). Новиот завет се почитува само од христијаните. Таканаречениот „новозаветен канон" се состои од 27 книги во кои се зборува за животот и делата на Исус Христос, со чие име е поврзана појавата на христијанството, како и на неговите апостоли на Земјата. Меѓу овие книги без сомнение најзначајно е Евангелието (грч. τό εὐαγγέλιον), без кое не може да се замисли вршењето богослужба во ниедна црква или манастир. Поради тоа, и во првиот кирилометодиевски превод од грчки на старословенски јазик е неминовно влезен и преводот на Евангелието (Пространо житие на св. Методиј, гл. 15), а исто така меѓу зачуваните стари ракописи (јужнословенски и руски) најмногубројни се евангелијата. Одделни извадоци од Евангелието наоѓаме и во други богослужбени книги, како на пр. во Триодот.

Текстот на словенскиот превод на Евангелието што е извршен во кирилометодиевскиот период е во следните векови илјадници пати препишуван во различни дијалектни средини и скрипторски центри. Поради тоа, во словенските ракописни евангелија има разлики, како во однос на нивните јазични особености, така и во однос на нивната структура. Со сигурност можеме да тврдиме дека одликите што им се својствени на сите стари словенски евангелски текстови можат да се сметаат за особености на првобитниот словенски превод на Евангелието,

---

[1] Славчо Вълчанов, Кирило-Методиевска енциклопедия, т. I (А-З), БАН, София 1985, 183-192.

додека разликите што се појавуваат меѓу ракописите претставуваат подоцнежни корекции, измени или нов превод.

По својата намена и редоследот на евангелските четива во рамките на целата книга евангелијата се делат на две поголеми групи: четвороевангелија и апракоси.[2] Ваквата поделба може да се примени и кон други стари текстови, како што се Апостолите или Минеите.

Четвороевангелието (грч. ἡ τετρακτός) се состои од четири компоненти и го содржи целиот текст на Евангелијата според Матеј, Марко, Лука и Јована, а четивата се редат, почнувајќи секогаш од првата глава и првиот стих. Неговата намена е, главно, поучителна, иако уште во најстарите зачувани четвороевангелија има траги за приспособување на текстот за црковна употреба.

Меѓу четвороевангелијата и апракосите постојат принципиелни разлики во распоредот на четивата во рамките на целата книга. За разлика од четвороевангелијата, каде четивата се редат според четирите евангелисти (Мт, Мк, Л, Ј), во апракосите (и кратки и полни) текстот од четирите евангелисти е распореден во циклуси низ целата година според тоа кој ден се читал текстот во православната црква, бидејќи главната намена на апракосите била да се користат во богослужбени цели. Според распоредот на текстот во секој циклус апракосите се делат на типови.[3]

Во сите словенски апракоси текстот почнува со четивото за неделата на Велигден. Почетокот на апракосот (искони бѣ слово) се цитира и во Житието на св. Кирил, поради што се смета дека првобитниот кирилометодиевски превод на Евангелието по својата структура всушност претставувал апракос.

Старите словенски апракоси се конституирани од четири посебни циклуси. Првиот циклус обично трае од Велигден до понеделникот на Духови (во овој дел се четивата од Евангелието според Јована и обично се нарекува Велигденски период) и има текст за секој ден во седмицата. Тоа се првите педесет дена по Велигден, поради што се познати под називот Педесетница.

Овој дел е заеднички за сите видови словенски апракоси. Релативното единство во содржината, па дури и во јазикот на овој циклус,

---

[2] Подетално на составот на четвороевангелијата и апракосите се задржува во повеќе свои трудови Л. П. Жуковскаја. Тука ќе го наведеме нејзиниот прилог што е наменет за сите археографи и други лица што треба да направат разлика меѓу четвороевангелијата и апракосите или да извршат нивни опис: Л. П. Жуковская, Славяно-русские евангелия XI-XIV вв. Методическое пособие по описанию славяно-русских рукописей для Сводного каталога рукописей, хранящихся в СССР. Выпуск I, Москва 1973, 356 – 385.

[3] Л. П. Жуковская, Типология рукописей древнерусского полного апракоса XI-XIV вв. в связи с лингвистическим изучением их. In: Памятники древнерусской письменности, Москва 1968, 199-332.

би можело да се толкува со фактот дека овој дел влегувал и во краткиот апракос – првиот словенски превод на Евангелието. Од другите црковни книги на овој циклус му одговара, пред сè, Цветниот триод.

Вториот циклус обично почнува во вторникот по Педесетница и трае до Постот. Овој циклус може да се подели на три дела. Во содржината на овој циклус, како и при преминот од едниот дел во другиот, во старите словенски апракоси постојат суштински разлики. Врз основа на овие разлики може да се врши типолошко групирање на апракосите од XI до XV век.

Во вториот циклус се најпрвин опфатени, главно, четивата од Ев. според Матеј, со кои инаку почнува текстот на четвороевангелието. Бројот на седмиците што влегуваат во овој циклус во словенските апракоси варира од 15 до 17 и обично се нарекуваат чтенија од Педесетница до Ново лето или Пентекостен период.

Следниот циклус во ракописите обично се нарекува по Ново лето и неговиот почеток се совпаѓа со почетокот на новата година (по септемвриско броење). Циклусот по Ново лето одново почнува со прва седмица и обично содржи 16-17 седмици со четива од Ев. според Лука. И во овој циклус, како и во претходниот, постојат во словенските апракоси разлики во изборот и бројот на четивата, во нивниот назив, како и во нивниот редослед. Последните седмици од овој циклус се: о мытари и о фарисеи; о блоудномъ сынѣ; недѣлѧ преже мѧсопоустнои.

Потоа следат две посебни седмици што не влегувале во ниеден циклус. Тоа се седмиците месопусна и сиропусна, што ги среќаваме под истиот назив и во ракописите. Тука има прво четива според Ев. по Лука, па потоа според Ев. по Марко.

Циклусот од Педесетница до Великиот пост се дели на два периода само во постарите апракоси, додека во апракосите од XIV век веќе има само еден циклус од 33 седмици.

Евангелијата од годишниот велигденски круг завршуваат со циклусот евангелија од шесте седмици на предвелигденскиот пост. Постот траел 40 дена (поради што се нарекува и Четириесетница или посен период), т.е. полни пет седмици и пет дена од шестата седмица. Завршува во саботата пред Цветна недела. Во овој дел од апракосот се читаат ев. четива според Ев. по Марко. Меѓу другите црковни книги, на четивата од Великиот пост им одговара Посниот триод.

Покрај четивата за Великиот пост и четивата од следниот циклус, т.е. од седмицата која во разни ракописи се нарекува великаꙗ, страстнаꙗ, свѧтаꙗ и вьрьбнаꙗ и се наоѓа непосредно пред Велигден, се важни од текстолошки аспект. Овој дел почнува со седмицата за митарот и фарисејот и во старите словенски апракоси може да носи број 15, 16 или 17, а меѓу оваа седмица и месопусната може да има само една

седмица (о блоуднолмъ сынѣ) или две седмици (о блоуднолмъ сынѣ и недѣлѧ преже мѧсопоустнои).

Четивата од месопусната и сиропусната седмица, како и шесте седмици од постот, се идентични по содржина во сите апракоси, и полни и кратки. Четивата од страсната (или великаꙗ, свѧтаꙗ, вьрьбнаꙗ) седмица, која е непосредно пред Велигден, се разликуваат во ракописите по количината и редоследот на текстот.

Досега стана збор за четивата од годишниот велигденски круг што ја сочинуваат првата половина од словенскиот апракос. Тие секогаш почнуваат со четивата за Велигден и завршуваат во саботата пред Велигден следната година.

Денот Велигден во текот на 532 години постојано се менува во зависност од положбата на Месечината и Сонцето. Затоа, почетокот на апракосот не може да биде фиксиран за определен датум, туку се врзува само за денот Велигден што е секогаш во недела.

Втората половина од словенскиот апракос – синаксарот, содржи ев. четива во чест на празниците и светителите за секој ден во годината, со одбрани текстови за поголеми празници или во чест на поголеми светители. Оваа половина започнува на Ново лето (1 септември) и завршува на 31 август следната година.

На крајот доаѓа кругот од единаесет воскресни евангелија на утрена и групата општи евангелија на светителите и „господските" празници.

Во разни типови апракоси редоследот на овие кругови може да биде различен. Така, на пр. во Македонското евангелие на поп Јована[4] воскресните евангелија на утрена не се на крајот, туку веднаш по ев. на Велика сабота, на крајот од Велигденскиот круг.

Во зависност од количината на текстот што го содржат, апракосите се делат на празнични, кратки и полни. Трите основни видови апракоси се изделуваат само врз основа на разликите што постојат во т.н. подвижни четива.

Празничните апракоси се многу ретки, содржат најмалку текст и не се посебна книга на Евангелие, туку заедно со нив влегуваат и апостолски четива, коишто се исто така поделени по денови и секогаш им претходат на евангелските четива.

Во циклусот од Велигден до Педесетница (вклучувајќи го и Дуовден) во кратките апракоси има четива за сите денови во седмицата. Потоа од Педесетница до Постот наоѓаме четива само за саботите и неделите. Во страсната седмица има повторно текст за сите денови,

---

[4] Владимир Мошин, Македонско евангелие на поп Јована, Институт за македонски јазик, Едиција „Стари текстови" I, Скопје 1954.

вклучувајќи го и петокот, за литургиите. Во постарите апракоси ги нема и евангелијата на утрена. Од македонските кратки апракоси најстаро е глаголското Асеманово ев. од крајот на X – почетокот на XI век, што сега се чува во Ватиканската библиотека, сигн. Slav 3. glag.

Во кратките апракоси влегуваат одвај половината четива што ги содржат полните апракоси, зашто во полните апракоси влегува речиси целиот текст од четвороевангелието, при што некои четива се повторуваат и по неколку пати. Во полните апракоси влегувале исто така доста долгите утрински чтенија за шестата седмица од Постот, коишто ги нема во најстарите словенски кратки апракоси. Покрај тоа, четивата за секој ден во текот на целата година се обично подолги кај полните апракоси. Во полните апракоси има четива за сите денови во седмицата во 15-17-те седмици според Матеја од Велигден до Педесетница и потоа до Ново лето, во 17-те седмици според Лука од Ново лето до Постот, како и во месопусната седмица. Во сиропусната седмица има четива само за пет дена, а во шесте седмици од Постот (40 дена) има четива само за саботите и неделите, т.е. исто како во кратките апракоси.

При описот на содржината на полните апракоси кажавме дека тие се состојат од два дела, меѓу кои има принципиелни разлики. Првиот дел содржи четива што се врзани за т.н. црковна година, почнувајќи од Велигден. Вториот дел, синаксарот, содржи четива што се читаат во определен ден од секој месец, почнувајќи од Ново лето (1 септември).

При класификацијата на словенските полни апракоси според нивниот втор дел (синаксарот) треба да се имаат предвид овие податоци: на кој датум, во чиј помен и кој текст се чита. Така, за определен ден може: да има текст, да има упатување на друг ден од астрономската, па дури и од црковната година и воопшто да не биде обележен.

За попрецизно групирање на полните апракоси неопходно е да се изврши анализа на структурата на двата дела, но, сепак позначаен е првиот дел.

Текстолошките истражувања што се вршени врз повеќе словенски полни апракоси од XII до XIV век (од Л.П. Жуковскаја, Ј. Врана, К. Хоралек, И. Бернс, О. Недељковиќ, како и од нас) покажуваат дека врз основа на композицијата на четивата за сите денови во седмицата, освен саботите и неделите, во циклусите од т.н. црковна година (т.е. во првиот дел од апракосот) ракописите можат да се поделат во два основни типа словенски полни апракоси.

Едниот тип е репрезентиран во сите руски полни апракоси (повеќе од 150), но како основен претставник на овој тип се зема Мстиславовото ев. од 1115-1117 год.[5], зашто е старо, одлично зачувано и го содржи це-

---

[5] Л. П. Жуковская (коавтор и редактор), Л. А. Владимирова, Н. П. Панкратова, Апракос Мстислава Великого, Москва 1983.

лиот текст на апракосот, па дури и некои четива се повторуваат и по неколку пати. Текстот е секогаш испишан целиот, нема упатувања.

Во овој тип полн апракос спаѓаат и петнаесетина јужнословенски полни апракоси, меѓу кои и македонските: Калиниково и Лесновско евангелие од крајот на XIII или поч. на XIV век што претставуваат ист ракопис (сигн. III b 22 и IV d 12 во Архивот на ХАЗУ), Карпинското ев. од втората четвртина на XIV век (ГИМ, Москва, Збирка на Хлудов, бр. 28 I 101),[6] Радомировото ев. од средината на XIII век (ХАЗУ, сигн. III b 24 (Михановиќ 6),[7] Македонскиот ев. текст од XIII век (Библ. на РАН, Санкт Петербург, Збирка на Срезневски бр. 1).[8] Од ист структурен тип се и десетина српски полни апракоси, од кои ги наведуваме Вуканово ев. од 1201-1208 год., Дечанско ев. од XIII век (ман. Дечани, ЗЦ 1), Хилендарско ев. од XIII век (Хилендар, бр. 8), Ев. на Никола Стањевиќ од XIV век (Хилендар, бр. 14). Од нив најзначајно е Вукановото ев. кое има македонска предлошка и по својата структура е најслично со Радомировото ев.[9] Покрај композицијата на четивата и лексичкиот состав на овие полни апракоси во кои среќаваме редица русизми[10], руското потекло на нивниот протооригинал може да се претпостави и со нивната илуминација (особено во Карпинското ев.)[11] која неверојатно потсетува на илуминацијата на руските полни апракоси.

Во вториот тип полни апракоси спаѓаат единствено српското Мирославово ев. за кое се смета дека е препишано од македонски протооригинал помеѓу 1169 и 1190 год.[12] и македонското евангелие од Збирката на В. И. Григорович бр. 9 што се чува во Росијскаја библиотека во Москва. Според водениот знак што се наоѓа на листовите од бомбицина ние го датиравме овој ракопис помеѓу 1301 и 1307 година.[13]

---

[6] Вангелија Десподова (коавтор и редактор), К. Бицевска, Д. Пандев, Љ. Митревски, Карпинско евангелие, Институт за старословенска култура, Едиција „Македонски средновековни ракописи" IV, Прилеп-Скопје 1995.

[7] Радмила Угринова-Скаловска, Зденка Рибарова, Радомирово евангелие, Институт за македонски јазик, Едиција „Стари текстови" IV, Скопје 1988.

[8] Вангелија Десподова, Проучавање и издавање јужнословенских пуних апракоса, Трећа међународна хиландарска конференција, САНУ, Зб. „Проучавање средњовековних јужнословенских рукописа", Београд 1995, 95-102.

[9] Вангелија Десподова, Карпинското евангелие и неговото место меѓу словенските полни апракоси, Slovo 36 (1986), Zagreb 1986, 171-184.

[10] Така, на пр., издавачите на Радомировото ев. од средината на XIII век (Радмила Угринова-Скаловска, Зденка Рибарова, Радомирово евангелие, Институт за македонски јазик, Едиција „Стари текстови" IV, Скопје 1988, стр. 16, 22, 26, 34, 60 и 78) нотираат повеќе руски правописни и морфолошки црти.

[11] Вангелија Десподова (коавтор и редактор), К. Бицевска, Д. Пандев, Љ. Митревски, Карпинско евангелие, Институт за старословенска култура, Едиција „Македонски средновековни ракописи" IV, Прилеп-Скопје 1995, 16.

[12] Enciklopedija Leksikografskog zavoda, Zagreb 1961, t.IV, 209.

[13] Вангелија Десподова, Григоровичево евангелие бр. 9, Институт за старословенска култура, Едиција „Македонски средновековни ракописи" II, Прилеп 1988.

Во структурата на словенските четвороевангелија и кратки апракоси не се забележуваат некои суштински разлики во зависност од јазичната редакција на која ѝ припаѓаат. Напротив, кај полните апракоси се покажува како значајна нивната припадност кон определена јазична редакција.

За територијалната припадност на првобитниот текст на полниот апракос од досегашните истражувачи се изнесени дијаметрално различни становишта. Така, Г. А. Воскресенски ја нарекува втората редакција, во која ги сместува полните апракоси, староруска. М. Н. Сперански ја врзува за источна Бугарија, за школата на Константин Презвитер. Л. П. Жуковскаја го остава отворено прашањето за потеклото на полните апракоси, но за источнословенската територија таа претпоставува дека полниот апракос се појавил најдоцна во почетокот на XII век, кога се напишани двата најстари руски полни апракоси – Мстиславовото ев. од 1115-1117 год. и Јурјевското ев. од 1118-1128 год.[14] За Јосип Врана старословенскиот превод на Евангелието бил само еден и немал форма на краток апракос, туку на полн апракос.[15] Олга Недељковиќ ја прифаќа тезата на Воскресенски и смета дека редакцијата на полниот апракос настанала во Русија кон крајот на XI век. Во времето на повторното воспоставување на српската и на бугарската црква кон кр. на XII – поч. на XIII век оваа редакција е пренесена на Балканот.[16] Со нејзините ставови се согласува и Лешек Мошињски.[17]

Во текот на 27 години, почнувајќи од својата докторска теза („Јужнословенскиот полн апракос", Скопје 1980), во своите истражувања повеќе пати се навраќавме на проблематиката на полниот апракос, при што за Григоровичевото ев. бр. 9 и за Карпинското ев. (како коавтор и редактор) подготвивме и критички изданија.[18] Според нас, при определбата на територијалната припадност на првобитниот текст на

[14] Л. П. Жуковская, Текстология и язык древнейших славянских памятников, Москва 1976, 266-269.

[15] Своите ставови Ј. Врана ги излага во повеќе свои научни трудови, а особено во: Najstariji hrvatski glagoljski evanđelistar, Posebna izdanja SANU, knj. 484, 1975; истиот, Problematika postanka staroslavenskog prijevoda evanđelja, Prilozi HFD, Zagreb 1978, 163-168.

[16] О. Недељковић, Редакције старословенског јеванђеља и старословенска синонимика, зб. Кирил Солунски II, Скопје 1970, 269-278.

[17] L. Moszynski, Staro-cerkiewno-slowianski aprakos, Studia z filologii polskiej i slowianskiej 2, Warszawa 1957, 373-395; истиот, Studia L.P. Zukowskiej nad cerkiewnoslowianskimi ewangeliarzami, Rocznik slawistyczny 31 (1970), I, 89-97; истиот, Aktualne problemy tekstologiczne najstarszych staro-cerkiewno-slowianskich ewangeliarzy. Међународни научни скуп „Текстологија средњовековних јужнословенских књижевности", Београд 1981, 171-181.

[18] Вангелија Десподова, Григоровичево евангелие бр. 9, Институт за старословенска култура, Едиција „Македонски средновековни ракописи" II, Прилеп 1988; Вангелија Десподова (коавтор и редактор), К. Бицевска, Д. Пандев, Љ. Митревски, Карпинско евангелие, Институт за старословенска култура, Едиција „Македонски средновековни ракописи" IV, Прилеп-Скопје 1995, 16.

полниот апракос од досегашните истражувачи не било земано предвид дека постојат два типа полни апракоси – типот на руските Мстиславово и Јурјевско ев., на Балканот претставени од типот на српското Вуканово и македонското Карпинско ев. и вториот тип полн апракос кој е застапен само на Балканот и тоа во српското Мирославово ев. и во македонското Григоровичево ев. бр. 9.

Сметаме дека типот полн апракос што е претставен во Мир Грг 9 е поархаичен од оној во Мстисл Јур Вук Крп. Ова становиште ќе го поткрепиме со повеќе аргументи.

Лингвистичката анализа на Григоровичевото ев. бр. 9 дозволува да се изведе заклучок дека ракописот го пишувале четворица писари (еден главен, другите го заменувале) и кај сите е одразен македонски дијалект од југозападен тип, т.е. дека во ракописот се одразени карактеристични особености на Охридската книжевна школа.[19] Истите јазични особености се карактеристични и за предлошката од која е препишано Мирославовото ев.[20] Тоа значи дека нивниот протооригинал е поврзан со Климентовата традиција во рамките на Охридската книжевна школа. Ова го докажавме кога успеавме врз основа на водениот знак, сличен на грчката буква *кси*, што се наоѓа на листовите од бомбицина, точно да го датираме Грг 9. Датирањето на Грг 9 со 1301-1307 година е посебно значајно, зашто со тоа се докажува дека овој ракопис е напишан половина век пред преминувањето на Охридскиот крај во состав на српската држава. Повеќе аргументи сведочат дека заедничкиот протооригинал на овие два кодекси бил глаголски,[21] за разлика од другата група полни апракоси, коишто имаат кирилски протооригинал.

Меѓу заедничкиот праоригинал и Мир и Грг 9 имало повеќе преписи. Мирославовото ев. е постаро од Григоровичевото ев. бр. 9, но во Грг 9 е зачувана постара состојба. Многу е веројатно Грг 9 да е препишано од глаголска предлошка, додека меѓу заедничката предлошка и Мирославовото ев. претходел барем еден кирилски препис. Покрај изборот на поархаични лексеми во Грг 9[22], во прилог на оваа хипотеза е и употребата на грчката буква *ѓама* со бројна вредност 4 како во глаголицата (Мт 6, 22-34 Грг 9 – наспроти Мт 6, 22-33 Мир; Мт

[19] Вангелија Десподова, Охридската редакција на кирилометодиевскиот превод на Евангелието, XIII научна дискусија на Семинарот за македонски јазик, литература и култура, Скопје 1986, 129-145.

[50] Богдань Бѣлбраднкь от Серош (1330, Гл XII 47); Градоѥ Ѕлобраднкь от Сушица (1330, Гл XII 50); Ранко Клюновнкь от Рзиники (1330, Гл XII 55); Коуцоуроубовь ѕеть от Камица, Струмишко (XV в, ВВ XIX 575); Обеѕоглав'чевн от Кроушица, Скопско (1300, Зсп 612); Божнкь Прьчнбраднкь (1348-53, Зсп 685); Гнннь Ракооча от Призренско (1348-53, Зсп 684).

[51] оу Доброслава Вѣтра от Конча (1366, ЗРВИ III 88); Оухнал'ць от Белечане ок. Дечани (1330, Гл XII 70); Ѩна Ѳеплоуха от Струмишко (XV в, ВВ XIX 574); прн Влькоꙗде от Конча (1366, ЗРВИ III 89 и 90), Стаѡ Влькоꙗдь от Конча (1366, ЗРВИ III 83); Живодерь от кат. Кострьчан (1348-53, Гл XV 294); Драж'ко Козодерь от Рзиники (1330, Гл XII 54); Крамоль от Куманово (1330, Гл XII 26); Милошь Лоюшча от Бабе (1330, Гл XII 15); Мѣхоша от Краставляне (1330, Гл XII 37); Неорница от Средно село (1330, Гл XII 26); Доброславь Трьснвалькь от Чабико (1330, Гл XII 22); Чешнбѣсь от Лубница (1366, ЗРВИ III 86), прн Чешнбѣсѣ от Конча (1366, ЗРВИ III 87); Бернславь Лѣпорекь от Чабико (1330, Гл XII 24 и 92); прн Бернѕнме от Конча (1366, ЗРВИ III 88).

[52] ѕа Голоѕловнкꙗ коукѥ от Плава (1330, Гл XII 67); Гюргь Крьшнбабнкь от Голубовци (1348-53, Гл XV 293).

Копрьць, Лоꙁа, Модра гора.[53] От асоциации с животинския свят са възникнали прозвища като Ѥжь, Лисица, Моуха.[54]

Ако не се броят случаите на пряко назоваване на професията на даден жител, *социалният статус* се използва сравнително рядко с индивидуализираща функция, напр.: Голькласъ, Бабоуньць, Бањальць.[55]

И така, извършеният анализ на засвидетелстваните в разгледаните източници антропоними позволява да се направят следните заключения:

1) В **етимологически план** средновековният антропонимикон на православните славяни в Македония и изобщо на Балканите е ясно доминиран от родното езиково градиво. Християнската номенклатура присъства ограничено, а албанските и влашките имена се използват само в съответните етнически групи. Последните се намират под силен славянски асимилационен натиск и затова често явление е комбинация на славянско лично име с албански или влашки патроним, докато обратното е изключение.

2) В **семантичен план** при *първичното именуване* – т.е. на новороденото в рамките на семейния кръг – се наблюдава трайна приемственост спрямо наследената от векове именна система. Не е случаен фактът, че повечето имена не само са общи за южнославянския ономастикон, но имат паралели и в източно- и южнославянските езици[56]. Християнизацията очевидно не е успяла да внесе промени на това битово равнище. То се е оказало особено устойчиво, от една страна, поради консерватизма на патриархалното семейство, където подновяването на имената на по-предната генерация или на други важни представители на рода е било честа практика. От друга страна, в това общество на традиционни ценности, а сигурно и вярвания, изборът на име вероятно е изпълнявал функцията на своеобразно пожелание към новороденото, своеобразен магически акт, призван да осигури не само неговото добруване, но и това на неговите близки. Следствие от това разбиране, а вероятно и от отслабената роля на езическите апотропеични схващания, в антропонимикона на средновековното славянско селище доминират етимони за положителни качества на характера и поведението, внушаващи позитивно послание за техния носител. Поради своята семантична непрозрачност за средновековния славянин християнските имена на се били в състояние да

[53] ωдь Копрнвоу Николоу от Скопско (1336-46, Гл XI 136); Копрьць от Грева (1330, Гл XII 34); Богославь Лоꙁа от Истиники (1330, Гл XII 72); брать моу Модра гора от Злокукяни (1330, Гл XII 18).

[54] Ѥжь от Средно село (1330, Гл XII 25); Градоѥ Лисица от Бабе (1330, Гл XII 15), Лисица от Люболики (1330, Гл XII 11) и от Краставляне (1330, Гл XII 37); Боудиславь Моуха от Сушица (1330, Гл XII 50).

[55] Голькласъ от Чабико (1330, Гл XII 23); Бабоун'ць от Папракяне (1330, Гл XII 7); Бањал'ць от Бабе (1330, Гл XII 14).

[56] Достатъчна е само една бегла съпоставка със списъка от имена в **Miklosich, Fr.** Die Bildung ...

отговорят на това изискване. За разлика от пожелателния характер на първичното именуване в семейството при *вторичното*, т.е. при даването на прозвище в рамките на социума, на преден план излизат реалните качества на идивида – външни и вътрешни, чрез които той се отличава от останалите членове на дадената група. Затова при прякорите, както и в самото общество, положителните оценки по правило са рядкост (Лѣпорекъ). Преобладават етимони, изтъкващи някакъв външен дефект на именувания (Клюнъ/а, Прьчибрадъ, Рогооухъ), характерна особеност в неговото поведение (Крамолъ, Лоѥшча, Неѡрица) или напомнящи за някаква екстремна случка от живота му (Вльконадъ, Живодеръ, Коꙁодеръ).

### *Цитирани източници:*

| | |
|---|---|
| 1296 | крал Милутин за м. Никола Врански (по Гл XLVII, с. 224-226 и Зсп, с. 579-581) |
| 1300 | крал Стефан Урош II Милутин за ман. „Св. Георги“ до Скопие (по Зсп, с. 608-621 и СпМ I, с. 209-238) |
| 1302-21 | архиепископ Сава III за м. Хилендар (по ВВ XIX, с. 410-414) |
| 1313-46 | крал Стефан Урош за м. Хилендар (по ВВ XIX, с. 449-451) |
| 1330 | Дечански хрисовул (по Гл XII, с. 1-67) |
| 1336-46 | крал Стефан IV за м. Хилендар (по Гл XI, с. 130-137) |
| 1343 | цар Стефан Душан за м. Хилендар (по ВВ XIX, с. 473-476) |
| 1344 | цар Стефан Душан за м. Хилендар (по ВВ XIX, с. 476-478) |
| 1346 | инвентар на манастир в Хтетово (по ВВ XIX 483-489) |
| 1348-53 | цар Стефан Душан за м. „Арх. Михаил и Гавриил“ в Призрен (по Гл XV 266-310 и Зсп 682-701) |
| 1350 | цар Стефан Душан за Иванко от Щипско (по Зсп, с. 305-306) |
| 1354 | цар Стефан Душан за м. Хилендар (по ВВ XIX 514-516) |
| [след] 1366 | Кончански практик (по ЗРВИ III, с. 85-91) |
| XV в. | Хилендарски практик (по ВВ XIX, с. 568-579) |

### *Използвани съкращения*

| | |
|---|---|
| ВВ XIX | Actes de Chilandar. B. Actes slaves. Publ. **B. Korablev**. – Византийский временник, XIX, 1915, 369-635. |

| | |
|---|---|
| Гл XII | **Милојевић, М.** Дечанске хрисовуље. – Гласник Српског ученог друштва. Други разред, XII, 1880, 1-137. |
| Гл XV | **Шафарик, Я.** Хрисовуља цара Стефана Душана, којом оснива монастир св. Архангела Михаила и Гавриила у Призрену. – Гласник Српског ученог друштва, XV, 1862, 266-310. |
| Гл XLVII | **Јастребов, И.** Препис хрисовуља на Цетињу о манастиру св. Ніколе на Врањини. – Гласник Српског ученог друштва, XLVII, 1879, 219-231. |
| ЗРВИ III | **Соловјев, А.** Кончански практик. – Зборник Радова Византолошког института, III, 1956, 89-112. |
| Зсп | **Новаковић, Ст.** Законски споменици српских држава средњега века. Београд, 1912. |
| СпМ I | Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија. Т. I. Ред. **В. Мошин**. Скопје, 1975. |

*Кита Бицевска*

# ДИЈАЛЕКТНАТА ИЗДИФЕРЕНЦИРАНОСТ НА МАКЕДОНСКИТЕ РАКОПИСИ ОД XIII И XIV ВЕК

Во XIII и XIV век на територијата на Македонија со својата просветителска и книжевна дејност се актуализираат повеќе културни средишта и манастири, како продолжение на една постара книжевна традиција – Охридската.

Постоењето на овие културни средишта се поврзува со Кратовско-Лесновскиот книжевен круг, лоциран околу градовите Кратово, Злетово, Крива Паланка, Куманово и Скопје. По паѓањето на Самоиловото Царство, откако Охридската патријаршија била сведена на степен на архиепископија и во неа почнал силно да се манифестира притисокот на грчкото свештенство (Апостолов, Кондев: 1974, 629), на овие терени никнуваат повеќе манастири со словенско монаштво и словенски пустиножители. Најпознати се манастирите Прохор Пчињски, Јоаким Осоговски, Лесновскиот, Старо Нагоричино, Матејче, Карпинскиот манастир, Марковиот манастир кај Скопје и други.

Со препишувањето на книгите обично се занимавале духовни лица: монаси, јеромонаси, свештеници, епископи, а понекогаш препишувал и самиот патријарх. Меѓутоа како препишувачи се јавувале и световни лица, таканаречени граматици (Динеков: 1947, 402). Секој пишувач морал добро да го знае јазикот, правописот и краснописот. Препишувајќи еден вид текст и познавајќи го добро јазикот, пишувачот често пати не се држел строго за оригиналот, туку одреден број лексеми, за кои сметал дека не се разбирливи, или дека потекнуваат од протогрчкиот оригинал, ги заменувал со зборови од народниот говор, а често пати внесувал и фонетски особини од својот изговор. Скудните податоци што ги добиваме од јазикот на средновековните текстови, истакнуваше професор Блаже Конески (Конески: 1986, 13) ни даваат ограничена можност за посматрање на дијалектните разлики што во тоа време се зараѓале.

Погрешно би било да се каже дека колку пишувачот бил помалку грамотен, толку повеќе внесувал црти од својот говор. И помалку писмениот книжевник и оној што добро го познавал системот на тој

стадиум од средновековната писменост свесно ги внесувал говорните особености на својот дијалект, зашто тие говорни особености во вид на навики веќе биле оформени на ниво на литературен дијалект. Строгото придржување до нормите на црковниот јазик и до оригиналот на ракописот биле голема пречка за реализирање на она што било изговорна навика на пишувачот, така што се случува таа да биде потврдена и во единствен случај, како што е примерот цръкеноѵ во Станиславовиот пролог на 202 страница, кој претставува најрано фиксиран пример на замена на почетното чр- со цр-.

Една од главните особености на ракописите кои се произлезени од Охридската книжевна школа е мешањето на назалните вокали, т.е. пишувњето на ѧ место ѫ и обратно. Појавата ја илустрира Емилија Црвенковска во Загрепскиот триод од првата половина на XIII век, како и Весна Костовска во Македонско четвороевангелие од крајот на XIV век.

Замената на носовките со ѧ, о, оѵ, ь, ъ, є, ѣ во македонските средновековни ракописи е одраз на промената која настанала во нивниот изговор, т.е ја потврдува загубата на нивниот назалитет. Таа промена не е еднакво спроведена во сите ракописи. Во ракописите од Охридската книжевна школа, која како што е познато, е во својот најголем подем од X до XII век, носовката од заден ред се заменува со ъ, а носовката од преден ред со є и јат.

Особено е важна замената меѓу ѫ и ѧ во Македонското евангелие на поп Јована (во акузатив еднина ж. р.: видѣвъ вѣрѧ 29 v, нѧ побѣдѧ 129, простєрь рѫкѧ 33v, во 1 л. едн. сегашно време: приимѧ 11, во 3. л. множ. сегашно време: сьвѫждѧт сѧ 20v) и во Лобковскиот паримејник (вь водѧ 10v, 110, вь дльготѧ 72, влагаѩ 69, оудрьжѧ сѧ 80 итн.). Оваа замена би можела да значи натамошен стадиум во развитокот на рефлексот на носовката од заден ред со премин од затворен изговор на ѧ во отворен изговор, познат денеска на еден широк појас во западна и источна Македонија (Конески: 1977, 46). Случаи на замена ѧ за ѫ се нотирани и во Шафариков триод од XII век: омаѵєнию, сасѫдє (Конески: 1977, 46).

Потврдите на замена на ѧ за ѫ во некои ракописи, како на пример во Радомировото евангелие, не би требало да се објаснуваат како дијалектни особености, туку како морфосинтаксички промени или грешки (видѣ симона и андрєа 61b, старѣишина ... глѫ̄ 173 (м. глѧ̄).

Меѓусебните замени меѓу ѫ и оѵ можат да бидат одраз на говорот на пишувачот, појава особено изразена во вториот дел на Зегрепскиот триод, испишан од раката на вториот писар, каде стои: соѵдити, соѵбота, моѵка и сл. (Црвенковска: 1999, 70), а може да претставуваат и одлика на препишувачката школа, доколку се знае на која школа ѝ припаѓа ракописот, како што на пример со бројноста на таквите замени се издвојуваат Радомирово и Кратовско евангелие и Верковиќевиот апостол, за кои

науката досега со сигурност се искажала дека ѝ припаѓаат на Кратовско-Лесновската книжевна школа (Бицевска: 2000, 11-16).

Графиите -ша во 3 л. множ. аорист во Крат и Рад и -ца во номинатив и акузатив множина кај именките од женски род наоѓаат подлога во дијалектната ситуација во северна Македонија.

Графијата -ца се однесува на помал број ракописи и им дава чисто регионална дијалектна карактеристика (Угринова-Скаловска: 1982,72). Изоглосата -це со промена -ца се отклонува источно од главната изоглосна група, која ја означува границата помеѓу западните и источните говори со правец на движење кон североисток (Видоески: 1960/61, 27). Замена на старата група цѣ со **ца** денес наоѓаме во тиквешко-мариовските говори, како и во говорите во Штипско и Малешевско. Во тие говори пред сè стои *цал, цади, цалина, цалувам* (Маневиќ: 1952, 36; Конески: 1986, 44).

Ваквиот развој на ѣ укажува на источномакедонско потекло на група ракописи како што се Струмички апостол, Хлудов триод, Добрејшово евангелие и други. Доколку оваа локална црта на ракописите не била преземена од нивните предлошки, таа може да сведочи за една меѓудијалектна циркулација на пишувачите или на ракописите.

Образувањата од типот погрибати Јов 11v, Стан 166v, погрибааше Стан 99, посмиѩ сѧ Стан 38v, се особено фреквентни во современите североисточни говори.

Ни се чини дека имаме основа да не се согласиме со тврдењето на Шчепкин дека пишувањето ноужда е одлика на бугарските текстови, а нѫжда одлика на македонските. Кога го тврди ова, тој ги поставува во ист ред образувањата од основата нѫд- / нѫжд- со образувањата од основата гнѫс-, притоа наведувајќи ги нивните современи форми во Штипско *ѓнасно* и *нужда,* односно охридските *ѓнъсен* и *ӣонуда* (Щепкин: 1906, 143). Шчепкин не ја зел предвид употребата на овие графии на поширокото македонско јазично подрачје на кое се преферирале формите со **у**: *нужда, нужен, ӣонуда, ӣонуди* (глаголска форма), додека гнѫс- во современиот македонски јазик се рефлектирало и како *ѓнусен* (северните говори), и како *ѓнасен* (во источните и централните и како *ѓнъсен* (во западните и јужните говори). Поради малата фреквентност на образувањата од коренот гнѫс-/гноус- (ги има само во псалтирот), останатите ракописи од XIII и XIV век не ни нудат материјал за нивната распределеност.

Што се однесува до дублетните образувања од типот сѫмьнѣти / соумьнѣти / съмьнѣти, како форми кои директно се адаптирале на поширокиот македонски јазичен ареал, веројатно се образувањата со коренот съмьн-, и тоа не само поради нивната фреквентност во македонските средновековни ракописи туку и според нивната адаптираност во современиот македонски јазик. Имено, вокалот **о** во денешните *сом-*

*нение, йосомнева* и сл. може да биде само директен рефлекс на силниот ер од образувањата со съ-. Сп.: сьмнєниє Верк 3v, 55, сьмнєниꙗ Струм 3v, оусьмнѣвше сѧ Крат 38, оусъмна Јов 33v. Образувања со истиот корен се среќаваат и во постарите Охридски апостол, Слепченски апостол, Болоњски псалтир и други.

Варијантите противѫ / противоу не би требало да ги сметаме за дијалектни разновидности со оглед на тоа што противоу го среќаваме само во Радомирово евангелие на 160с и во Македонско евангелие на поп Јована на 79, го има и во Македонско четвороевангелие на 46, со претпоставка дека биле преземени од нивните предлошки. Пишувањето противѫ би го окарактеризирале како хронолошка црта од поново време, наспроти противоу кое се употребува уште во Мар и Сав (Щепкин: 1901,74).

Формите моа, твоа, своа, краа, во кои отсуствува јотацијата, одразуваат жив народен изговор, бидејќи наоѓаат соодветство во современите македонски говори, пошироко.

Во историјата на старословенската писменост немаме податоци за редовно бележење на акцентот сѐ до XIV/XV век, исклучувајќи ги Киевските ливчиња, за чии знаци, слични на акцент, науката искажала сомневања (Nedeljkovic: 1964, 25-53).

Од акцентираните текстови за кои се знае со сигурност дека биле пишувани во Македонија се Зографскиот пролог од XV век, пишуван во Дебарско, Српски законик, препишан во Кратово 1466 година, Библејските книги на Григорович од XVI век.

Акцент бележат и Кратовско евангелие, Верковиќев апостол и Лесновски паренезис, сите од втората половина на XIV век. Последниве три ракописи употребуваат оксија, варија и кендем, според воспоставената традиција по углед на грчките текстови (Карскиј: 1928, 227). Тој е слободен, т.е. се бележи на кој било слог од зборот, што како акцентски тип им е својствен на современите североисточни говори (Видоески: 1962, 94-124). Повеќе примери покажуваат дека тој е поместен кон почетните слогови на зборот, дури и на четвртиот слог од крајот, што исто така наоѓа паралели во кумановскиот и во другите северни говори (Видоески: 1962, 94).

Со неколку интересни јазични особености типична дијалектна припадност кон западните говори покажува Македонското четвороевангелие од крајот на XIV век.

Употребата на повратната заменка во составот на сѧ што потсетува на современата дијалектна употреба во дебарскиот говор со значење 'одделно, посебно' е забележана во примерите: аще домъ на сѧ раздѣлит сѧ Mr 3,24, вьсѣко црство раздел сѧ на сѧ Мт 12,25 (Костовска: 2003, 32).

Кај глаголите од III група има случаи кога наместо наставката -ѫтъ за 3 л. множина се јавува наставката -ѧтъ: ѕвиать, послоушаать, выкаать. Во говорите на нашето западно пограничје (дебарскиот, охридскиот и др.)

се обопштила наставката *-ет* (од -ѧтъ): *везет, носет, викает* (Костовска: 2003, 38).

Не ретко старите текстови документираат вкрстување и симбиоза на разни литерарни традиции. Еден од најпознатите такви текстови е Радомировото евангелие од XIII век (З. Рибарова:1985, 168) и Станиславовиот пролог, препишан во 1330 година во Лесновскиот манастир. Така авторката на монографијата *Лексиката на Станиславовиот пролог*, Катица Трајкова открива неколку интересни македонизми во нејусовиот дел на Прологот, пишуван со српски правопис, а тоа се: синапъ, калоүгєрица, тиква, ковачь, тєтъка (Трајкова: 2002, 101).

На крај да заклучиме дека, и покрај тоа што македонската писменост во XIII и XIV век ја делат два до три века од времето кога во Македонија силен подем има Охридската книжевна школа, која ги дала најпознатите македонски ракописи, нејзиниот авторитет продолжува и во следните векови. Но сепак дијалектната припадност на ракописите доаѓа до израз, особено во XIII и XIV век.

### *Лиѿераѿура:*


1. **Апостолов А.**, **Кондев Т.** и др.: *Злеѿовскаѿа обласѿ*, Скопје 1974
2. **Бицевска К.**: *Правоӣисни и фонеѿски особеносѿи во ракоӣисиѿе од северна Македонија од XIII и XIV век*, Скопје 2000
3. **Видоески Б.**: *Северниѿе македонски ѓовори*, MJ V, Скопје 1954
4. **Видоески Б.**: *Основни дијалекѿни ѓруӣи во Македонија*, MJ, XI-XII, Скопје 1960/61
5. **Динеков Б.**: *Книжевни средища в средновековна България*, Исторически преглед, г. III, София 1947
6. **Карский Е. Ф.**: *Славянская крилловская палеография*, Ленинград 1928
7. **Конески Б.**: *Исѿориска фонолоѓија на македонскиоѿ јазик* (машинопис), Скопје 1977
8. **Конески Б.**: *Исѿорија на македонскиоѿ јазик*, Скопје 1986
9. **Костовска В.**: *Македонско чеѿвороеванѓелие*, Скопје 2003
10. **Nedeljkovic O.**: *Akcenti ili neumi u Kijevskim listicima*, Slovo 14, Zagreb 1964
11. **Рибарова З.**: *Кон линѓвисѿичко-лиѿерарниѿе конѿакѿи во северномакедонскиѿе библиски ѿексѿови*, XI научна дискусија, Скопје 1985
12. **Трајкова К.**: *Лексикаѿа на Сѿаниславовиоѿ ӣролоѓ*, Скопје 2002
13. **Црвенковска Е.**: *Заѓрейски ѿриод*, Скопје 1999
14. **Щепкинъ В. Н.**: *Разсуждение о языке Саввиной книги*, Санктпетербургъ 1901
15. **Щепкинъ В. Н.**: *Болонская псалтырь*, Санктпетербургъ 1906

*Лилјана Макаријоска*

# ДЕРИВАЦИЈАТА НА ПРИЛОЗИТЕ ВО МАКЕДОНСКИТЕ ЦРКОВНОСЛОВЕНСКИ ТЕКСТОВИ ОД XIII И XIV ВЕК

Предмет на нашиот интерес е деривацијата на прилозите во македонските средновековни текстови со различна жанровска и територијална припадност пишувани во периодот од XIII до XIV век, а ексцерпирани за проектот *Речник на македонскиūе црковнословенски ūексūови* на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" – Скопје[1].

Во периодот од XIII до XIV век во македонските текстови се следи континуираноста со претходните развојни фази на граматичкиот и лексичкиот систем, односно надоврзувањето на традицијата преку архаични црти карактеристични за канонските ракописи, меѓутоа и навестување за прифаќањето на новите развојни тенденции. И прилошкиот систем главно се вклопува во системот на старословенските прилози (Угринова-Скаловска, Рибарова, 1988 :54), но со определени зборообразувачки иновации.

Во научната литература среќаваме повеќе класификации на прилозите (сп. Марков, 1988) чиешто изделување е засновано на зборовната група и основата од која се изведени прилозите, на зборообразувачките форманти што се придаваат на основата, на можното преминување на одделни зборовни групи во прилози, односно на адвербијализацијата, на продуктивноста или непродуктивноста на одделните прилошки образувања итн.

При поделбата на прилозите во старословенскиот јазик обично се изделуваат првични (најархаични) прилошки форми, прилози изведе-

[1] Опфатени се евангелија: *Сūамаūово* (Stm), *Еванѓелие на ūоū Јован* (Jov), *Радомирово* (Rad), *Карūинско* (Krp), *Краūовско* (Krat), апостоли: *Сūрумички* (Str), *Вранешнички* (Vran), *Карūински* (Karp), *Верковичев* (Verk), псалтири: *Болоњски* (Bon), *Поѓодинов* (Pog), *Радомиров* (Rdm), *Дечански* (Dčn), паримејници: *Гриѓоровичев* (Grig), *Лобковски ūаримејник* (Lobk), коментарот кон Псалтирот, триодите: *Заѓрејски* (Zag), *Орбелски* (Orb), *Хлудов* (Hud), *Шафариков* (Šaf), *Сūаниславовиоū ūролоѓ* (Stan) и *Лесновскиоū ūаренезис* (Les).

ни од заменски основи, прилози изведени од именски основи и прилози изведени од броеви. Според зборообразувачката структура прилозите обично се делат на прости (образувани со суфикси) и сложени (образувани со предлог или составени од два неполнозначни збора).

Се смета дека првичните прилози имаат недоволно јасна етимологија. Меѓу нив се вбројуваат: абиє, акъı, єщє, нъıнѣ, пакъı, понѣ и др. Тие се одликуваат со честата употреба и во старословенските текстови.

Од зборообразувачки аспект прилозите се главно мотивирани зборови, добиени со морфолошко-синтаксички или со лексичко-семантички начин на зборообразување. Според формалната структура, прилозите образувани од придавки се исти како средниот род кај соодветните придавки, а преминуваат во прилози според морфолошко-синтаксичкиот начин на зборообразување т.е. се извршила нивна адвербијализација (Конески К., 1995 :163-164).

Прилозите за место од заменски основи завршуваат на -(ъ)дє, -амо, -ѫдоу, а секој од овие форманти имал специјализирано значење, но тие нијанси мошне рано започнале да се губат.

-(ъ)дє укажува на местото на дејството без оглед на насоката. Со -(ъ)дє се образувани: вьсьдє, досьдє, инъдє(жє), къдє, никъдє(жє), нѣкъдє, овъдє, онъдє, отъсьдє, сьдє.

Меѓу прилозите карактеристични според гласовните особености ќе ги споменеме прилозите сьдє и кьдє што се потврдени во асимилираните форми: ѕдє, гдє. Прилогот сьдє се јавува во формите сьдѣ, сдѣ, сьдє, ѕдє, а интересна е контаминацијата сьѕдє во Rad. Во L17,21 и 23 во Зографското и Мариинското евангелие се јавува овьдє, додека во Rad ωндѣ. Според Угринова Скаловска (1988: 54) писарот секако сметал дека на сьдє логично му се спротивставува прилогот што го напишал, зашто сьдє или овьдє за него биле синоними, што би можело да биде потврда за развојот на современото показно просторнствено значење на овъ/овъдє.

Формантите -амо и -ѫдоу покажувале движење во определена насока кон говорителот или кон некој друг објект или од говорителот.

Со формантот -амо[2] се образувани: дроугоꙗмо, инамо, камо[3], никамо(жє), овамо, онамо, само, тамо(жє), додека со формантот -ѫдоу[4]: вънѣѫдоу, вънѫтрьѫдоу, вьсѫдоу, вьсѫдоу(жє), иѕвъноуѫдоу, иѕѫтрьѫдоу, инѫдоу, кѫдоу,

---

[2] Во старословенските ракописи се потврдени: инамо, камо, овамо, онамо, тамо.

[3] Се забележува разликување на гдє и камо: гдє идєши 179а17Orb꙽ камо идєшє Zag; камо идєши 217d34Orb꙽ гдє грѧдєши Šaf итн.

[4] Во старословенските текстови се документирани: инѫдоу, онѫдоу, иѕвънѫдоу, отънѫдоу, отънѫдоужє, па отънѫдѣжє, ѫдѣжє.

ниотъкѫдоуже; обождоу; овѫдоу, отъвьсѫдоу, отъвьсѫдѣ; отъкѫдоу, отънѣкѫдоу, отънѫдоу(же), отънѫдѣ(же), отъсѫдоу, отътѫдоу(же), ѫтрьѫдоу.

Формантот -гда[5] им придавал на заменските основи значење на време: вьсегда(же), егда(же), иногда[6], когда(же)/къгда, никогда(же), нѣкогда(же), овогда, тогда(же)/тъгда(же).

Со формантот -ако се образувани ***йрилозиите за начин***[7]: дроугоıако, единако, инако(же), како(же), никако(же), нѣкако, опако, тако(же), такожде и др.

Прилозите образувани со формантот -ли, -ль и варијантата -лѣ[8] изразувале количество и степен, сврзани првенствено со поимот за време: коли, коль, колѣ, доколѣ, коли(же), кольми, николи(же), николиждо, отъколѣ, отънели(же), отънелѣже, доселѣ, досели, отъсели, отътоли(же), отътолѣ.

Може да се изделат две групи прилози **од именски основи**. Едните се образувани **од придавки**, а другите се различни **падежни форми на именки**. Сп. болеѫ, неболеѫ.

Прилози образувани од придавки се мошне чести во црковнословенските текстови, завршуваат на -о, а зад палатални согласки на -е (форми за акуз. едн.) или на -ѣ (форми за инстр. едн.): блѫдьно, велико, весело, гладъко, гласьно, добро. Со -е се образувани и прилозите од степенувани придавки: боле, ваще, добрѣе.

Има повеќе прилози на -ѣ во старословенскиот како на пр.: непороучьнѣ (но не и непороучьно што е почесто во македонските црковнословенски текстови), но сепак прилозите на -о се побројни.

Паралелни форми со -о и -ѣ се образувани од некои придавки во старословенските текстови, но не може да се установи разлика меѓу формите на -о и -ѣ: любьзно – любьзнѣ, люто – лютѣ, невидимо – невидимѣ, прилежьно – прилежьнѣ.

Тие се среќаваат и во рамки на еден текст, во XII век во Bit: дивьно – дивьнѣ, а паралелната употреба на овие прилошки форми е особено карактеристична за помладите небиблиски текстови, како на пр. за Hlud: добро – добрѣ, Les: добро – добрѣ, люто – лютѣ, непобѣдимо – непобѣдимѣ; подобьно – подобьнѣ, Stan: издрадьно – издрадьнѣ, неуловѣчьно – неуловѣчьнѣ; мало – малѣ; неподобьно – неподобьнѣ; разлиучьно – разлиучьнѣ, особено во Vtš

---

[5] Покрај правилното нѣкогда спорадично се јавуваат прилозите со овој завршок и со метатеза: вьседга, недга, едга, вьседга и др. Метатезата на групата -гд- во -дг- е позната во Dbm, Slep, Stm, Str, Hlud, Jov.

Во старословенските ракописи се потврдени: вьсегда, овогда, когда, нѣкогда иногда, тогда/тъгда, нѣкъгда, егда, вънегда.

[6] Прилогот за време иногда се заменува со други прилози: нѣкогда, тогда.

[7] Тоа се форми за ср. род. од неколку заменки.

[8] Во старословенските (канонски) ракописи се среќаваат: доселѣ, отъселѣ, доколѣ, дотолѣ, отътолѣ, донелѣже, отънелѣже.

од XV век: достоино – достоинѣ, доуховьно – доуховьнѣ, ꙁавистьно – ꙁавистьнѣ; истиньно – истиньнѣ, любьꙁно – любьꙁнѣ; правьдьно – правьдьнѣ; радостьно – радостьнѣ, во Кп од XVI век: добро – добрѣ, довольно – довольнѣ, достоино – достоинѣ, доушевьно – доушевьнѣ, ꙁъло[1] – ꙁълѣ, истиньно – истиньнѣ, мало – малѣ; неподобьно – неподобьнѣ; правьдьно – правьдьнѣ; подобьно – подобьнѣ.

Од другите наставки -ꙑ[9] по правило се јавува при основи на -ск-: апостольскꙑ, владꙑчьскꙑ, врачевьскꙑ, давꙑдьскꙑ, дѣтьскꙑ, евангельскꙑ, евреискꙑ, жидовьскꙑ, июдеискꙑ, латиньскꙑ, матерьскꙑ, мирьскꙑ(и), мѫжьскꙑ, мѫченичьскꙑ, немьнишьскꙑ; юношьскꙑ, царьскꙑ.

Прилозите образувани од именки (беспредложни или предложни) се всушност стари акузативни форми: дьньсь, вечеръ, оутро, генитивни: искони, испрьва, отъпрьва, вьчера, или локативни форми: горѣ, долоу, ниꙁоу, връхоу.

Се изделуваат и прилозите образувани **од броеви** – прости или редни (инстр. од именски на –ица со број во коренот)[10]: въторицеѫ[11], седморицеѫ, седмерицеѫ, седмицеѫ, седмьседмицеѫ, десѧторицеѫ, мъногократицеѫ, мъножицеѫ.

Се употребуваат и образувањата со -кратꙑ[12]: дъвакратꙑ, дъвоекратꙑ, трикратꙑ, седмькратꙑ, седмькратъ.

Со -кратꙑ се образувани и прилозите: елькратꙑ, елькрать, еликрать, коликократꙑ, колькратꙑ, колькратъ, мъногꙑкратꙑ, секратъ.

Со -шьди[13] се образувани: дъвашьдꙑ/дъвашьди/дъващи, трищи, седмижьдꙑ/седмишьди/седмищи, мъногашьдꙑ/мъногашьди/мъногащи, мъногѫщи.

Со стара инструментална наставка е образуван прилогот единоѫ.

Прегледот на прилошките форми во текстовите од XIII и XIV век потврдува дека мошне честа е појавата на прилозите настанати преку соединување на предлогот со готовиот прилог: отътѫдоу/отътѫдѣ, доколѣ/доколи, доселѣ: отъселѣ/отъсели, донꙑнѣ, досьде, иꙁдалече, надалече, отъдалече, порано, посрѣдѣ.

Адвербијализацијата на предлошките конструкции е продуктивен начин за збогатување на фондот на прилозите карактеристичен за македонскиот јазик.

9 Во старословенските (канонски) ракописи се потврдени: ангельскꙑ, владꙑчьскꙑ, вьселичьскꙑ, вѣтьскꙑ, вражьскꙑ, грьчьскꙑ, евреискꙑ/еврѣискꙑ, елиньскꙑ, латиньскꙑ, мирьскꙑ, мѫжьскꙑ, плътьскꙑ, пророчьскꙑ, пьсьскꙑ, рабьскꙑ, радьскꙑ, ѫродьскꙑ, роумьскꙑ, словѣньскꙑ, цѣсарьскꙑ, храбрьскꙑ.

10 Во старословенските ракописи се забележани: сътократицеѫ, седмькратицеѫ.

11 Покрај въторицеѫ се среќава паралелно и вьтороє во повеќето македонски евангелски текстови од XII и XIII век.

12 Сп. и во старословенските текстови: ѥлькратꙑ, секрать.

13 Во старословенските текстови се нотирани: дъвашьди, тришьди, мъногашьдꙑ/мъногащи.

Прилозите настанати преку адвербијализација на предлошките конструкции јасно се издвојуваат според својата формална структура – се разликуваат оние што се настанати преку соединување на предлогот со готовиот прилог, најчесто примарен и оние од адвербијализираните предлошки падежи.

Значењето на прилошкиот состав не претставува збир на значењата на компонентите, туку произлегува од функцијата на предлогот и лексичко-семантичкото значење на основата, но како резултат се јавува квалитативно ново значење кое е обично пошироко, поапстрактно од збирот на значењата на конститутивните елементи. Доколку кај нив е можна самостојна употреба надвор од прилошкиот состав, тоа обично не е сосема исто значење.

Има и основи кои самостојно веќе не се употребуваат: наєдинѣ, окрѫгъ, въпрѣкꙑ, искони, въспатъ, вънєзаапѫ, вꙑспрь/вънспрь, безпрѣстани беспрѣстани(и).

Кругот на прилозите настанати по пат на адвербијализација на предлошките конструкции не е затворен, туку остава отворени можности за образување на нови прилози според потребите на комуникацијата и во согласност со развојот на јазичниот систем. За разлика од библиските ракописи кои поради тематската ограниченост, стабилизираноста на текстот и традицијата имаат поограничени можности за употреба на поширок репертоар на адвербијализирани прилошки состави, позасилена продуктивност на овој тип прилошки образувања може да се набљудува пред сѐ во небиблиските текстови, односно во помладите текстови.

Од библиските ракописи со поразновиден репертоар на префиксирани прилози се истакнува коментарот кон Bon каде што се потврдени: исполоу, беспрѣстани, отъдалєчє, отъколѣ, издавьна.

Варијабилноста на прилошките афикси карактеристична за прилозите се должи на меѓусебните влијанија на суфиксите од продуктивните зборообразувачки групи прилози, на синонимните прилошки суфикси и др.

Бидејќи адвербијалните суфикси не се носители на морфолошко-синтаксичките разлики, возможна е појавата на апокопираните вокали и додавањето на асемантичките честици. Сп. отънѫдоу – отънѫдѣ – отънѫдꙑ – отънѫдѫ – отънѫдь; посрѣдѣ – посрѣди; издалєчє – издалєча; довьха – довьхоу; испꙑти – испꙑть – испꙑтоу; напослѣди – напослѣдъ/напослѣдь; ниць – ници – ницє и др.

Некои прилози се одликуваат со завршокот -и што го немаат во старословенските текстови: прьвѣи, сѣмои, малѣи.

Прилозите со бєзъ- и нє- обично се настанати под влијание на грчкиот јазик. Како еквиваленти на грчките прилози со привативен префикс ἀ- се среќаваат номинативните форми за среден род од соодветните придавки со префикс нє-: нєдобрѣ, нєлѣпо, нємокрьно, нєправьдьно, формите нєвидимо, нєврѣдимо, нєвъзбрано, нєдръжимо, нєпохвально, нєисказаньно, што укажуваат на процесот на адјективизација на пасивните партиципи, односно на употреба на номинативната форма за среден род во функција на прилог.

Негацијата нє- служи и како начин за создавање истокоренски антоними што се користат и со стилистички цели.

Многу поретко се јавуваат прилози претставени преку средниот род на придавките изведени со префиксот бєзъ-: бєзавистьно, бєзаконьно, бєзгрѣшьно, бєздоушьно; како и паралелна употреба на форми со бєзъ- и нє-: бєзмилостивьно – нємилостивьно; беспрѣстано – нєпрѣста(нь)но; бєсчьстьно/бєсчьстьнѣ – нєчьстьно.

Во врска со образувањето на прилозите ќе ги споменеме формите со прѣ- изведени од соодветните придавки. Само во химнографските текстови се потврдени: прѣбогатьно, прѣбожьствьно, прѣбыстро, прѣвѣчьноє, прѣкрасьно, прѣмирьно.

Форми со по- за компаратив среќаваме во повеќе ракописи од XII век[14], а во XIII-XIV век покьснѣ, понапрѣдъ, порано со компаративно значење, додека прилозите подробноу, помалоу, помалѣ се јавуваат со партитивно значење.

Експанзијата на редуплицираниот суфикс -ьнъ е карактеристична не само кај придавките образувани од пасивниот партицип, што имаат атрибутивна употреба, туку и кај соодветните прилози: нєописаньно, нєболѣзньно, нєдомыслиньно.

Потврда за продуктивноста на деривацискиот модел со суфикс -ьство во македонските текстови се не само големиот број придавки на -ствьнъ, изведени од овие именки туку и прилозите на -ьствьно[15]: благодарьствьно, божьствьно, добльствьно, дѣвьствьно, єдиносѫщьствьно, нєчоувьствьно, прѣбожьствьно, своиствьно, чоувьствьно.

Посебна група претставуваат сложените прилошки образувања[16] со оглед на нивната застапеност, степенот на продуктивноста на компонентите и зборообразувачките форманти, и нивната улога во збогату-

[14] Во Bit помъного; како и наидобро. Сп. и повышє, почастоу, потънкоу.

[15] Во старословенските ракописи бележиме само: цѣломѫдрьствьно.

[16] Во поглед на припадноста на сложенките кон определена зборовна група, најбројни се придавките (1077), па именките (958), потоа глаголите (243) и прилозите (171). Сп. со благо-: благовольно; благовѣрьно, благогласьно, благозаконьно, благоличьно, благолѣпьно, благооугодьно, со бого-: боговидьно, боговѣрьно, богогласьно, богодоушьно, богозарьно, богомѫжьно, богоносьно,

вањето на црковнословенскиот лексички фонд. Интерес побудуваат сложените прилози чија втора компонента нема самостојна употреба: благодоѵшьно, богодоѵшьно, вьсєдоѵшьнѣ, добровольно, наспроти оние што се јавуваат и како еднокоренски прилози: благоꙁаконьно, боголюбьꙁьно, вьсєвѣрьно, єдиномѫдрьно, єдиногласьно.

Дел од прилозите се зборови со ограничена употреба, односно ретки зборови што ја дополнуваат претставата за употребуваниот црковнословенски лексички фонд. Пр. во Orb: беꙁдоѵшьно, дѣвьствьно, єдиноoѵмьно, льстьно, лѫкавьно, мъноголѣтьно, наоѵтро, прѣбожьствьно, сильнѣ, словєсьно, ѵюдьно.

Се смета дека антонимијата е мошне карактеристична не само за придавките туку и за прилозите. Пр.: вышнѣ – нижнѣ, дєсно – лѣво/шоѵє, тѣлєснѣ – доѵшєвнѣ, ꙁимѣ – лѣтѣ, въсєгда – никогда, ꙁлоє – доброє.

И од синхрониски аспект прилозите се добиени преку продуктивни зборообразувачки модели од сите полнозначни зборовни групи (сп. Марков, 1983: 7-19; 1986: 63-76; 1987: 63-75; 1988:67-86). Суфиксните прилошки образувања од именки се остатоци од падежни форми од синтетичката деклинација. Во историскиот развој на современите словенски јазици одделни типови прилози ја изгубиле својата продуктивност и оставиле ретки траги, а дошло до изделување на понови типови прилошки образувања.

богопокорьно; со веле-: велегласьно, велемѫдрьно, вьсе-: вьсєвѣрьно, вьсєдостоино, вьсєдоѵшьно, вьсєславьно.

## *Литература*


1. *Граматика на старобългарския език* (ред. Дуриданов, Дограмаджиева, Минчева), БАН, София 1993, 314-324
2. **Jahn, J.**: *Slovanské adverbium*, Praha 1966
3. **Конески, Бл.**: *Граматика на македонскиот литературен јазик*, Скопје 1954
4. **Конески, К.**: *Зборообразувањето во современиот македонски јазик*, Скопје 1995
5. **Корубин, Б.**: *За сложените придавки со прилог како прва компонента во македонскиот јазик*, MJ XIX, Скопје 1968, 139-151
6. **Марков, Б.**: *Типови прилози образувани од именки*, ГЗбФФ, кн. VIII-IX, Скопје 1982-1983, 7-19
7. **Марков, Б.**: *Продуктивни и непродуктивни типови прилози во македонскиот јазик*, Предавања на XIX семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје1986, 63-76
8. **Марков, Б.**: *Сраснати и сложени прилошки образувања во македонскиот јазик*, ГЗбФФ, кн. XIII, Скопје 1987, 63-75
9. **Марков, Б.**: *Прилози образувани од зборовните групи: заменки, придавки, броеви*, MJ XXXVIII-XXXIX, Скопје 1988, 67-86
10. **Марков, Б.**: *Типови прилози со експресивно значење*, ГЗбФФ, кн. XVI, Скопје 1990, 113-125
11. **Минова-Ѓуркова, Л.**: *Сложените заменски прилози во македонскиот литературен јазик*, Литературен збор, бр. 2, Скопје 1983, 125-127

12. **Рибарова З.**: *Кон адвербијализацијата на предлошките конструкции (од материјалот на македонските црковнословенски ракописи),* Зборник во чест на Бл. Конески, Скопје 1984, 209-213

13. **Ribarova, Z.**: *Indexy k staroslovenskemu slovniku,* (red. E. Bláhová), Slovanský ústav AV ČR, Nová rada, sv. 16, Praha 2003

14. **Рыжков, Н. С.**: *Морфология и семантика именных (отсуществительных) наречий в древнерусских памятниках XI-XIV веков*, Труды Института языкознания АН СССР VIII, 1957, 490-492

15. **Спасова, А.**: *Словообразователна роля и семантика на представката* без- *в български език*, БЕ, 1, София 1953, 60-65

## СОДРЖИНА


КУЛТУРНО-ЈАЗИЧНИТЕ ИНТЕРФЕРЕНЦИИ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ВО СЛОВЕНСКИ И БАЛКАНСКИ КОНТЕКСТ

*Рина Усикова*
ВРСКИ МЕЃУ МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК И ДРУГИ БАЛКАНСКИ ЈАЗИЦИ ........ 7

*Викшор Фридман*
КУЛТУРНО-ЈАЗИЧНИТЕ ПОЈАВИ КАЈ ЃОРЃИ ПУЛЕВСКИ ........ 15

*Брајан Џозеф*
ОПШТА И ЛОКАЛНА ДИЈАЛЕКТОЛОГИЈА НА БАЛКАНОТ: ПОДАТОЦИ ОД СЛОВЕНСКИТЕ ЈАЗИЦИ ........ 21

*Људмила Миршо*
ФРАЗЕОЛОШКИ СПОРЕДБИ МЕЃУ АЛБАНСКИОТ И МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ........ 31

*Валенѿина Несѿор*
ВЛИЈАНИЕТО НА АЛБАНСКИОТ ЈАЗИК ВО МАЛОПРЕСПАНСКИОТ ГОВОР ОД ЛЕКСИЧКИ АСПЕКТ ........ 37

*Првослав Радиќ*
ЗА ГОВОРОТ НА СЕЛОТО ЈАБУКА ........ 45

*Наѿалија Бороникова, Елена Овчиникова*
ОЦЕНУВАЧКА КОМПОНЕНТА НА ЗНАЧЕЊЕТО НА ЗАМЕНКАТА „ЕДЕН“ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ........ 57

*Јулија Мешчерјакова*
УЛОГАТА НА ОНОМАСТИЧКАТА ЛЕКСИКА ВО НАСТАВАТА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА РУСКОЈАЗИЧНИТЕ СЛУШАТЕЛИ ........ 71

ТРАДИЦИЈАТА И ИНОВАЦИИТЕ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ВО СПОРЕДБА СО ДРУГИТЕ СЛОВЕНСКИ ЈАЗИЦИ

*Влоѓимјеж Пјанка*
РАЗВОЈОТ И СТАБИЛИЗАЦИЈАТА НА МАКЕДОНСКИОТ АНТРОПОНОМАСТИЧКИ СИСТЕМ ВО СПОРЕДБА СО ДРУГИТЕ СЛОВЕНСКИ ЈАЗИЦИ ........ 77

*Димиѿар Пандев*
ОБЕМОТ НА ОПШТЕСТВЕНОУСЛОВЕНИТЕ ЈАЗИЧНИ ПРОМЕНИ ........ 101

*Милена Пшикрилова*
РАЗВОЈОТ НА ИЗРАЗУВАЊЕТО ПРИПАДНОСТ ВО МАКЕДОНСКИОТ, БУГАРСКИОТ И ЧЕШКИОТ ЈАЗИК ........ 107

*Убавка Гајдова*
ЗА ИСТОРИЈАТА И ЗА СЕМАНТИКАТА НА ПЕРФЕКТОТ ........ 113

*Елена Петроска*
ИНФОРМАЦИСКАТА СТРУКТУРА И УДВОЈУВАЊЕТО НА ОБЈЕКТОТ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ВО БАЛКАНСКИ КОНТЕКСТ .......... 127

*Снежана Велковска*
АРХАИЧНАТА ЛЕКСИКА ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК .......... 135

*Лилијана Миодоњска, Драги Стефанија*
ОД ЗАБОРАВЕНАТА ОХРИДСКА ЛЕКСИКА .......... 139

ЈАЗИКОТ НА ЦРКВНОСЛОВЕНСКАТА ПИСМЕНОСТ ВО МАКЕДОНИЈА ВО XIII И XIV ВЕК

*Max Wahlström*
ON THE GRAPHEMICS OF THE KONIKOVO GOSPEL .......... 153

*Људмил Спасов*
ОД МОРФОЛОШКАТА АНАЛИЗА НА ГЛАГОЛСКИТЕ ЗБОРОВИ И ГЛАГОЛСКИТЕ ПАРАДИГМИ ВО ТЕКСТОТ НА КОНИКОВСКОТО ЕВАНГЕЛИЕ .......... 163

*Мария Йовчева*
ОРИГИНАЛНА СЛАВЯНСКА ТВОРБА ЛИ Е СЛУЖБАТА ЗА СВ. МИХАИЛ ВОИН? .......... 183

*Стоја Поп-Атанасова*
НАЈСТАРИТЕ ХИМНОГРАФСКИ ДЕЛА ПОСВЕТЕНИ НА СВ. МЕТОДИЈ .......... 197

*Ванѓелија Деспотова*
МАКЕДОНСКИТЕ ПОЛНИ АПРАКОСИ ВО КОНТЕКСТ НА ДРУГИТЕ СЛОВЕНСКИ ПОЛНИ АПРАКОСИ .......... 205

*Соња Новотни*
РЕФЛЕКСИИ НА НЕКОИ ЗАЕДНИЧКИ ЛЕКСИЧКИ ОСОБЕНОСТИ НА ЈУЖНОСЛОВЕНСКИТЕ АПОСТОЛИ И ВЕРКОВИЌЕВИОТ АПОСТОЛ .......... 215

*Лора Тасева*
ИМЕНУВАНЕТО В СРЕДНОВЕКОВНА МАКЕДОНИЯ .......... 223

*Кита Бицевска*
ДИЈАЛЕКТНАТА ИЗДИФЕРЕНЦИРАНОСТ НА МАКЕДОНСКИТЕ РАКОПИСИ ОД XIII И XIV ВЕК .......... 237

*Лилјана Макаријоска*
ДЕРИВАЦИЈАТА НА ПРИЛОЗИТЕ ВО МАКЕДОНСКИТЕ ЦРКОВНОСЛОВЕНСКИ ТЕКСТОВИ ОД XIII И XIV ВЕК .......... 243

**XXXIV НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА**
**на XL меѓународен семинар за македонски јазик, литература и кутура**

*Редакција:*
**Емилија Црвенковска**, *главен уредник*
**Симон Саздов**, *лекшор*
**Благица Велјановска**, *секрешар*

*Координашор:*
**Лилјана Макаријоска**

*Комйјушерска обрабошка:* **Владимир Тодоров**

*Предна корица:*
Четвороевангелие на манастирот Слепче, XVI век

*Задна корица:*
Иницијал М од Радомировиот псалтир, XIII век

*Печаши:* **„Боро Графика“** – Скопје

*Тираж:* 250

*Сйонзори:*

ИЗВОЗНА И КРЕДИТНА БАНКА
EXPORT & CREDIT BANK

комерцијална банка ад скопје

Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии - Скопје

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

821.163.3. (062)

МЕЃУНАРОДЕН семинар за македонски јазик, литература и култура (40 ; 2007 ; Охрид)
XXXIV Научна конференција на XL меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура : (Охрид, 13.-30.VIII 2007 г.), Лингвистика - Скопје : Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, 2008. - 252 стр. : илустр. ; 24 cm

Фусноти кон текстот. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-9989-43-260-6
1. Гл. ств. насл.
а) Македонски јазик - Собири

COBISS.MK-ID 73127434



ISBN 978-9989-43-260-6



ISBN 978-9989-43-260-6